

# ИСТОРИЈА И ОПШТЕСТВО

ЗА VI ОДДЕЛЕНИЕ

ЗА ДЕВЕТТГОДИШНО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

(Материјали за учење)

Автори
м-р Борче Миревски
Хари Стојаноски
Марина Ѓорѓиева

СКОПЈЕ
Септември, 2023

## ТЕМА: НАСТАНОК НА СТАРИТЕ ЦИВИЛИЗАЦИИ

Старите цивилизации настанале пред неколку илјади години. Во Африка покрај реката **Нил,** во Азија покрај реките **Тигар, Еуфрат, Инд, Ганг, Хоанг Хо и Јангце,** на **крајбрежјето на Средоземното Море**, како и на **Американскиот континент** каде се развила цивилизацијата на Маите.

Во овие делови на светот биле изградени првите градови и градби, биле создадени првите држави, настанале многу религии. Народите на старите цивилизации ги создале броевите, тркалото, календарот и имале големи достигнувања од областа на науките и уметностите. Со појавата и развојот на цивилизациите и со појавата на писменоста околу 3200 година од ст. е. започнала историјата на стариот век кој траел до пропаѓањето на Западната Римска Империја во 476 година од н.е.

**Месопотамија** се простирала помеѓу реките **Тигар** и **Еуфрат.** Реките овозможувале живот. Освен за пиење, водата служела и за наводнување на посевите и за одгледување на домашните животни. Со излевање на реките се создавала плодна почва која давала богати жетви.

Со цел да го регулираат текот на реките, како и да ја искористат водата за свои потреби, жителите на Месопотамија почнале да се организираат и да градат системи од канали, брани и насипи. Овие активности барале добра организација на населението, што, пак, водело кон создавање на првите државни организации **градови држави.** Градовите-држави често војувале меѓу себе, но и се здружувале или биле освојувани од други држави. Првата голема држава во Месопотамија ја формирал **Саргон,** крал на **Акад,** околу 2400 година од ст. е. Стотици години подоцна била основана држава со центар во градот **Вавилон.** Со текот на времето на територијата на Месопотамија се создавале, но и пропаѓале голем број држави.




**Месопотамија**

Во **Африка,** во долината на реката **Нил,** се создале услови за појава на првите населби на луѓето. Таму се развила Старата Египетска држава. Реката Нил извирала од планинските области на Североисточна Африка, а се влевала во Средоземното Море. Излевајќи се од своето корито, во летните месеци ја поплавувала земјата, а по нејзиното повлекување од поплавените подрачја останувала плодна земја која луѓето ја обработувале, и ја засејувале со земјоделски култури.

Поради богатите приноси, Египет и Месопотамија биле нарекувани житници на светот, додека, пак, таткото на историјата, Херодот, го нарекол Египет „Дар на реката Нил“. За да ја зачуваат водата и да ја користат за наводнување на полињата, Египќаните граделе системи од канали, брани и насипи.

Египетската држава била формирана околу 3200 година од ст. е. со обединување на Долен и Горен Египет од страна на египетскиот владетел Менес. Центар на државата бил градот Мемфис. Египетската држава во текот на своето постоење доживеала бројни подеми и падови, сè до нејзиното потпаѓање под власта на Римската Империја во 31 година од ст. е.




**Долината на реката Нил**

Во Азија, по течението на реките **Инд** и **Ганг** имало добри услови за живот. Територијата на Индија била населена уште од најстарите времиња и таму била создадена една од најстарите култури. Таа била позната по непроодните густи шуми и богатиот растителен и животински свет.

Поминувајќи низ својот тек, реките го наводнувале земјиштето и го правеле плодно. Главни занимања на населението биле сточарството, земјоделието и трговијата. Сè што се знае за најстарите народи во Индија е собрано во четири книги Веди (знаење). За искористување на водата и за добивање поголеми приноси, Индијците правеле канали за наводнување, а во полињата сееле јачмен, ориз и одгледувале памук.

Во Индија живееле многу племиња. Овие племиња подоцна биле познати како Хиндуси. Околу 2100 година од ст. е. на оваа територија била формирана старата индиска држава.

Плодната долина по течението на реките **Јангце (**Сина Река) и **Хоанг Хо** (Жолта Река) овозможувала добри услови за развој на живот. По излевањето од своите корита, реките оставале плоден мил. Токму оваа плодна почва овозможувала Кинезите да се занимаваат со земјоделство кое било и нивно главно занимање. Кинезите одгледувале ориз и зеленчук.

За регулирање на текот на водите од реките, Кинезите граделе систем од канали, брани и насипи. Тие имале и свој календар. Кинезите живееле во селски општини.Често војувале со други племиња и народи кои сакале да се населат во Кина. Старата кинеска држава била создадена околу 2300 година од ст. е.




**Стари цивилизации**

**Критската култура** се развила на островот Крит со центар во градот **Кносос.** Според поетот Хомер, племето **Ахајци,** по освојувањето на Крит, прифатиле многу нешта од културата на староседелците. Научиле да одгледуваат винова лоза, маслинки, смокви. Научиле да ја обработуваат земјата, да градат бродови и да пловат. Врз основа на критската тие создале своја култура која била со центар во градот **Микена** по кој го добила името **Критско-микенска култура.**

Оваа култура била **првата високоразвиена култура во Европа.** Тоа го покажуваат остатоците од градбите, занаетчиските работилници, раскошните гробници, лавовската порта, потоа пронајденото оружје, орудија, накит. На Крит биле откриени голем број палати кои биле богато украсени со ѕидни слики. Поетот Хомер ја опеал Критско-микенската култура во еповите **„Илијада“** и **„Одисеја“.**

На Источното крајбрежие на Средоземно Море се простирала **Феникија,** една од најстарите цивилизации која не настанала покрај река. Феникија била поврзана со островите Кипар и Крит, како и со острови во Егејското Море, што довело до развој на поморството и трговијата.

Фојникијците биле познати бродоградители, а во одделни делови на Фојникија постоеле природни услови за развој на земјоделството и овоштарството, додека, пак, во други делови било развиено сточарството. Од земјоделските култури најмногу се одгледувале пченица, јачмен, лен. Фојникијците живееле организирани во градови држави.

Земјата се обработувала со примитивни орудија. Карактеристично за Фојникија било терасестото земјоделие и одгледувањето винова лоза. Фојникија била позната и по производството на ткаенини.

Посебно важна за Фојникија била трговијата со Египет, Месопотамија и Мала Азија. Фојникијците основале колонии во **Средоземното Море**, на крајбрежјето на **Мала Азија,** на островите во Егејското Море, на островите Сицилија и Сардинија, како и во Северна Африка каде што го основале градот Картагина. Во текот на своето постоење, Фојникија подпаднала под македонска власт и станала дел од државите формирани по смртта на Александар Македонски.

**Маите** биле народ кој живеел во **Средна Америка**. Во овие области Маите се развиле како високоразвиена цивилизација, и тоа на територија на која немало големи реки. Маите биле познати како добри градители, со развиена архитектура, уметност и скулптури. Посебно бил величествен **храмот Јагуар** во градот **Тикал,** главно културно средиште на Маите. Маите изградиле и други градски центри. Познат бил и градот **Чичен Ица**. Градовите на Маите биле полни со храмови и пирамиди, па дури и со спортски терени. Околу градовите имало села.

Маите одгледувале пченка, какао, компир, пиперки и сл. Подоцна овие култури биле пренесени во Европа. Тие се занимавале со земјоделство, занаетчиство, трговија, а имале големи достигнувања од областа на науките и уметностите. Цивилизацијата на Маите се развивала во период од 2000 години од ст. е сè до доаѓањето на шпанските освојувачи на американскиот континент.

**Размисли и одговори**

1. Каде биле создадени најстарите цивилизации?
2. Какви биле природните услови во областите каде што настанале најстарите цивилизации?
3. Кои биле главните занимања на населението?
4. Во што се гледаат разликите и сличностите меѓу цивилизациите на Маите, Фојникијците и другите цивилизации на Стариот Исток?

**Научи повеќе**

1. Херодот е познат како **татко на историјата**. Пропатувал низ многу од тогашните познати земји. Од неговата **„Историја“** дело кое се состоело од 9 книги, дознаваме за историјата на Атина, за Старите Грци и за други народи. Пишувал за настаните од Грчко-персиските војни, но и за многу други настани. Оставил многу податоци од областа на историјата, географијата, етнографијата.

2. Од приказните за Тројанската војна, слепиот поет Хомер ги напишал еповите **„Илијада“** и **„Одисеја“.** Во „Илијада“ се зборува за војната на Старите Грци со Троја, а во „Одисеја“ за враќањето на Одисеј дома и за неговите лутања и доживувања по освојувањето на Троја.

3. Според истражувањата на некои стручњаци, чоколадото во својот првобитен облик било во течна состојба и истото не било благо. Ваквото чоколадо било користено уште пред 3500 години, во време на древните цивилизации во Централна Америка.

4. Маите го приготвувале чоколадото на тој начин што го толчеле семето од какао, додавале вода и лута пиперка. Овој напиток се користел во религиски ритуали и бил наречен „храна на боговите“.

**Активности**

**1**. Поделени во групи истражувајте кога настанале, колку траеле и каде се наоѓале старите цивилизации. Секоја група ги обележува на мали историски карти подготвени од наставникот и до обележените места лепи налепница (стикер) со името на цивилизацијата и периодот кога настанала.

Наставникот ја презентира местоположбата на секоја цивилизација одделно. По секоја презентација проверете ја точноста на тоа што самите сте го обележале. На временска линија наставникот кажува по една стара цивилизација, а по еден претставник од групите лепи две налепници на соодветните места на временската лента за да означи кога се појавила и до кога постоела конкретната цивилизација. На крајот, преку заедничка дискусија, споредете ги старите цивилизации врз основа на хронолошкиот редослед на појавување, нивното траење и нивната местоположба.

**2.** Наставникот презентира карта со природно-географските карактеристики (реки, планини, пустини, мориња, прашуми) на конкретна стара цивилизација. (По една карта за секоја цивилизација.)

По презентацијата за секоја цивилизација, поделени во групи, на празна карта на цивилизацијата нацртајте ги и наведете ги презентираните карактеристики. Потоа, во отворена дискусија, констатирајте ги природните услови кои довеле до настанокот на конкретната цивилизација.

Истата постапка повторете ја за сите стари цивилизации и притоа секоја следна се споредува со претходните. На крајот, преку дискусија, изведете заклучок за улогата на природните услови во појавата и развојот на старите цивилизации.

## ЖИВОТОТ НА ЛУЃЕТО НА СТАРИОТ ИСТОК

Главните занимања на народите на **Стариот Исток** и главните извори на нивното богатство биле: обработката на земјата, одгледувањето житни култури, одгледувањето стока, **занаетчиството, трговијата, морепловството, градежништвото, бродоградбата, сточарството, риболовот.**

**Занаетчиите** произведувале предмети потребни за секојдневниот живот на луѓето. На пример, ткајачите произведувале ткаенини, а често за облекување се користела облека од лен, столарите произведувале предмети за домаќинството, грнчарите произведувале садови најчесто од глина, ѕидарите ѕидале објекти...

Египќаните изработувале чунови со кои пренесувале различни производи **пловејќи по реката** Нил. Тие биле познати како добри градители. Се истакнувале во изградбата на системи од канали, брани и насипи со цел да го регулираат течението на реката Нил. На овој начин се развило градежништвото.

Фојникијците тргувале со соседните земји, купувале дрва, а извезувале жито. Најчесто трговијата се сведувала на размена на производи. Голем углед и важно место во државите на Стариот Исток заземале писарите кои имале многу ценет занает. Тие пишувале на **папирус**.

Најголемиот дел од населението на Стар Египет биле **селаните** кои живееле сиромашно. Според записите во папирусите, селаните во Египет биле должни да плаќаат даноци. Тие ја обработувале земјата која била сопственост на фараонот. Живееле на село, во сиромашни куќи, додека, пак, богатите живееле во поголеми куќи со бањи или во дворци опкружени со градини.

Жените се занимавале со трговија. Според Херодот синовите не биле должни да ги хранат родителите, а ќерките морале и ако не сакале. Во делата на старите писатели, зачувани се написи-поуки како младите да се однесуваат кон своите мајки. Освен мажите, со Египет владееле и жени. Познати жени владетелки биле Хатшепсут и Клеопатра.

Во Индија, жените носеле облека направена од памук или ленено платно. Мажите, пак, носеле наметки префрлени преку рамо. Египќаните големо внимание посветувале на хигиената. Облеката која ја носеле била лесна и бела, приспособена на климата. И мажите и жените сакале да се шминкаат и да употребуваат помади, а носеле и накит.

Како **храна** кај народите на Стариот Исток се користел лебот, но и пченицата и јачменот. Жителите на Месопотамија како храна користеле леб, зеленчук, риба, растително масло, урми, маст, грозје, боровинки, мед. Познато е дека знаеле да изработуваат инструменти со кои се славеле божествата и кралевите.

Во Месопотамија, еден дел од земјата им била поделена на селаните под наем, под многу тешки услови. Поголемиот дел од производите тие го давале на сопственикот на земјата. Селаните, исто така, имале должност да ги одржуваат системите за наводнување.

**Градските занаетчии** биле слободни, но не смееле да наплаќаат за своите производи ниту повеќе ниту помалку од цената определена со закон. **Трговците** не биле ограничени со ништо.

Главно занимање на Старите Кинези било земјоделството. Старите Кинези ја познавале техниката на добивање метал и изработка на оружје. Тие ја знаеле и тајната за производство на свила преку одгледување на **свилената буба**. Развиено било и занаетчиството. Изработувале предмети од дрво, садови од бронза и глина, порцелан. Трговијата била доста развиена, посебно со Индија.

Во Индија постоеле социјални разлики меѓу населението кое било поделено во касти. Припадниците на кастите не смееле да стапуваат во меѓусебни бракови. Индијците биле способни занаетчии, градители, научници и уметници и имале развиена култура. Селаните биле должни да даваат дел од своите производи на повисоките касти. Во најтешка положба биле робовите. Според законот, слободен човек можел да убие роб.

**Прашања за дискусија**

1. Кои се заедничките занимања на луѓето од најстарите цивилизации, без разлика на кој континент се наоѓале?

2. Размисли! Како изгледала трговијата меѓу луѓето од древните цивилизации?

3. Зошто жените имале голема улога во семејството?

4. Какво растение било папирусот и за што се користело?

**Научи повеќе**

Папирусот за првпат бил произведен во Египет. Растел во долината на реката Нил. Стеблото било високо 3 метри. Египќаните го обработувале папирусот во ленти кои потоа се лепеле, се сушеле и се свиткувале во свиток. Папирусот се користел и во средниот век. Бил користен сè додека не се појавил пергаментот кој постепено го истиснал папирусот од употреба.

**Активности**

1. Учениците се поделени во пет групи. Секоја група добива (со влечење ливче) задача да истражува за една од цивилизациите (Месопотамија, Египет, Индија, Кина и Маи) и за главните занимања во „својата“ цивилизација. Истражувањата ги прикажува со мултимедијална презентација. Откако ќе бидат прикажани презентациите за сите цивилизации, преку дискусија се утврдуваат сличностите и разликите во застапеноста на занимањата во одделните цивилизации.

2. Поделете се со помош на наставникот во „натпреварувачки“ групи за квиз. Наставникот поставува прашања и користи илустрации на кои се прикажани одделни видови храна, облеки и прослави карактеристични за одделни стари цивилизации. По секоја прикажана илустрација договорете се на која цивилизација ѝ припаѓа и објаснете зошто мислите така! Секоја група дава одговор. Врз основа на точноста на одговорот (наведувањето на цивилизацијата + образложението) може да се добијат од 0 до 5 поени. По одговарањето на секое прашање наставникот го дава точниот одговор и заеднички со учениците се договара која група колку поени заслужила.

По прикажувањето на најмалку 10 различни илустрации се пресметува вкупниот број поени што ги освоила секоја група и се прогласува победник. Заеднички, преку дискусија со сите, се заклучува за секојдневниот живот на луѓето, облеката, храната и прославите карактеристични за различните стари цивилизации.

3. Учениците се поделени во пет групи (по една за секоја цивилизација). Секоја група влече лист со текст кој опишува различни аспекти во врска со положбата на жената во одделна стара цивилизација. Групите треба да го прочитаат текстот и да одговорат на следните прашања во врска со „нивната“ цивилизација:

1) Какво било правото на жената да поседува имот?

2) Што можела да работи (во кои занимања)?

3) Какво било нејзиното право да учествува во власта?

4) Каква била нејзината улога во семејството?

5) Колку биле рамноправни со мажите?

Откако секоја група ќе презентира (во заедничка дискусија со сите), се наведуваат сличностите и разликите во положбата на жената од една до друга цивилизација.

## НАЧИН НА ВЛАДЕЕЊЕ ВО ПРВИТЕ ДРЖАВИ НА СТАРИОТ ИСТОК

Народите на Стариот Исток живееле во мали градови држави на чело со **владетели** кои управувале заедно со „благородниците“. Иако постоеле совети на старци и совет на мудреци, сепак, вистинската власт ја имал владетелот.

Владетелите во Месопотамија имале неограничена власт. Располагале со животот на поданиците и со целата земја. Владетелот бил врховен свештеник и војсководач. Неговата власт била наследна и се пренесувала од колено на колено.

Во Месопотамија било познато **Вавилонското кралство** а најпознат владетел бил **Хамураби.** Тој бил познат по тоа што ги обединил народите на Месопотамија и вовел закони.

Го составил законикот кој во негова чест е наречен **Хамурабиев законик**. Законикот  бил издлабен во камен столб. На столбот е прикажана сцена на разговор меѓу Хамураби и Шамаш, богот на правдата. Овој камен столб се чува во музејот Лувр во Париз, Франција. Законикот бил збирка од наредби за стопанскиот и семејниот живот.

Со египетската држава владел **фараон.** Тој бил почитуван како бог, син на врховниот египетски бог **Амон Ра.** Освен мажи, со Египет, иако ретко, владееле и жени. Хатшепсут била жена владетел на Египет. Била крунисана со сите почести. Се облекувала и се однесувала како маж за да го засили својот авторитет. Изградила многу градови. Клеопатра била последната египетска кралица. Не успеала да ја одбрани својата држава од Римјаните и Египет потпаднал под римска власт.

Поданиците клекнувале на колена пред фараонот и му се поклонувале. Фараонот владеел неограничено, бил врховен свештеник, војсководач, издавал наредби преку своите најблиски соработници − **свештениците** и **војсководачите**. Писарите исто така биле високо позиционирани во државната хиерархија. Тие ги запишувале наредбите што ги издавал фараонот. Со цел да ја зачува својата власт, но и да се спротивстави на нападите на непријателот, фараонот имал војска со која командувале војсководачите. Исто така во хиерархијата на државата влегувале **занаетчиите, трговците.** Во потешка положба се наоѓале **селаните и земјоделците**, додека, пак, во најтешка положба биле неслободните жители – **робовите,** кои ги работеле најтешките работи во државата.

Во Индија пак во меѓусебните борби се создавале големи држави на чело со **махараџи.** Според имотната состојба и положбата во државата, населението било поделено на касти. Меѓу припадниците на различните касти бил забранет бракот, но и преминување од една во друга каста. Владетелите во своето владеење се потпирале врз свештенството и богатите припадници на индиското општество.

Кинеските владетели биле неограничени владетели. Се сметале за сопственици на целата земја и дека имаат божествено потекло. Власта била наследна и се пренесувала од татко на син. Владетелите имале добро обучена војска која била потчинета на владетелот. Кинеските владетели воделе освојувачки војни, но за одбрана од надворешни напади во III век ст. е започнале да го градат кинескиот ѕид долг илјадници километри.

Што се однесува до општественото уредување кај Маите, секој град држава имал свој владетел. Во највисокиот сталеж биле и свештениците кои имале голема улога во животот на Маите. Селаните пак биле задолжени за обработка на земјата, но и за градење на пирамиди и храмови.

**Прашања за дискусија**

1. Кој ја имал целокупната власт во државите на древните цивилизации?

2. Како и кој му помагал во владеењето на фараонот?

3. Во што е значењето на Хамурабиевиот законик?

**Активност**

1. Проследете презентација за улогата на фараоните во Стариот Египет! Потоа, поделени во групи, на лист со нацртана пирамида за внесување на различните нивоа на моќ во општеството распоредете каде се наоѓаат фараонот, свештениците, војсководачите, писарите, селаните, занаетчиите, трговците, робовите.

По дискусија во групата наставникот ја презентира хиерархијата, и групите ги споредуваат „своите“ пирамиди со точната. Низ дискусија се објаснува хиерархијата.

2. Поделени во групи истражете за фараоните Хатшепсут и Кеопс и издвојте по неколку интересни информации од нивниот живот/владеење! На крајот прочитајте ги информациите за секој фараон посебно!

3. Проследете презентација за владеењето во **Месопотамија** и во цивилизацијата на **Маите!** Поделени во групи нацртајте Венов дијаграм во кој ќе ги прикажете сличностите и разликите во владеењето во двете цивилизации! Во Венов дијаграм нацртан на таблата секоја група ги внесува своите заклучоци и сите заеднички, преку отворена дискусија, констатирајте ги карактеристиките на владеењето во двете цивилизации!

3. Учениците се поделени во групи. Секоја група влече по едно ливче на кое е запишан еден од следните закони на Хамураби:

− Доколку некој му го извади окото на друг, ќе биде казнет со вадење на неговото око. Ако некој некому скрши коска, ќе биде казнет со кршење на негова коска.

− Доколку некој удри ќерка на друг слободен човек и предизвика да го изгуби нероденото бебе, ќе плати 10 сребрени шекели (пари).

− Доколку синот го удри својот татко, ќе му се отсечат рацете.

− Доколку куќата падне и притоа загине сопственикот, тој што ја изградил куќата ќе биде убиен.

− Доколку некој украде нешто од храм или од палата, ќе биде убиен.

Дискутирајте за тоа на какво дело се однесува казната во дадениот закон, зошто казнувањето не е фер, како тој закон придонел да се воведе ред во тоа време! Секоја група го запишува „својот“ закон на табла и ги презентира одговорите на прашањата што ги дискутирала.

На крајот водете дискусија! Хамурабиевиот законик послужил да се воведе ред и поредок во Вавилон во врска со различни аспекти од секојдневниот живот на луѓето (семејство, ропство, сопственост, трговија и сл.), но од денешна перспектива правдата не се постигнува преку спроведување сурови казни.

## ВЕРУВАЊЕ И РЕЛИГИЈА КАЈ НАРОДИТЕ ОД СТАРИОТ ИСТОК

Народите на Стариот Исток биле многубошци. Верувале во богови и божества и нив ги замислувале со човечки лик, а некои биле со тело на човек и глава на некое животно. Боговите ги делеле на добри и лоши, ним им принесувале жртви, се молеле и имале стравопочит кон нив, верувале дека од нив зависи секојдневието на луѓето.

Ваквото верување во повеќе божества се нарекува **политеизам**. Познати божества во Месопотамија биле**:** Мардук, кој бил главен бог кој ја создал вселената, но и човекот од своето месо; Иштар, божица на плодноста и војната; Шамаш бог на Сонцето; богот Ашур и други.

Секоја поважна појава во животот на Старите Египќани била поврзана со некое божество. Така, постоел бог на раѓањето, бог на смртта, бог на ловот, бог на водата, Изида − божица на плодноста и мајчинството, Сет − владетелот на темнината и злото и други. Главен бог бил богот на Сонцето, Амон Ра. Сонцето го симболизирало животот.

Свештениците проповедале дека фараоните се божества кои владеат на Земјата и дека секој фараон е син на богот на Сонцето. Египќаните верувале во **задгробниот живот**, верувале дека постои живот по смртта и затоа во **пирамидите**, **гробниците на фараоните,** оставале храна, накит и покуќнина.



Фараон, владетел во Египет



Пирамида и сфинга

Египќаните верувале дека човекот **живее и по смртта,** сè додека е зачувано неговото тело. Затоа, по смртта на фараонот специјално обучени луѓе започнувале со **мумификација** на телото преку негово зачувување со користење разни масла. Телото било замотувано во платна. Вака подготвеното тело се нарекувало **мумија.** Тоа било положувано во сандак (саркофаг), а потоа внесувано и поставувано во специјална просторија во внатрешноста на пирамидата. Секој фараон веднаш по стапување на должност издавал наредба да се отпочне со изградба на сопствена пирамида.

Познато божество во Индија бил богот Брама, творецот на светот, како и богот Вишну, бог кој доаѓа на Земјата за да ги казни злосторниците, Шива, бог на плодноста и милоста. Гуан Ју во Кина бил претставен како воин со долга брада.

**Свештениците** заземале висока позиција во хиерархијата на државата. Тие се претставувале како посредници меѓу божествата и луѓето, проповедале послушност кон владетелот, проповедале дека послушните ќе бидат наградени, а лошите ќе бидат казнети. Свештениците биле богато наградувани од владетелите и имале големо влијание. За боговите и за верувањето кај народите на Стариот Исток настанале многу **приказни и митови** кои ја сочинуваат **митологијата** на еден народ.

Во чест на божествата биле градени **храмови и светилишта** со кои управувале свештеници, а во кои се извршувале **обреди и ритуали**, **се принесувале жртви**, се пееле химни за божествата, сè со цел да се одоброволат боговите и божествата да им се олесни секојдневниот живот на луѓето.



**Остатоци од град на Маите**

**Маите** имале повеќе богови и помали божества кои ги обожавале и почитувале: бог на медицината, на плодноста и вегетацијата, на смртта и судбината, на трговијата, на дождот. Законите на Маите биле тесно испреплетувани со нивната религија. Маите принесувале жртви со цел да ги одоброволат боговите.




**Изглед на саркофаг со мумија**

**Прашања за дискусија**

1. Од кои причини луѓето верувале во богови?

2. Која била причината владетелите да се прикажуваат како синови на некој бог, вообичаено на богот на Сонцето?

3. Каква била улогата на свештениците во управувањето на државата?

**Активност**

1. Поделени во парови, секој пар добива задача да работи на две стари цивилизации (пример: Египет и Индија, Месопотамија и Кина, Маи и Египет, Кина и Индија...) и да подготви презентација (на компјутер или на постер) во која ќе прикаже по еден бог или божица од двете култури, посочувајќи ги следните елементи: 1) името на богот/божицата, 2) цивилизацијата на која ѝ припаѓа, 3) улогата што ја имал/-а, 4) физичките карактеристики или симболот поврзан со него/неа, 5) некој мит или приказна поврзана со богот/божицата.

Секој пар ги презентира „своите“ божества и ги запишува нивните имиња на табла под името на старата цивилизација на која ѝ припаѓаат.

2. Наставникот презентира постер на кој се прикажани (со текст и/или слики) верувањата поврзани со раѓањето, животот и смртта и храмовите/светилиштата во Стариот Египет. Откако ќе ги објасни карактеристиките прикажани на постерот, поделете се во четири групи! Секоја група добива (со влечење ливче) една од другите четири стари цивилизации (Месопотамија, Индија, Кина и Маи) со задача да истражат за верувањата/митовите и храмовите/светилиштата и да подготват постер за неа. Постерите се закачуваат на ѕид и се презентираат. Потоа, наставникот на табла ги запишува следните општи карактеристики на верувањата и религиите:

− политеизам;

− ритуали и жртвувања;

− верување во живот по смртта;

− митови;

− храмови/светилишта.

Во рамки на групите определете ги сличностите (заедничките карактеристики) и разликите меѓу „нивната“ и другите цивилизации во поглед на секоја од наведените карактеристики! Презентирајте пред другите и во заедничка дискусија изведете општи заклучоци кои ги опфаќаат споредбите меѓу сите пет стари цивилизации!

## КУЛТУРАТА КАЈ НАРОДИТЕ ОД СТАРИОТ ИСТОК

Народите на Старите цивилизации во Египет и Месопотамија први во човековата историја создале писменост. Луѓето ги запишувале своите мисли, поуки, наредби кои биле важни за управувањето на државата, но и за другите дејности од областа на стопанството и градежништвото.

Во историската наука е прифатено дека првото писмо се појавило кај Сумерите и Египќаните. Ова писмо било **сликовно** (**пиктографско)**, а се состоело од мали цртежи.

Египќаните пишувале со сликовно, уште нарекувано и **хиероглифско писмо**. Одредени знаци преставувале цртежи на различни предмети и настани. Со ова писмо Египќаните ги искажувале своите мисли и претстави за светот и за околината која ги опкружувала.

Египќаните ги запишувале Хиероглифите на камен, по ѕидовите на објектите кои ги граделе, како и на папирус.



**Хиероглифско писмо**



**Клинесто писмо**

Во Месопотамија настанало **клинестото писмо**. Ова писмо личело на клинови кои се вдлабнати со остри заострени стапчиња во меки глинени плочки кои потоа се оставале да се исушат или се печеле. Многу од тие плочки се дешифрирани и зачувани до денес.

Писмото во многу нешта го упростиле Феникијците. Тие биле трговци и морепловци, за да можат што побрзо да ги запишат своите пресметки, Феникијците составиле писмо од 22 знаци - букви со кои ги запишувале зборовите. Секој глас имал свој знак. Ова писмо е наречено **гласовно писмо.** По примерот на ова писмо и други народи си составиле свои писма.

Старите Кинези имале писмо составено од многу знаци. Секој знак претставувал слика што означува одреден поим. Кај нив била развиена и градителската дејност. Така, во III век од ст. е. Кинезите започнале да го градат големиот **Кинески ѕид** со цел да се одбранат од нападите на надворешните непријателски воинствени народи.



**Стари цивилизации**

Маите пишувале со помош на пиктографско писмо и фонетски симболи. Тие имале приказни за настанокот на светот.

Во секој поголем град на Месопотамија жителите граделе **големи скалести кули** (**зигурати**). Тоа биле храмови на боговите, а на нивните покриви се наоѓале ѕвездарници. Позната била **Вавилонската кула** која имала седум ката.

Градењето на пирамидите траело десетици години, а при градењето многу од градителите ги губеле своите животи. Пирамидите, кои дел се зачувани и денес, биле градени само за фараоните. Сиромашните Египќани биле погребувани во обични гробници. Пред пирамидите стоеле камени чувари со човечки лик и тело на лав. Тие се познати како **сфинги.**

Со појавата на писменоста се појавиле најстарите литературни дела, како што е митот за потопот и настанокот на светот, јуначко-митолошкиот **еп за Гилгамеш,** кралот на Урук, една третина човек, а две третини бог. Меѓу најстарите литературни дела се и индиските **епови Махабхарата, Рамајана** и други.





**Кинески ѕид** **Зигурат**

**Прашања за дискусија**

1. Која била причината сликовното писмо да се замени со гласовното писмо?

2. Што претставуваат пирамидите?

3. Што преставува сфингата и каков е нејзиниот изглед?

4. Кои се најпознатите литературни дела настанати кај народите од Стариот Исток?

**Научи повеќе**

Францускиот научник, филолог и ориенталист Жан Шамполион ги дешифрирал египетските хиероглифи, благодарејќи на него денес може истите да се прочитаат.

**Проектна активност: Културата и науката кај старите цивилизации**

Целта на активноста е преку истражување на интернет да се направат „книги“ за секоја од петте стари цивилизации (Египет, Месопотамија, Индија, Кина, Маи). Активноста се реализира во текот на шест (6) наставни часа.

Учениците, поделени во пет групи, работат на различни теми. Групите формирани на првиот час остануваат исти, но секој следен час групите работат на различна стара цивилизација. (Секој следен час „книгите“ преминуваат од една на друга група и така секоја група придонесува за креирање на секоја книга.)

Секоја тема која се работи се претставува на 2 до 3 страници со текст и слики (напишани и средени на компјутер и отпечатени на печатач).

По комплетирањето на „својот“ дел наведете ги имињата на учениците кои придонеле да се напише тој дел и наведете извори што сте ги користеле за да го напишете!

Темите за работа се распоредени на следниот начин:

Прв час: Какво писмо се користело, како изгледале знаците и што претставувале тие?

На какви материјали се пишувало и како изгледале тие?

Втор час: Кои се најпознатите литературни дела и која е нивната тематика?

Кои се најпознатите уметнички дела и/или архитектонски достигнувања?

## ПОЧЕТОЦИ НА НАУКАТА И РАЗВОЈ НА ФИЛОЗОФСКАТА МИСЛА

Народите од Стариот Исток ги поставиле темелите на **математиката**, **архитектурата**, **геометријата**, **астрономијата**, **медицината**, **физиката**, **фармакологијата.** Древните астрономи ги опишувале соѕвездијата. Свештениците го набљудувале движењето на ѕвездите, со што биле поставени темелите на астрономијата. Преку набљудување на ѕвездите, првите астрономи утврдувале кога ќе почнат поплавите на реките, знаеле да го предвидат затемнувањето на Сонцето и на Месечината.



**Календар на Маите**

Со набљудувањето на ѕвездите Сумерите издвоиле 12 знаци на Зодијакот − божества кои управувале со 12 месеци во годината. Годините ги броеле според некој настан, освојување, природна појава и слично. Набљудувајќи ги Месечевите мени, создале **календар** со година од 365 дена. Годината ја делеле на месеци и седмици и го читале времето во часови и минути. Сумерите го измислиле тркалото кое нашло голема примена во секојдневниот живот. Кругот го поделиле на 360 степени, а часот имал 60 минути.

Кај Египќаните годината траела 12 месеци со 365 дена. Движењето на Сонцето и земјоделските работи биле основа на египетскиот календар.

Египќаните со секој фараон ги броеле годините од почеток.

Маите се служеле со свои календари. Тие биле добри познавачи на астрономијата и на астрологијата. Располагале со опсерватории-набљудувачници од каде што го набљудувале движењето на ѕвездите. Кај народите на старите цивилизации развиени биле **медицината** и **фармакологијата**. При лекувањето употребувале билки, а изведувале и сложени хируршки операции.

Потребата за собирање даноци, за различни мерења за градење на системи за наводнување и одводнување, биле создадени броевите и науката **математиката, геометријата**.

Старите Египќани ги познавале и математичките операции. Кај нив била развиена науката математика. Индијците се заслужни за појавата на броевите со кои се служиме и денес, а ги нарекуваме арапски броеви затоа што во Европа ги донеле Арабјаните. Со арапските броеви биле заменети римските броеви кои дотогаш биле во употреба. Во Сумер биле пронајдени плочки со математички пресметки. Сумерите имале и мерки за должина и тежина.

Кинезите имале развиена математика, астрономија, медицина и географија. **Конфуциј**, познатиот кинески филозоф и мудрец, живеел во VI век од ст. е. Познат е по неговиот систем на етички вредности кој претставувал темел на кинеската државност и социјална мисла. Неговото учење е познато како конфуционизам. Овие и другите учења ќе доведат до појава на филозофската мисла и до појава на филозофијата како наука.



**Конфуциј**

**Прашања за дискусија**

1. Направи споредба со науките кај народите на Стариот Исток и науките денес!

2. Како и зошто се појавиле медицината и фармакологијата?

3. Од какво значење за народите на Стариот Исток било набљудувањето на небеските тела?

**Научи повеќе**

Првите училишта биле основани во храмовите. Таму, децата од 6-годишна до 7-годишна возраст, пред сѐ децата на богатите и влијателни поединци, учеле да пишуваат, читаат, цртаат, пресметуваат и да препишуваат стари текстови. Сите што знаеле да пишуваат биле многу ценети и заземале важно место во државата.

**Активности**

Трети час: Кои се достигнувањата во технологијата и кое е нивното значење?

Кои се достигнувањата во науката и кое е нивното значење?

Четврти час: Како се сметало времето и како изгледал календарот?

Петти час: Подгответе ја насловната страница за „книгата“ со името на старата цивилизација и времето/периодот на нејзиното настанување! Страницата украсете ја со илустрации по ваш избор!

Шести час: Наставникот поставува прашања за секоја стара цивилизација. Одговорете за тоа што сте го научиле додека ги подготвувавте „книгите“!

**Проследете видео презентација** со слика на филозофот Конфуциј и со основни биографски податоци! Видеопрезентацијата завршува со следните познати мисли на Конфуциј:

− Не прави им го на другите она што не сакаш тебе да ти го прават.

− Почитувај се себеси и другите ќе те почитуваат.

− Сѐ има своја убавина, но не може секој да ја види.

− Кажи ми и ќе заборавам. Покажи ми и можеби ќе запамтам. Вклучи ме и ќе разберам.

Поделени во групи дискутирајте за мислите и барајте објаснение на нивното значење! Презентирајте ги своите толкувања пред сите и со помош на наставникот дојдете до она што сакал Конфуциј да го каже! На крајот се заклучува:

Мислите на Конфуциј нагласуваат дека личната одговорност, односите меѓу луѓето и образованието се во основата на филозофската мисла не само во Кина туку и во целиот свет.

## ТЕМА: АНТИЧКИ ПЕРИОД ВО ИСТОРИЈАТА НА ЕВРОПА И БАЛКАНОТ

Местоположбата на **Стара Грција**, односно (**Хелада)**, била на најјужниот дел на **Балканскиот Полуостров**. На исток се протегало **Егејското Море**, на запад **Јонското Море** и на југ **Средоземното Море**. Но, кога ја спомнуваме Стара Грција треба да се напомене дека во нејзиниот состав влегуваат и островите во гореспоменатите мориња. Ваквата местоположба на Стара Грција ѝ овозможувало во голема мера да се развие морепловството, како и поморската трговија со сите поморски земји и држави кои се наоѓале на **Медитеранот**.

Покрај морепловството, развиени биле и риболовот, производството на масло, грнчарството и др. Во котлините на Стара Грција се одгледувале земјоделски и полјоделски култури. Највисока планина во Стара Грција била **планината Олимп**. Старите Грци верувале дека оваа планина е домот на нивните богови. Ваквите природни услови придонеле територијата на Стара Грција да биде погусто населена, што овозможило да се развие богат верски и културен живот. Најстарата култура во Стара Грција ја нарекуваме **Критска култура**, според името на **островот Крит**. Центарот на оваа култура се наоѓал во градот **Кносос** каде што биле откриени голем број палати кои биле богато украсени со ѕидни слики.



**Хомер**

На почетокот на **вториот милениум од ст. е**. во Стара Грција се населиле племиња познати од еповите на **Хомер** како **Ахајци**. Тие не само што војувале со староседелското население за освојување на плодно земјиште и пасишта туку често војувале и самите меѓу себе. Ахајците на **полуостровот Пелопонез** формирале повеќе мали кралства, меѓу кои најпознато било кралството **Микена** каде што била создадена и познатата Микенска култура од која денес има голем број материјални остатоци и археолошки наоѓалишта.

Кон крајот на вториот милениум на територијата на Стара Грција од север навлегле племињата **Јонци, Дорци** и **Ајолци**. Со мешање со староседелското население тие новата татковина ја нарекле Хелада, а себе се нарекле Хелени, но подоцна од Римјаните биле наречени Грци, а земјата Грција. За најстариот период за Стара Грција податоци добиваме од легендарниот поет Хомер, односно од неговите епови **„Илијада“** и **„Одисеја“.**




**Стара Грција**

## Прашања за дискусија

1. Каде се наоѓала старата татковина на Старите Грци?
2. Кои биле нивните главни занимања?
3. Од кои дела дознаваме за најстариот период на Старите Грци?

## Занимливости

Легендата вели дека Дорците последни ја населиле Стара Грција. Тие продреле на Пелопонез околу 1200 година од ст. е. Во времето на т.н. дорска преселба Дорците потполно го освоиле полуостровот и ги срушиле сите ахајски градови, меѓу кои и Микена. Со ова ја уништиле и микенската култура.

## ГРАДОВИ ДРЖАВИ ВО СТАРА ГРЦИЈА

По доселувањето на **Јонците, Дорците** и **Ајолците,** околу **1200 година од ст. е**., во Стара Грција биле формирани поголем број населби. Секоја населба била независна една од друга и секоја од нив имала свој владетел и управа.

Со текот на времето и со развојот на трговијата и на занаетите овие населени места прераснале во градови кои Старите Грци ги нарекле **полиси**. Полисите постепено со некои околни помали населби прераснале во **градови држави**. Попознати такви **полиси, односно градови држави** во Стара Грција биле: **Спарта**, **Атина**, **Коринт**, **Теба** и др.

**Спарта** била основана на јужниот дел од **полуостровот Пелопонез**, во областа **Лаконија**, од воинственото племе **Дорци**. Населението во Спарта се делело на **Спартијати**, **Периојки** и **Хејлоти**. Власта во Спарта била во рацете на **Спартијатите** кои биле војници и постојано биле подготвени за воена акција. **Периојките** биле слободно население и претежно се занимавале со трговија, занаетчиство и земјоделие. **Хејлотите** биле најбројни. Тие биле робови во сопственост на државата, немале никакви права и преку својот труд ги издржувале Спартијатите. Хејлотите не биле подложени на купување и продавање како другите робови.

Од ова можеме да заклучиме дека Спарта била робовладетелска држава на чие чело стоеле **два крала,** кои заедно со **Советот на старците** ги донесувале законите во државата и одлуките. Законите требало да ги одобри **Народното собрание** во кое учествувале сите спартијати способни да носат оружје.

Во Спарта бил интересен начинот на воспитување на младите. Младите биле воспитувани во војнички дух, да бидат здрави и добри војници. Нивното воспитување било строго. Кога ќе се роделе болни и слаби деца, истите биле фрлани во бездна, а здравите биле задржувани и подоцна кога ќе навршеле седум години биле одземани од родителите и воспитувани во т.н. **гимназии** каде што изучувале воени вештини. Исто така, младите биле учени на издржливост на студ и глад, често биле и физички казнувани, сѐ со цел да се создадат добри и способни војници.



**Спартанци**

**Атина** била основана на **полуостровот Атика**. Благодарение на местоположбата, во Атина брзо се развиле морепловството, трговијата и занаетчиството, а сето ова овозможило таа брзо да се збогати и да прерасне во еден од позначајните **градови држава** во Стара Грција.

Населението на Атина го сочинувале богати луѓе наречени **аристократи**, обичен народ, односно слободен, наречен **демос** (кој се занимавал претежно со трговија, занаетчиство, риболов и земјоделие) и **робови** кои немале никакви права и ги извршувале најтешките работи.

Власта во Атина била во рацете на богатата аристократија. На чело на градот држава се наоѓал **крал** кој бил и **главен заповедник на војската**, но исто така бил и **врховен свештеник** и **врховен судија** во државата. Подоцна, кралската власт била укината, а со државата управувал **Совет од девет управители** наречени **архонти.** Освен кралот, со државата управувале и **Совет на старешини** кој го сочинувале видни и богати граѓани. Во Атина постоело и **Народно собрание** во кое учествувале сите полнолетни мажи.



**Акропол во Атина**

Народот (демосот) во Атина сè почесто не бил задоволен од начинот на владеење и од својата положба и барал и тој да учествува во управувањето со Атина, градот држава. Аристократите биле приморани да отстапат пред барањата на демосот и да спроведат реформи со кои демосот добил поголеми права и смеел да учествува во управувањето со државата. Позначајни реформатори во Атина биле: **Солон, Клејстен и Перикле**.



**Перикле**

Воспитувањето на децата во Атина било поинакво од воспитувањето на децата во Спарта. Децата на богатото население се образувале да пишуваат, да читаат, да свират на различни инструменти, учеле филозофија и други општествени предмети кои придонесувале за нивно духовно издигнување.

**Прашања за дискусија**

1. Кои се најстарите племиња кои ја населиле Стара Грција и кога?

2. Како биле воспитувани децата во Стара Спарта?

3. Зошто демосот не бил задоволен од власта во Атина?

4. На кои вредности биле учени децата во Атина?

5. Од каде потекнува зборот демократија?

**Активност**

Поделени во групи истражувајте каде се создале градовите држави во Стара Грција! Учениците ги пронаоѓаат Спарта, Атина, Коринт, Теба и ги бележат на историска карта. До означените места залепете налепница со името на градот држава! Потоа, секоја група ја презентира „својата" историска карта, а сите заедно ја проверуваат точноста на сработеното. На временска лента на табла ја означуваат појавата на секој од градовите држави. Во заедничка дискусија со наставникот објаснете го значењето на поимот град држава!

Поделени во групи прочитајте текст во кој посебно се опишани начините на владеење во Атина и Спарта! Секоја група ги определува разликите во владеењето, посебно посветувајќи внимание на тоа каде луѓето имале повеќе права и како се донесувале одлуките. По презентацијата на работата на групите се води отворена дискусија во која се заклучува која од двете држави имала демократско, а која војничко уредување и се објаснува од каде произлегува тоа.

Поделени во групи подгответе мултимедијална презентација (со текст, слики и евентуално звук) посветена на еден од следните аспекти од животот на луѓето во Атина или во Спарта: 1) храната, 2) облеката, 3) занимањата, 4) музиката и 5) забавата! Половина од групите подготвуваат презентации за Атина, а другата половина за Спарта. Откако секоја група ќе го прикаже сработеното, преку заедничка дискусија се откриваат (и се запишуваат на табла) сличностите и разликите меѓу Атина и Спарта во поглед на сите анализирани аспекти.

Поделени во групи подгответе мултимедијална презентација (со текст и слики) во која ќе ги споредите Атина и Спарта! Половина од групите треба да направат споредба во поглед на воспитувањето на децата, а другата половина во поглед на улогата на жената. Откако секоја група ќе го прикаже сработеното, преку заедничка дискусија се издвојуваат (и се запишуваат на табла) разликите меѓу Атина и Спарта во поглед на двата анализирани аспекта и се прави споредба со современиот живот во поглед на двата аспекта.

**Персиски и Пелопонески војни**

Одделни **градови полиси** имале меѓусебна соработка во трговијата, морепловството за време на војна и сл. Голем број полиси понесени од желбата за власт и богатство често воделе војни со соседните полиси за да ги прошират своите територии. По ваквите војни некои полиси јакнеле и ја зголемувале својата моќ, а поразените ја губеле својата независност.

Но, кога градовите држави во Стара Грција почувствувале опасност од наездата на **персиската освојувачка војска** предводена од **Дариј I**, во првата половина на V век, најмоќните држави **Спарта и Атина** се обединиле, т.е. склучиле сојуз за заедничка одбрана на нивните држави.



**Грчко персиски војни**



**Пелопонеска војна**

Оваа војна е позната како **Грчко-персиска војна** која траела од **499** до **449 година од ст. е.** во која Старите Грци успеале да ги поразат Персијците во битките кај **Маратон**, **Термопилите** и **Платаја**, со што успеале да се одбранат, а Персија да ја принудат да се повлече од Стара Грција. По извојуваната победа над персиската војска повторно дошло до несогласување и војна меѓу Атина и Спарта, при што биле формирани два големи воени сојуза, и тоа: **Атинскиот поморски сојуз предводен од Атина** и **Пелопонескиот сојуз предводен од Спарта**.

Оваа војна меѓу овие два сојуза е позната како **Пелопонеска војна**. Се водела во втората половина на V век и со прекини траела од **431** до **404 година од ст. е**. Војната им донела големи страдања и разурнувања на Старите Грци и на нивните полиси, односно градови држави. Во оваа војна како победник излегол Пелопонескиот сојуз предводен од Спарта кој воспоставил целосна превласт во цела Стара Грција.

**Прашања за дискусија**

1. Зошто Дариј I ја повел својата војска против Старите Грци?

2. Што била причината Спарта и Атина да склучат сојуз против Персија?

3. Каде ги извојувале најголемите битки Старите Грци?

4. Што претставуваат воени сојузи?

**Занимливост**

Кога ќе се спомене Маратонската битка, со неа се поврзува и една легенда која довела до употреба на зборот маратон. Еден атински војник, кој се истакнувал со своето брзо трчање, добил задача да ги извести Атињаните дека победиле во битката со Персијците. Откако истрчал 42 километри, тој дошол во Атина и само изустил: „Победивме.“ Од исцрпеност паднал и умрел. Во негова чест денес најтешката атлетска дисциплина се нарекува маратон или маратонска трка.

**Активност 1**

Подгответе постер за Грчко-Персиските војни!

Поделени во групи истражувајте за различните аспекти на војните, а сознанијата до кои ќе дојдете презентирајте ги на заеднички голем хамер!

Првата група црта временска лента на која ги наведува (и ги илустрира) битките кај Маратон и кај Термопилите.

Втората група на историска карта црта каде се одвивале двете битки.

Третата група ги наведува причините за Грчко-персиските војни.

Четвртата група објаснува од каде потекнува терминот маратон/маратонска трка што се користи денес.

На крајот, преку прашања што ги поставува наставникот, се резимира кога, како и зошто се одвивале Грчко-персиските војни.

**Активност 2**

Подгответе постер за Пелопонеската војна!

Секоја група истражува за различни аспекти на војните, а сознанијата до кои доаѓаат сите групи се презентираат на заеднички голем хамер.

Првата група црта временска лента на која го обележува периодот на одвивање на војната и ја илустрира војната преку слики.

Втората група ги наведува двете страни во војната и ги илустрира со слики.

Третата група ги наведува причините за војната и последиците по завојуваните страни.

Четвртата група ги опишува последиците од војната по населението (разурнувањата, болестите, страдањата итн.)

На крајот, преку прашања што ги поставува наставникот, се резимира кога, меѓу кого и зошто се одвивала Пелопонеската војна.

## РЕЛИГИЈАТА И МИТОЛОГИЈА ВО СТАРА ГРЦИЈА

Старите Грци, како и другите древни народи, неможејќи да си ги објаснат природните појави верувале дека со овие појави управува некоја натприродна сила. Со текот на времето и тие нивни верувања почнале да се менуваат, но важно е да напоменеме дека тие долг период верувале во **духовите на нивните предци**. Големо значење им давале на **огнот** и **огништето** кои биле симбол на **поврзувањето** со предците.

Покрај огнот, верувале и во **Сонцето**, **Месечината**, во некои животни и сл. Старите Грци во одреден период почнале на овие природни појави да им даваат човечки лик, со човечки особености и да ги делат на добри и лоши богови и божества.

Според верувањето на Старите Грци, светот бил создаден од **земја, море, небо** и **подземје**, со што се гледа дека верувале и во **живот после животот (задгробен живот**). Како што спомнавме претходно, Старите Грци верувале дека дом на боговите била планината Олимп.



**Зевс**

За свој врховен бог го сметале богот **Зевс,** бог над боговите. Судбината на сите луѓе се наоѓала во неговите раце. Покрај Зевс, тие верувале и почитувале и други богови, како што биле: **Хера**, која управувала со небото; **Посејдон**, кој владеел со морињата; **Арес**, кој бил бог на војната; **Атина**, која била божица на мудроста, но и заштитничка на градот **Атина и на Атињаните**. **Ад** бил бог на подземниот свет, **Деметра** била божица на житото и плодноста, **Афродита** била божица на убавината. Старите Грци верувале и во други **богови**, **божества** и **полубогови**.

За да ги одоброволат разните богови и божества, Старите Грци им граделе храмови каде што ги упатувале своите молитви кон божествата, но исто така принесувале и жртви, сѐ со цел да го смилостиват богот за да им помогне во нивните тешки моменти од животот. Најпознат **храм** од тоа време бил храмот на **Аполон во Делфи**.

Во храмовите служеле **свештеници** кои претставувале посредници меѓу луѓето и боговите. Тие ги толкувале појавите во природата и ги соопштувале желбите на боговите кои луѓето требале да ги почитуваат. Свештениците често биле во служба на владетелите.

Во чест на своите богови и божества кои ги сметале како свои заштитници, Старите Грци приредувале најразлични игри пропратени со музика и најразновидни свечености, на пример: поезија, гимнастички натпреварувања и сл. Но, за нас се најзначајни најстарите и најпознатите игри, а тоа биле **Олимписките игри** кои биле одржувани во чест на богот Зевс. Првите Олимписки игри се одржале во **776 година од ст. е.** Тие се одржувале на секои четири години. Важно е да се напомене дека тогаш сите непријателства престанувале.



**Олимписки игри**

## Митови и митологија

**Митологијата** кај Старите Грци играла голема улога во нивниот секојдневен живот, како и верувањето.

**Митовите** претставуваат приказни за грчките богови и божици во кои се опишува нивниот живот. Во митовите тие се претставени како живеат и работат слично на луѓето, извршувајќи чудни и јуначки подвизи. Бројните митови ја сочинувале грчката митологија каде што се испреплетувал животот на боговите и на луѓето во фантастични приказни.



**Прометеј**

Најстарата збирка на митови ја напишал грчкиот поет **Хесиод,** а најпознати митови се митовите за **Херакле,** потоа за **Промете**ј, митовите за **Тезеј и Минотаурот**, **Персеј и Медуза и многу други.**

**Прашања за дискусија**

1. Поради кои причини Старите Грци верувале во богови, божици и полубогови?

2. Каква била нивната претстава за боговите?

3. Што приредувале Старите Грци во чест на своите богови?

4. Што е тоа мит, а што митологија?

5. Како го замислувате Херакле, познат и како Херкул?

**Занимливост**

Според грчката митологија, Прометеј бил син на божицата Темида и брат на Атлас. Прометеј го создал човекот од глина и го украл огнот од Олимп кој го предал на луѓето. За тоа бил казнет од богот Зевс и бил закован на Кавказ каде што еден орел секој ден му ја колвал утробата. Прометеј бил ослободен од Херакле кој бил полубог и син на Зевс. Прометеј претставува еден од најсилните ликови во грчката митологија поради тоа што тој ја претставувал храброста, гордоста, човекољубието, желбата за слобода...

**Активности**

Поделени во групи учениците добиваат работен лист на кој се наведени имињата на боговите/божиците и нивните улоги (на пример, Атина – божица на мудроста) со задача да ги запамтат. Наставникот организира натпреварувачки квиз: ја кажува улогата на некој бог или некоја божица, а секоја група во време од 10 секунди го запишува името на богот/божицата на посебно ливче што го предава на наставникот. Секоја група што го напишала точниот одговор во предвиденото време добива поени. Истата активност се повторува за сите богови/божици. По завршување на квизот наставникот го соопштува победникот.

Поделени во групи извлечете по едно ливче со определен мит (митот за Персеј и Медуза, митот за Тезеј и Минотаурот или митот за Прометеј)! Во рамки на групата анализирајте го митот и одговорете на следните прашања:

1) Каква е улогата на боговите или на другите натприродни суштества во митот?

2) Кои позитивни особини ги истакнува митот?

Секоја група ги презентира одговорите за „својот“ мит. На крајот, преку заедничка дискусија, се изведуваат заклучоци за улогата на митовите во формирањето на верувањата и вредностите на луѓето во Стара Грција.

**Дополнителна активност**: Драматизација на мит по избор на учениците.

## КУЛТУРАТА, УМЕТНОСТА, НАУКАТА И ФИЛОЗОФСКАТА МИСЛА ВО СТАРА ГРЦИЈА

Старите Грци биле познати по тоа што посебно внимание посветувале на **поезијата** и **книжевноста**. Поетите од Стара Грција во своите дела ги славеле боговите и владетелите. Тие подеднакво ги негувале како **лирските песни** (одразувале чувства на радост, љубов, болка, тага) така и **епските песни** (јуначките подвизи на боговите и истакнатите владетели и личности).

Нам најмногу ни е познат слепиот поет Хомер кој бил автор на еповите „Илијада“ и „Одисеја“. Во епот **„Илијада“ се опишува Тројанската војна,** а во **„Одисеја“ враќањето на грчкиот јунак Одисеј од Тројанската војна.**



**Тројански коњ**



**Одисеј**

Во Стара Грција, исто така, големо внимание се посветувало и на **театарот** кој имал голема улога во секојдневието на луѓето. **Театарските претстави** биле одржувани во чест на богот **Дионис**, бог на веселбата, плодноста и виното. Биле негувани два вида театарски претстави, и тоа: комедии со смешна содржина и трагедии со тажен крај.

Најпознати творци на театарски текстови биле **Софокле, Еврипид** и **Ајсхил**. Театарските претстави се изведувале надвор, под отворено небо. Публиката седела на камени седишта поставени полукружно во форма на скали. Актерите ги играле претставите на подигната **сцена.**

Старите Грци во историјата биле познати и по своите градителски и уметнички достигнувања на кои и денес луѓето се воодушевуваат, особено на нивната големина и убавина. По својата убавина се издвојувале храмовите, а меѓу нив е најпознат храмот **Партенон** во Атина. Храмовите биле исполнети со статуи на боговите и божиците кои биле изработени од вештите раце на вајарите.





**Платон** **Сократ**

Науката и **филозофијата (љубов кон мудроста)** во Стара Грција имаат посебно место во развојот на светската цивилизација. **Херодот се смета за татко на историјата**, **Архимед се истакнал во физиката**, **Питагора се истакнал како математичар и филозоф**. Познати филозофи, т.е. мислители од Стара Грција се: **Сократ**, **Платон**, **Аристотел**, **Еврипид** и други. За разлика од религијата и митологијата, филозофите поинаку ги објаснуваат појавите во природата и општеството. За нивно објаснување тие ги користат науката и научната мисла.

**Прашања за дискусија**

1. Какви книжевни дела пишувале Старите Грци и во чија чест тие биле пишувани?

2. Што се раскажува во „Илијада“ и во „Одисеја“?

3. Како изгледал театарот во Стара Грција?

4. Кои се најпознати филозофи во Стара Грција?

5. Кој е наречен татко на историјата и зошто?

Поделени во групи истражувајте за театрите во Стара Грција и одговорете на следните прашања:

1) Како изгледале театрите?

2) За што служеле театрите?

3) Какви пораки се пренесувале преку претставите?

4) Кои глумеле во претставите и какви маски носеле?

Во отворена дискусија се одговара на прашањата што ги поставува наставникот и на крајот се заклучува за значењето на театарот за развојот на културата во тоа време.

Наставникот ги наведува „Илијада“ и „Одисеја“ од Хомер како најпознати епови од Стара Грција и во неколку реченици им ја резимира содржината на двата епа. Притоа, посебно ја издвојува приказната за Ахил и Ахиловата пета и приказната за улогата на Тројанскиот коњ во војната.

Поделени во парови истражете го значењето на изразите Ахилова пета и Тројански коњ во денешно време! Во заедничка дискусија се заклучува дека изразот Тројански коњ се однесува на некој или нешто на кое му даваме пристап до нешто што ни е важно затоа што ни изгледа како да е безопасно или корисно, но потоа се покажува како штетно или злонамерно, а изразот Ахилова пета означува најслаба (најранлива) точка на индивидуата која другите може да ја искористат за да ѝ наштетат.

Поделени во шест групи истражувајте за познатите научници од Стара Грција! Две групи истражуваат за Питагора. Едната група ги идентификува неговите научни достигнувања, а другата издвојува занимливости поврзани со неговиот живот и работа. Двете групи ги обединуваат своите сознанија во заедничка мултимедијална презентација во која, освен текст, ставаат и слики.

Други две групи го истражуваат и го презентираат истото за Архимед. Последните две групи го прават истото тоа за Хипократ. По презентирањето за секој научник, наставникот, со помош на учениците, запишува на таблата резиме за придонесот. На крајот, во отворена дискусија, се констатира какво е нивното влијание во математиката, науката и медицината до денес.

Наставникот ги претставува Сократ, Платон и Аристотел како најпознати филозофи од Стара Грција и посочува кој кому му бил ученик. Потоа, најавува дека часот ќе биде посветен на „филозофирање“ на различни теми, слично како што правел Сократ со соговорниците. Наставникот поставува прашања за неколку теми, а учениците одговараат, при што е битно тоа дека целта не е да се добие точен одговор, туку да се поттикнат учениците да размислуваат за да дојдат до посуштинско разбирање. Како примери за теми и прашања за дискусија по нив може да послужат следните:

− Среќа (Што е среќа? Дали ние ја бараме или таа самата ни доаѓа? Што нè прави среќни? Како да станеме среќни?).

− Морал (Како одлучуваме што е правилно, а што е погрешно? Дали ни требаат правила и закони за да знаеме што е правилно/погрешно или самите можеме да сфатиме?).

− Еднаквост (Што е еднаквост? Дали сите луѓе се еднакви или има луѓе што се поеднакви од другите? Што да се направи за општеството да стане еднакво за сите?).

− Храброст (Што е храброст? Како покажуваме храброст? Зошто храброста е важна? Може ли да научиш да бидеш храбар или се раѓаш храбар?).

Поделени во групи истражувајте за Олимписките игри:

1) Кога, каде и во чија чест се организирале Олимписките игри во Стара Грција?

2) Кои спортски дисциплини биле застапени?

3) Кој можел да учествува?

Во отворена дискусија одговорете на прашањата што ги поставува наставникот и за секое прашање направете споредба за тоа како било тогаш, а како е сега! На крајот се заклучува за значењето на Олимписките игри во Стара Грција.

## ИЛИРСКИ КРАЛСТВА

**Илирите** за првпат ги спомнува Херодот **во V век од ст. е**. Илирите ги населувале југозападните области на **Балканскиот Полуостров,** т.е. источните брегови на **Јадранското Море**. Територијата која ја населувале била позната како **Илирик.**

Името **Илири** најпрво го носело едно од многуте племиња кои имале сличности во јазикот и културата, па така името се проширило и на другите племиња.

Според историските извори, Илирите претежно се занимавале со земјоделство, сточарство, риболов, занаетчиство и трговија, а некои од племињата се занимавале и со гусарење по Јадранското Море.

Поради расцепканоста и поделеноста, Илирите никогаш не успеале да се обединат во културна и политичка целина и подолг период ја задржале својата **племенска организација.**

Илирите биле поделени во повеќе племиња, а како најпознати биле: **Енкелејците, Ардеите**, **Таулантите, Дарданците** и др. Племињата во исклучителни случаи се здружувале во племенски сојузи, особено кога постоела заедничка опасност од освојувања на други народи. Илирските племиња често војувале и меѓусебно. На чело на племињата стоеле **племенски старешини.**



**Воин**

За Илирите има малку пишани извори, но затоа, пак, има голем број материјални остатоци од кои црпиме информации. Тие живееле во патријархални заедници. Некои од племињата биле организирани во братства. Значајна била улогата на жената во племето, а понекогаш на чело на племенската заедница стоела жена.



**Монети**



**Бутринт**

**Енкелејско Кралство**

Кон крајот на V век Илирите за првпат основале своја држава, односно кралство кое во историјата е познато како **Енкелејско Кралство**. Кралството настанало како резултат на обединување на неколку племиња со цел да се одбранат од надворешните непријатели, првенствено од македонската држава, Епир и грчките колонизатори. Позначајни кралеви на Кралството биле **Грабос**, **Бардилис** и други. Бардилис со својата војска ја загрозил и **Македонија** предводена од **Пердика III** и ја принудил да му плаќа данок.

Во оваа војна загинал и Пердика III со голем број војници**. Во 359 година од ст. е.** македонскиот крал **Филип II** ја поразил војската на Бардилис, со што ја ослободил Македонија од Илирите и зазел дел од нивната територија.

## Таулантско Кралство

В**о 335 година од ст. е**. кралот **Клетос** се обидел да се ослободи од зависноста од Македонија, но бил поразен и бил принуден да побегне и да побара помош од кралот на **Таулантите**. Таулантското Кралство било основано во **втората половина на III век од ст. е**. Ова новонастанато кралство зафаќало голема територија − од Дарданија на север, на исток до Македонија и на југ до Епир. Таулантското Кралство како нова илирска држава била моќна како на копно така и на море. Кралската власт била наследна. Најпознат крал бил **Главкија.**

## Ардиедско Кралство

Ова Кралство било формирано во втората половина на III век од ст. е., а него го основал кралот **Агрон**. Тој располагал со силна копнена и поморска војска. Војувал против **Етолскиот и Ахајскиот сојуз** кој бил најголем сојуз во тогашна Стара Грција. За време на неговото владеење под своја власт ги ставил сите илирски територии кои претходно биле под власта на Енклејското и Таулантското Кралство, а седиштето на Кралството било во **Скадар.** По смртта на кралот Агрон на чело на Кралството застанала неговата жена **Теута** која уште повеќе го зацврстила и го проширила Кралството. Во борбите со Римјаните Теута била поразена. Била принудена да ја признае власта на Римјаните, да отстапи дел од територијата и да плаќа даноци.



**Илирската кралица Теута**

**Дарданско Кралство**

**Дарданското Кралство** било мошне силно. Било основано во **IV век од ст. е**. Дарданците се занимавале со земјоделие, сточарство, а било развиено и рударството. Најмногу се вадело злато од кое биле изработувани монети и различни украси. Биле голем противник на Македонското Кралство со кое често војувале во втората половина на III век од ст. е.

**Прашања за дискусија**

1. Кои области биле населени од Илирите?

2. Со што се занимавале Илирите?

3. Какво било општественото уредување кај илирските племиња?

4. Кои се најпознати илирски кралства?

5. Кои се најпознати илирски владетели?

**Активности**

Поделени во групи истражувајте за територијата каде што биле населени Илирите! На карта обележете ги териториите каде што имало Илири на Балканот! Заедно проверете ја точноста на информациите! На временска лента обележете го времето на нивното појавување! На крајот на часот дискутирајте за периодот и просторот каде што се појавуваат Илирите!

Поделени на три групи направете постери истражувајќи на интернет!

Првата група изработува постер за начинот на живеење на Илирите.

Втората група добива задолжение да изработи постер за верувањата на Илирите, со наведување на познатите богови и нивното значење, како и за други ритуали во рамки на нивните верувања.

Третата група изработува постер за културата и за центрите на култура кај Илирите, како што биле градовите Аполонија и Дирахион.

Заедно со наставникот проверете ја точноста на сите информации!

Презентирајте ги податоците и дискутирајте за тоа на каков начин живеело населението во селата, а како во градовите, колку се разликуваат верувањата на Илирите од оние на Старите Грци, како и тоа кои се најважни материјални остатоци за културата на Илирите!

На временска лента изработена од наставникот определете го периодот на формирање и постоење на кралствата на Енкелејците, Таулантите, Ардиеите и Дарданците и на карта со налепници обележете го просторот каде што биле формирани овие кралства! Направете споредби што се случувало на политички, а што на економски план во овие кралства! Потоа, дискутирајте за времето и просторот на појавување на илирските кралства, како и за политичките и економските промени во илирските кралства во различни периоди!

Поделени на три групи изработете презентација за илирските владетели! Истражувајте на интернет, користете енциклопедии и други извори! Потоа, заедно со наставникот проверете ја точноста на податоците! Првата група изработува презентација за владетелот Бардул, втората група за Агрон, а третата група за Теута. Истражуваат и пишуваат за тоа кога, каде и како владееле овие тројца владетели. Потоа, дискутираат за тоа што се случувало за време на нивното владеење, со кого војувале, какви промени се случиле за време на нивното владеење и кога и на каков начин престанале да постојат нивните кралства.

Тема: **Антички период во историјата на Европа и Балканот**

## Создавање и ширење на античка Македонија

Територијата на античка Македонија се простирала во средишниот дел на Балканскиот полуостров. На југ се граничела со териториите на старите Грци, на северозапад се наоѓала територијата на која живееле Илирите, на североисток териториите населени со Тракијците. Територијата била населена од најстарите времиња а некои од племињата кои ја иаселувале биле: Пелагонците, Орестите, Линкестите и други.

Територијата во приморскиот дел на Егејското море била позната како Долна а планинскиот како Горна Македонија.

Создавањето на државата на античките Македонци е поврзана со владетелот **Пердика I** кој владеел од крајот на осмиот и почетокот на седмиот век ст.ера.

Престолнина на државата бил градот **Ајга** а кралското семејство водело потекло од градот Аргос затоа првата македонска династија (кралско семејство) била позната како Аргеади. Херакле бил митски родоначалник на династијата.



Пердика I

Во античка Македонија кралот бил носител на верската, воената и судската власт тој бил врховен заповедник на војската, ја предводел војската во битка, објавувал војни и склучувал мир. Голема улога имале придружниците на кралот и Народното собрание кое носело важни одлуки а го сочинувале полнолетни мажи способни да носат оружје.

По смртта на Пердика I во почетокот на VII век ст.ера, со државата владееле повеќе владетели, а посебно се истакнал **Александар I** кој владеел во првата половина на V век од ст.ера Во тој период се воделе Грчко-персиските војни. Александар I помогнал на грчката војска во војната со Персија и затоа подоцна од нив бил наречен пријател (Филхелен). Александар I е познат и по тоа што ковал свои пари користејќи ги рудниците со сребро, што го симболизира напредокот на државата.



Монети од времето на Александар I

Владетелот **Пердика II** кој владеел во V век ст.ера,бил вешт дипломат и политичар. Успеал да се погрижи и за културно издигнување на античката Македонска држава во неговиот двор присуствувале голем број истакнати личности од тој период.

И владетелот Архелај I кој владеел кон крајот на V век ст.ера,направил многу за својата држава. Ја реорганизирал војската, формирал коњаница и пешадија. Бил познат и по градителската дејност, изградил патишта, ја пренел престолнината од Ајга во новоизградениот град **Пела** кој се наоѓал поблиску до морето и имал подобри услови за економски развој.



**Ајга**



**Пела**

На кралскиот дворец живееле и работеле познати старогрчки уметници и поети. Архелај I ги организирал Македонските Олимписки игри во светиот град **Дион** во чест

на богот **Диос.** Ги подобрил односите со Атина на тој начин што испорачувал дрвена граѓа потребна за градење бродови.

**Прашања за дискусија**

1. Зошто територијата на Античка Македонија од најстари времиња била населена со голем број племиња?

2.Што значело ковањето  монети за државата на Архелај I?

3. Зошто Архелај I ја пренел престолнината од Ајга во Пела?

**Активност**

1. Истражувајте! На карта обележете ја територијата и пронајдете податоци за некои од племињата кои ја населувале територијата на античка Македонија. Направете презентација и потоа дискутирајте во групите за тоа кога и каде живееле античките Македонци.

2. Погледнете ги сликите од археолошките остатоци на Ајга и Пела. Што имате да кажете за нив?

**Занимливости**

Најстарите податоци за античка Македонија ги дава поетот Хомер. Најстарото име според антички автори било Ематија а името Македонија води потекло од Макета или од митскиот предок Македон за кого постојат дури три легенди. Според првата, Македон бил син на Зевс и Тија според втората, тој бил еден од 50 синови на аркадскиот крал Лиаком, според третата, тој бил син на египетскиот бог Озирис.

## Македонската држава во време на Филип II

Вистински подем Античка Македонија како држава го доживеала кога на нејзиниот престол дошол **Филип II Македонски** 359-336 година ст.ера Филип бил заложник во градот Теба и таму се здобил со солидно војничко образование а по доаѓање во Македонија ја преземал власта на 23 годишна возраст.



**Филип II**

Со цел да ја зацврсти својата власт но и да преземе освојувачки походи кои ги планирал, Филип II направил реформи во војската со формирањето на македонската фаланга. **Фалангата** се состоела од 16 редови пешадија вооружени со копја наречени сариси долги неколку метри, коњаница опремена со шлемови, мечови и копја, воени направи катапулти и овни направи за навлегување во тврдини. Како посебна единица се истакнувала личната гарда на владетелот хетајри.



**Борбениот строј на Македонската фаланга**

Освен во војската, Филип II направил реформи и во финансиите и градежништвото. Ковал златни монети кои станале симбол на силата на државата. Големо внимание посветувал на градењето патишта, градови и тврдини, храмови и светилишта. Познато е дека во непосредна близина на денешна Битола го изградил градот Хераклеја Линкестис а во Тракија градот Филипопол (денешен Пловдив).

Филип II бил вешт политичар. Со некои свои противници преговарал а со некои војувал, како на пример со Илирите и Тракијците а користејќи ја неслогата помеѓу градовите држави во стара Грција ги освоил нејзините колонии и ја проширил државата.

Меѓу старите Грци Филип II имал приврзаници но и противници. Најголем противник на Филип II бил познатиот оратор (говорник) Демостен, кој ги повикувал градовите држави на стара Грција да се обединат во борбата против Филип. Во тоа успеал и формирал сојуз на чело со Атина и Теба. Говорите на Демостен против Филип се познати како филипики.

До решавачка битка на Филип II со сојузот предводен од Атина дошло кај **Хајронеја** во 338 година од ст.ера во битката во која учествувал и неговиот син Александар, Филип II излегол како победник. По смирувањето на состојбите на Балканот, Филип II започнал да се подготвува за поход против Персија. Во екот на подготовките, во заговор, Филип II бил убиен а на чело на престолот на Македонската држава застанал неговиот син Александар III.

**Прашања за дискусија**

1.Размисли кои биле резултатите од спроведените реформи на Филип II?

2.Размисли зошто старите Грци се спротивставиле на освојувањата на Филип II?

**Активност**

1. Истражувајте како настанала античка Македонија. На временска лента обележете го периодот на владеење на македонските владетели. Истражете на интернет како се развивала Македонската држава во времето на Пердика I, Александар I, Пердика II, Архелај I и Филип II.

## Македонската држава во времето на Александар III Македонски

По смртта на Филип II, на чело на Македонската држава дошол неговиот син **Александар III Македонски** кој владеел во периодотод 336 до 323 година ст.ера. Александар III Македонски бил роден во 356 година ст.ера во Пела, престолнината на античка Македонија. Негови родители биле **Филип II** и **Олимпијада**. Детството го поминувал низ игри со децата на соработниците на Филип II. Омилениот коњ на Александар Македонски се викал **Букефал,** го добил од неговиот татко и со него поминал многу битки.

Александар имал повеќе учители од нив учел за воени вештини. **Илијада** била негова омилена лектира а негов најпознат учител бил познатиот филозоф Аристотел кој го подучувал и му влеал љубов за филозофијата, науките и уметностите.

Од својата 16 годишна возраст Александар III го следел неговиот татко во воените походи и на таков начин учел и за водење на битките но и да управува со државата. Обидот на некои градови држави во стара Грција да ја отфрлат македонската власт не успеал.

Александар ги победил и ги принудил да ја признаат неговата власт а потоа презел поход на север кон реката Дунав против воинствените племиња. Со овие походи Александар ја зацврстил својата власт на Балканот и започнал со подготовки за поход на Истокот против Персија.

Во 334 година ст.ера одкако добро се подготвил се претпоставува со над 40 000 војници, Александар се упатил на исток против Персија. На чело на Персиската држава стоел **Дареј III** кој владеел со држава многу поголема од македонската и имал поголем број војници. Првата победа над Персијанците Александар III ја извојувал на реката **Граник** во 334 година ст.ера.

Во битката кај градот **Исос** во 333 година ст.ера Персиската војска предводена од персискиот владетел Дареј III доживеала втор пораз. Во битката било заробено семејството на Дареј III а тој избегал. Кон семејството на Дареј III, Александар се однесувал со почит.

По победите над персиската војска Александар III преку Фојникија се упатил кон Египет кој бил под персиска власт. Го ослободил и бил прогласен како син на богот на сонцето, Амон Ра. Во Египет основал град кој го добил името Александрија.

До решавачка битка со Персија дошло во 331 година ст.ера. Во битката кај **Гавгамела**, Александар по трет пат ја поразил персиската војска. Дареј III повторно избегал но набрзо бил убиен од неговите придружници. Александар III подоцна ги фатил убијците и ги казнил. По победата над Дареј III Александар III се прогласил за владетел на Азија а градот Вавилон го прогласил за престолнина. И тука не запреле освојувањата на Александар со неговата војска продолжил на исток кон Индија каде се судрил со Пор владетелот на Пенџаб, но и со локалните племиња. Со освојувањата

на исток Александар III создал огромна држава која се простирала на три континенти Европа, Африка и Азија.

Александар бил познат по тоа што ги почитувал народите и државите кои ги покорил иако имале различни обичаи, култура и верувања од неговите. Прифатил некои од нивните обичаи како на пример персискиот начин на облекување и поклонувањето пред владетелот.

Со ваквиот начин на однесување кон покорените народи тој ги привлекувал на своја страна. Некои од нив го прогласувале за ослободител или го прогласувале за бог.

Александар спроведувал политика на толеранција помеѓу различните народи и различни култури. Противниците кои не го почитувале или се спротивставувале, Александар ги судел и казнувал.

Постојаните војни, болестите, климата ја исцрпиле војската на Александар. Војниците со години не си ги виделе своите семејства. Се побуниле и сакале да се вратат во своите домови. Соочен со незадоволството на војниците Александар III решил да се врати назад во Вавилон.

Враќањето се одвивало по копнен и по поморски пат. Многу војници настрадале на враќање по тешко проодните и пустински предели по неколку месеци, војниците предводени од Александар се вратиле во градот Суза.

По враќањето во Суза во 324 година ст.ера била приредена свадба во која 10 000 војници на Александар се ожениле со 10 000 Персијанки. Овој настан уште се нарекува **Свадба на Европа и Азија**. Александар планирал нови походи но во 323 година ст.ера во Вавилон, Александар се разболел и починал на 33 годишна возраст.

Александар бил одличен стратег, градител, го направил тоа што не постоело пред него, спој на културите од Европа, Африка и Азија. Го прославил името Македонија а се смета за најголем освојувач во историјата. Поради сите свои достигнувања, Римјаните му го дале прекарот Магнус - Велики



**Александар III Македонски**

**Прашања за дискусија**

1. Зошто велиме дека Александар III создал светска империја?

2. На кои начини Александар III ги придобивал народите и племињата кои војнички ги поразил?

**Занимливости**

Владетелот Гордиј во Мала Азија заврзал јазол кој по него бил наречен Гордиев јазол. Гордиј рекол дека тој што ќе го одврзе јазолот ќе биде владетел на светот. Овој јазол никој не успеал да го одврзе. Александар со меч го пресекол јазолот и на тој начин се остварило пророштвото на Гордиј, Александар станал владетел на голем дел од тогашниот познат свет.

**Активност 1**

Проследете презентација на која е прикажана целокупната територија што ја освоил Александар III Македонски за време на неговото владеење. На географска карта нацртајте ги границите на таа територија и означете ги регионите и поголемите градови кои се наоѓале таму.

Идентификувајте ги современите држави и поголеми градови кои се наоѓаат на таа територија и презентирајте.

**Активност 2**

Подгответе презентација за животот и владеењето на Александар III Македонски. Дискутирајте и објаснете за моментите кои ви оставиле најголем впечаток.

## Културата и верувањата кај античките Македонци

За Античките Македонци не е пронајден ниту еден текст или натпис на македонски јазик. Зачувани се само стотина зборови (глоси) и тоа главно лични имиња.

Античките Македонци имале свои особености по кои се разликувале од другите народи. Тие зборувале на свој јазик, сроден со јазиците на соседните народи. Се разликувале од другите народи на Балканот според начинот на војување. Верувале во натприродни сили, имале и свој календар. Симбол за нив било **сонцето** како симбол на животот и се наоѓало на нивното оружје и монети. Исто така симбол на Античките Македонци бил лавот.

Македонците имале повеќе култови: Култ на водата, сонот, змијата како и погребен култ. Верувале во многу богови: **Диос** господар на небото **Дионис**, бог на

пролетта божицата Ма Зејрена божица на убавината и други. Митски предок за Македонците бил Херакле. Светиот град кај Македонците бил градот Дион кој се наоѓал во подножјето на планината Олимп. Таму се одржувале Македонските Олимписки игри.

Во историските извори се зборува и за обичаи кај античките Македонци. - поминување на војската меѓу две половини на жртвувано куче.

Симбол на власта кај античките Македонци била дијадемата, капа кавсија преку која владетелите носеле бела лента и кожа од лав со која владетелот се поврзува со митскиот предок Херакле. Владетелите имале кралски прстен печатник и кралски жезол.



**Штит со сонце пронајден на наоѓалиштето во Старо Бонче, Прилепско**

Македонија е богата со материјални остатоци и археолошки наоѓалишта. Тие се истражувале и ќе се истражуваат. Врз основа на овие истражувања се дознава за животот на античките Македонци. Познато е дека Македонските кралеви ковале свои монети од бронза, сребро и злато. На монетите се преставени ликовите на владетелите, прикази на растителен и животински свет.




**Монети на македонските владетели**

Развиено било и занаетчиството. Се изработувале предмети од сребро и злато. Развиена била и градежната дејност. Се граделе куќи и палати украсени со мозаици и скулптури. Важни археолошки наоѓалишта кои зборуваат за Античките Македонци биле престолнината Пела, гробницата кај Вергина (Кутлеш) во денешна Република Грција каде се откриени кралски гробници, некрополата кај Требеништа, Охридско и други наоѓалишта.



**Хераклеа Линкестис, Битолско**

**Прашања за дискусија**

1. Каква улога имале божествата во секојдневниот живот на античките Македонци?

2. Објасни како денес ги објаснуваме природните појави?

**Активност**

Истражувајте на интернет и наведете најмалку по 3 податоци за начинот на живеење, за верувањата и за културата на античките Македонци. Изработете постер и презентирајте ги информациите и преку отворена дискусија извлечете заклучок за начинот на живеење, за верувањата и за културата на античките Македонци.

## Македонската држава по периодот на владеењето на Александар III Македонски

Периодот на владеењето на Александар III и создавањето нови држави на територијата на големото царство по неговата смрт се до потпаѓањето на Египет под римска власт се нарекува **хеленистички период**.

По смртта на Александар во државата започнала борба за власт помеѓу неговите војсководачи **дијадоси.** Резултатот од тие меѓусебни борби бил поделба на империјата на три држави.

Во античка Македонија се зацврстил **Антигон Гонат** еден од војсководачите на Александар. Со тоа била формирана нова династија **Антигониди** кои ќе владеат со Македонија до нејзиното потпаѓање под римска власт во 168 година ст.ера.

Со Египет завладеал **Птоломеј**. Династијата која владеела со Египет била наречена **Птоломеиди.** Благодарејќи на силната флота загосподариле со Источното Средоземие. Главен град на царството бил градот Александрија. Последен владетел на Египет била кралицата **Клеопатра** која во битката кај Акциј била поразена од Рим Египет потпаднал под римска власт во 30 година ст.ера.



**Клеопатра**

Со азиските владенија на Александар завладеал **Селевк.** Тој ја создал државата на **Селевкидите** таа се простирала во Мала Азија и опстојувала до потпаѓањето под римска власт во I век од ст.ера.

Хеленистичкиот период се карактеризирал со богата култура која е позната како **хеленистичка.** Меѓу најголемите културни центри кои се издигнале во овој период биле Александрија, Пергам, Родос и други. Градовите биле со поплочени улици и плоштади, со водовод и канализација. Во градовите се граделе храмови и жртвеници каков што бил огромниот жртвеник во градот Пергам посветен на богот Зевс.



**Пергам**

Александрија бил град со многу храмови, дворци, театри, стадион и спортски терени. Градот бил богат со ботанички и зоолошки градини. Преставувал место каде се развивале науките математиката и физиката а најпознат математичар и физичар бил Архимед, познат по неговите технички откритија.

Се развила астрономијата и географијата. Познат географ и астроном бил Ератостен. Голем развој имало на полето на уметноста посебно во образованието, вајарството и сликарството. Најпознато дело била скулптурата Лаокон и неговите синови направен од мермер, скулптурата Афродита од Милос и други. Филозофијата се издвоила како посебна наука а се појавиле и филозофски школи.



Архимед

Во Александрија се наоѓала и највисоката научна институција **Мусејон** се наоѓала и библиотека која била достапна за научниците. За жал, библиотеката подоцна изгорела во пожар со што засекогаш биле уништени дела со голема историска и научна важност.



**Афродита од Милос**

**Прашања за дискусија**

1. Објасни кои биле причините за распаѓањето на државата на Александар III Македонски?

2. Кои биле последиците за државата на Александар III Македонски од несогласувањата и кавгите помеѓу дијадосите?

3.Кои се карактеристики на Хеленистичката култура?

4. Какво влијание има Хеленистичката култура врз развојот на науката, културата и уметноста во подоцнежниот период?

**Занимливости**

Светилникот во Александрија на блискиот остров Фарос, преставувал кула висока според некои податоци од 120-140 метри. Светлината од светилникот се забележувала на 50-60 километри во морето пред бродовите да впловат во пристаништето. Светилникот бил уништен од земјотрес.

На островот Родос пак била подигната огромна статуа висока 34 метри наречена Колос од Родос под кој пловеле бродови. На островот Ефес се издигнувал храмот на Артемида. На Халикарнас се наоѓала гробницата на Мавзол. Овие огромни градби биле дел од седумте светски чуда. Од сите нив денес е останата само Кеопсовата пирамида.



**Светилникот во Александрија**

Активност

Поделени во три групи истражувајте за државата на Птоломеидите, Селевкидите, за Македонија на Антигонидите. Извлечете најмалку по 3 карактеристики за овие држави и презентирајте.

Дали можете да утврдите гледајќи ја фотографијата, која била улогата на Светилникот во Александрија ?

## Тракиски кралства

Тракијците припаѓаат на индоевропската група на народи. Во Стариот век тие ја населувале територијата на север до реката **Дунав** и југоисточните делови на **Балканскиот Полуостров** до протоците **Босфор и Дарданели.**

Најпознати тракиски племиња биле **Одриси, Беси, Серди** и други. Тракијците немале свое писмо па за нив најмногу податоци добиваме од археологијата и од Херодот и од други старогрчки и староримски историчари и хроничари кои известуваат дека тие постоеле уште во времето на Тројанските војни, како сојузници на Тројанците.

Главно занимање на Тракијците било сточарството особено одгледувањето на коњи, кои имале важно место во животот на луѓето се занимавале и со земјоделие, занаетчиство, рударство. Исто така, биле вешти во обработката на благородните метали, во ловот и во трговијата. Тракијците живееле во племиња на чело на племето стоел владетел. Жената играла важна улога во домот и секојдневието тоа може да се заклучи по тоа што ја почитувале **Големата Мајка божица**, заштитничка на жената и плодноста.




**Територијата која ја населувале**

**Верувањата на Тракијците**

Како и повеќето народи на древните цивилизации така и Тракијците верувале во повеќе богови и култови на пример **култот за моќта на природата**. Тие ги почитувале светите шуми, дрвјата, изворите и потоците... Тие верувале во **Свето дрво на животот**, кое било поделено на три дела. Неговата крошна го симболизирала **небото**, неговото стебло ја симболизирало **земјата**, а неговите корени го симболизирале **подземниот свет**. Почитувале и култови на животни на пример, **змијата** била симбол на подземните сили.

Од Херодот добиваме информации за Тракијците и нивните богови кои ги почитувале покрај култовите. Тоа биле боговите **Хермес, Арес, Дионис, Асклепиј** и **Артемида**. Тракијците имале многу митови. Еден од највпечатливи митови е митот за **Орфеј** (неговото слегување во подземниот свет).



**Орфеј и Евридика**



**Сцена од обред**

**Одриско кралство**

Тракиските племиња биле разединети до V век ст.ера кога **Терес I** водач на едно тракиско племе успеал да обедини повеќе племиња на една територија и да ја создаде моќната држава на **Одрисите.** Центарот на ова кралство се наоѓало по течението на реката **Марица**.

Кралот во своите раце ја имал целата власт. Тој во исто време бил и главен војсководач, судија и свештеник,во неговото управување му помагал **Советот** кој го сочинувале неговите најблиски и претставници на богатото население. Најголемиот дел од населението го сочинувале слободните селани, а ропството не било многу застапено.

Со текот на времето Одриската држава се проширила на север до реката Дунав. Најголем подем државата достигнала за време на владеењето на наследниците на кралот Терес I, **Севт III** и **Котис I**. Тракијците заедно со Атињаните превземале поход против античка Македонија, но не успеале во своите намери да ја покорат.

Македонскиот крал **Филип II** по неколку походи во **341** година ст.ера успеал да го покори Одриското кралство. Тој таму го основал и градот **Филипопол**. По овој пораз тракијците не успеале повторно да создадат своја држава.

Покрај Филипопол други значајни градови во Тракија биле:**Севтополис** во подоцнежниот период и **Сердика.** По претворањето на Македонија во римска провинција во 148 година ст.ера, поголемиот дел и од територијата на Тракија била во рамките на провинцијата Македонија.



**Тракиски воини**

**Прашања за дискусија**

1. Зошто природата била застапена во митологијата на Тракијците?

2. Какво значење има коњот во секојдневниот живот на Тракијците?

3. Како се формирала државата на Одрисите?

4. Зошто кралот Филип II го изградил Филипопол?

**Активност**

Учениците поделени во три групи. Првата истражува кога и на кои територии живееле Тракијците Втората за Одриското кралство Третата за занимањата на Тракијците. Користете интернет, енциклопедија и други извори за. На крајот секоја група презентира до кои податоци дошле и проверуваат дали им се точни новите сознанија и истите се поткрепени со историски факти.

**Занимливост**

Орфеј бил познат тракиски поет и свирач на лира. Тој се споменува и во грчката митологија. Според преданијата богот Аполон нему му подарил лира која имала седум жици и тој додал уште две во чест на сите музи кои постоеле. Богот Аполон и музата Калиопа го научиле да свири.

Додека Орфеј свирел и пеел се случувале чудни работи птиците кружеле над неговата глава, рибите скокале во морските бранови, реките престанувале да течат дрвјата му правеле сенка за да го заштитат од сонцето и сите животни се собирале околу него. Тој се оженил со Евридика но таа набрзо починала. Орфеј се обидел да ја оживее слегол дури и во подземниот свет но не успеал во намерата



**Орфеј**

## Рим, Римската република и Римската империја

Западно од Балканскиот Полуостров се наоѓа друг Полуостров наречен **Апенински**. Името го добил од планинскиот венец Апенини. Апенинскиот Полуостров обиколен од **Јадранското Море** на исток, **Тиренското Море** на запад, **Јонското** и **Средоземното Море** на југ на север споен со **европскиот континент**.

Полуостровот има форма на чизма. Климатските услови плодните котлини и долини на реките **Тибар** и **По** овозможувале уште од најстаро време да има добри услови за развој на земјоделието, сточарството а со нивниот развој подоцна се развиле и занаетите и трговијата.

Апенинскиот Полуостров бил населен од повеке племиња но како најзначајни се сметат **Латините, Етрурците, Оските, Итали и други.**




**Апенински полуостров и народи кои го населувале**

**Настанокот на Рим**

За настанокот на градот **Рим** постои легенда која вели дека тој бил основан во **753 година** ст.ера од браќата близнаци **Ромул и Рем**. Според легендата, тие биле потомци на тројанскиот крал **Енеј**, кој по поразот на Троја долги години лутал на крај стигнал до бреговите на Апенинскиот Полуостров.

Ромул и Рем уште додека биле бебиња во реката Тибар ги фрлил во кошница нивниот злобен чичко плашејќи се за наследството на престолот. Близнаците ги нашла една волчица која ги задоила, а некој овчар ги одгледал. Кога пораснале браќата решиле да изградат град каде што биле пронајдени од волчицата и овчарот.

Во текот на изградбата на градот браќата се скарале, при што Ромул го убил својот брат Рем. Ромул бил прв кој владеел со **Рим**.





**Ромул и Рем** **Волчица ги задојува близнаците**

Според историските извори градот Рим настанал на територијата на **Латините**, на левиот брег на **реката Тибар,** на седум ридчиња. Таму се одвивала трговија не само со соседните племиња туку и со картагинските и грчките трговци. Со мешање на лугето прво никнала населба од шатори а подоцна град со тврда градба. Историските извори потврдуваат дека **Етрурците** во VIII век ст.ера ги покориле Латините и завладеале со градот Рим и истиот го утврдиле.

**Прашања за дискусија**

1. Како се формирала римската држава?

2. Зошто биле важни природните услови за населување на Апенинскиот Полуостров?

3. Колку има вистинитост во легендата за настанокот на градот Рим?

4. Како бил формиран градот Рим?

**Активност**

Проследете презентација за настанокот на Стариот Рим според легендата за Ромул и Рем. Учениците поделени во две групи. Едната го аргументира ставот за веројатноста на легендата, а другата е против. Групите да осмислат свои аргументи 2 до 3 и да ги приложат наставникот/наставничката ја координира дебатата и на крај ги оценува аргументите дискутирајте за тоа колкава е веројатноста дека Рим е основан според легендата и од каде се црпат докази за настанокот и постоењето на Стариот Рим. Извлечете заклучок како настанал градот Рим.

## Рим станува република

Населението во Рим било поделено на слободно население **патриции и плебејци** и неслободно население – **робови.**

**Патриции** представувале староседелско население кое било богато и целата власт се наоѓала во нивните раце**. Плебејците** биле потомци на доселениците, биле слободни граѓани кои се занимавале со земјоделие, сточарство, занаети и трговија. Тие плаќале даноци на државата и биле должни да одат во војска. Не учествувале во управувањето со државата. Со закон било забрането да се склучува брак помеѓу патриции и плебејци.

**Робовите** немале никакви права и тие ги извршувале најтешките работи. Во робови биле претворани луѓето од освоените територии од Рим а подоцна и поради долгови, луѓето станувале робови.

Во најстариот период со Рим владеел **крал** кој бил избиран и тој владеел со неограничена власт, бил врховен војсководач, судија и свештеник. Него го избирало **Народно собрание**, кое го сочинувале сите полнолетни патриции. Кралот морал да се советува со Сенатот за позначајните прашања за државата. Неговите членови биле на возраст постари од 60 години, биле богати и угледни граѓани.

Во **509** година ст.ера во Рим бил симнат и протеран кралот и било воспоставено ново државно уредување **Република**. Наместо со Рим да управува крал, управувале двајца избрани **конзули** кои управувале една година. Сенатот имал главен збор во државата. Само во случај на војна конзулите имале неограничена власт.

Со основањето на републиката побогатите плебејци го изразувале своето незадоволство и за себе барале поголеми права т.е. да се стекнат со истите права на патрициите. Во нивната борба успеале дури во IV век стг.ера сенатот морал да попушти под притисокот на плебејците и им дозволил да избираат свои претставници во власта наречени **народни трибуни.**



**Римски сенат**

**Прашања за дискусија**

1. Зошто патрициите биле привилигирано население во Рим?

2. Зошто плебејците ги немале истите права како и патрициите?

3. Каква била улогата на сенатот во Римската република?

4. Зошто побогатите плебејци не биле задоволни со својата положба во Римската република?

**Активност**

Проследете презентација во која се наведени главните носители на власта во Римската република (Конзули, Сенат, Народно собрание)поделени во групи, истражувајте и

подгответе куси презентации за различните носители на власта во Римската република.

## Рим прераснува во империја

Уште од основањето на градот Рим римјаните биле изложени на постојани напади од своите соседи.Воделе посебна грижа за формирањето на добро обучена војска составена од воени единици наречени **легии.** Легијата имала пет илјади војници постоеле повеќе легии. Во нивниот состав имало коњаница пешадија и морнарица.Тие биле добро вооружени и извежбани. Со легиите командувале конзулите.



**Легија римска единица**



**Легионер**

До средината на III век Римјаните загосподареле со целиот Апенински Полуостров. Но тие не се задоволиле само со овие освојувања нивна нова цел за освојување била **Картагина (Пуни)** град држава кој го основале Фојникијците во **Северна Африка** на бреговите на Средоземното Море.

Војните со Картагина уште се нарекуваат **Пунски војни.** Од **264-146** година ст.ера се воделе три војни. Втората пунска војна била најтешка за Римјаните затоа што пунскиот војсководач **Ханибал** стигнал до портите на Рим, но не успеал да го освои. Војната завршила со третата војна во која Рим победил а Картагина била запалена, разурната и уништена. Подоцна римјаните го освоиле и Пиринејскиот Полуостров.

Римјаните воделе војни и на Балканскиот олуостров ги покориле Илирите, Македонците, старите Грци, Тракијците и други народи кои живееле на Балканот. Но,тие не застанале тука туку продолжиле со нивните освојувања и во **Мала Азија и Египет** а кон средината на I век ст.ера ја освоиле и **Галија** за тоа бил заслужен Гај **Јулие Кајсар** еден од најдобрите римски војсководачи. Со овие освојувања Рим станал господар на средоземјето.



**Ханибал пред портите на Рим**

Со сите овие освојувања Рим прераснал во империја а за прв император се прогласил **Октавијан Август**(владел од 27 год.ст.ера до 14 год н.ера.). На почетокот на II век н.ера Римјаните ја освоиле и **Дакија**. Рим станал најголема светска сила во антиката која владеела на три континенти **Европа, Африка** и **Азија**. Освоените земји ги претворила во свои **провинции** со кои управувале намесници.

**Прашања за дискусија**

1. Зошто легијата има големо значење за Римската империја?

2. Зошто Римјаните ја разурнале и запалиле Картагина?

3. Размислете зошто Гај Јулие Каесар бил најзначаен војсководач во Римската империја?

**Активност**

Во работен лист во кој се накусо опишани трите Пунски војни, одговорете на следните прашања дадени на работниот лист: Која била причината за Пунските војни? Кои биле завојувани страни во војните? По што е познат Ханибал и како завршиле Пунските војни? Прочитајте ги одговорите и дискутирајте.

## Спартаковото востание

Робовите во римската империја биле во најтешка состојба. Поради положбата во која се наоѓале често кревале востанија. Тие биле слабо хранети и облекувани а ги извршувале најтешките работи за својот господар, биле сурово казнувани, жигосувани и врзувани во синџири и немале никакви права.

Во Рим постоеле и државни робови кои биле наречени **гладијатори.**Во специјални училишта биле тренирани да се борат меѓусебно а се бореле и со диви животни овие борби биле организирани за забава на Римјаните.



**Гладијатори**

Едно од најпознати востанија на робовите било востанието што го организирал и предводел **Спартак**, **роб гладијатор** кој потекнувал од Тракија. Востанието избувнало во втората половина на I век н.ера Тој со околу седумдесет робови гладијатори избегал на планината **Везув** а подоцна им се придружиле голем број на  и селани.

Востанието се проширило на јужниот дел на Апенинскиот Полуостров. Спартак ги повел востаниците на север неговата цел била преку Алпите да ја напуштат Италија и да се вратат во своите татковини. Ваквата идеја довела до несогласување меѓу востаниците,ова го искористила римската војска и го задушила востанието и сурово ги казнила преживеаните востаници.



**Спартаково востание**

**Прашања за дискусија**

1. Опишете ја положбата на робовите и сиромашното население во Римската империја.

2. Размислете дали гладијаторите биле во подобра или во полоша положба од останатите робови?

3. Што сакал Спартак да постигне со востанието?

**Активност**

Проследете презентација за гладијаторите и за Спартаковото востание. По презентацијата осмислете и нацртајте стрип (со најмалку 10 сцени) што го опишува животот и борбата на Спартак. Користете материјали од различни извори. По презентирањето на стриповите, дискутирајте за улогата на Спартак како водач во борбата за слобода на угнетените и како симбол за отпор против неправдата.

## Пропаѓањето на Римската империја

Со текот на времето Римската империја се повеке почнала да слабее. За тоа постоеле **внатрешни** и **надворешни причини**. Внатрешни причини биле: незадоволството на робовите и сиромашното население кои се бунтувале и кревале востанија намаленото производство на земјоделски и други производи што ги произведувале робовите и селаните зачестените војни и востанија што ги кревале поробените народи поради положбата во која се наоѓале.

Надворешни причини за слабеење и пропаѓање на Римската Империја биле: нападите на **Хуните, Германите** и други варварски племиња кои ги поминувале границите на Римската империја во **IV** и **V** век н.ера вршеле грабежи и уништувања. Римјаните не успевале да се одбранат од овие напади. Во **395 година** од н. е. државата била поделена на два дела, **Западно Римско Царство** и **Источно Римско Царство.**




**Поделба на Римското Царство**

Западното Римско Царство пропаднало во **476** година н.ера Источното Римско Царство опстојувало скоро уште илјада години се до **1453** година н.е. кога Османлиите го освоиле.

**Прашања за дискусија**

1. Како влијаеле внатрешните причини за слабеење на Римската империја?

2. Зошто надворешните непријатели сакале да ја уништат Римската империја?

**Активност**

Проследете презентација во која се наведени причините за пропаѓање на Римската империја. По презентацијата во две групи поделени. Првата група истражува за внатрешните влијанија што ја слабееле Римската империја. Втората група истражува за варварските племиња што ја напаѓале империјата. На крајот ги изложуваат своите сознанија и ја определуваат веродостојноста на податоците.

# РИМЈАНИТЕ И НИВНИТЕ ВЕРУВАЊА

Римјаните ги обожувале духовите на своите предци, кои ги сметале за заштитници на домот и семејството, верувале во задгробен живот. Како и многу други народи и Римјаните биле многубошци верувале во многу богови. Нивните богови ги поврзувале со природните појави и со небеските тела. Големо влијание на религијата и митологијата на Римјаните имале Етрурците и Старите Грци. Така по примерот на боговите кај Старите Грци и Римјаните имале свои богови, што ги претставувале со човечки лик.



**Јупитер**



**Јунона**

Во чест на своите богови, Римјаните граделе величествени храмови во кои служеле свештеници. На боговите им принесувале жртви, пишувале химни и молитви кои се изведувале за време на празниците. Римјаните изградиле храм посветен на сите богови кој се нарекува **Пантеон.**



**Римскиот Пантеон**

Врховен бог кај Римјаните бил богот **Јупитер** владетелот на небото **Јунона** била неговата жена божица на бракот и семејството, **Венера** божица на љубовта, **Марс** бог на војната, **Нептун** бог на морето, **Вулкан** бог на огнот, **Меркур** бог на трговијата и патувањето гласник на боговите **Дијана** божица на ловот **Минерва** божица на мудроста, **Аполон** бог на светлината извор на медицински знаења и уметност, **Церера** божица на земјата**, Бах** бог на виното и на земјоделските култури, **Плутон** бог на подземниот свет и други.

**Прашања за дискусија**

1. Зошто Римјаните верувале во богови?

2. Од кои причини Римјаните своите божества ги претставувале по примерот на грчките?

**Занимливости**

Зборот религија доаѓа од латинскиот збор што значи обврска. Луѓето требало да ги почитуваат боговите да се молат и да принесуваат жртви а боговите биле должни да го извршуваат тоа што од нив се барало.

## Појава на христијанството

Христијанството се појавило во **Палестина** која се наоѓала под римска власт. Името го добило по името на **Исус Христос** кој според верувањата на Христијаните бил син на богот кој го создал светот и се наоѓал на небото. Исус бил испратен на земјата за да ги избави луѓето од тешката положба во која се наоѓале и во него луѓето гледале месија односно спасител.



Исус Христос

Денот на раѓањето на Исус Христијаните го слават како **Божик**. Од раѓањето на Исус започнала новата ера, според која денес се смета времето. **Назарет** бил град во Палестина каде Исус го поминувал своето детство.

Според христијанското учење, луѓето биле еднакви меѓу себе, верниците требало да живеат скромно и чесно верувале во задгробен живот, верувале дека постои пекол во кој ќе одат оние кои прават лошо и рај во кој ќе одат оние кои прават добро. Исус го ширелсвоето учење со помош на своите ученици **апостоли** кои го продолжиле неговото дело и по неговата смрт.

Во Римската империја, долг период Христијаните биле изложени на прогонства и биле убивани. Според Библијата(света книга на Христијаните) Римјаните плашејќи се од востанија на населението кое живеело тежок живот го осудиле Исус на смрт со распнување на крст Исус воскреснал односно ја победил смртта. Денот на воскреснувањето и победата на животот над смртта кај Христијаните се слави како **Велигден.**

Сите овие мерки преземени против христијаните не успеале да го спречат ширењето на христијанството тоа повеќе се здобивало со приврзаници и се ширело насекаде низ Империјата. Христијаните се организирале во христијански општини а со обединување на христијанските општини постепено се формирала христијанската црква.

Најзаслужен за ширење на Христијанството во античка Македонија, стара Грција Илирик бил **апостол Павле** со формирање на христијански општини кои потоа прераснале во цркви. Такви цркви биле изградени во Хераклеа, Стоби, Дирахион, Коринт и на други места.

Во 313 година н.ера римскиот император **Константин Велики** со документот **Милански едикт** дозволил христијаните слободно да ја исповедаат верата а христијанската религија станала рамноправна со другите религии. Христијанската религијата е монотеистичка се верува во еден бог.




**Библија**



**Цар Константин и Елена**

**Занимливости**

Ученици на Исус биле: Петар, Андреј, Јаков, Јован, Филип, Вартоломеј, Тома, Матеј, Јаков Алфеев, Тадеј, Симон, Јуда Искариот.

Владеењето на Понтиј Пилат во Јудеја се одликувало со насилство, што довело до масовно народно незадоволство. Се смета дека Пилат бил одговорен за распнувањето на Исус Христос.

Христијанското учење е изложено во светата книга Библија. Библијата се состои од Стар и Нов завет. Во Новиот завет се раскажува за делата и за проповедите на Исус и Апостолите. Симболи на христијанството се: крстот, рибата, лебот и виното.

**Активност**

Изработете карти за играње со грчките и со римските богови и божици на секоја карта запишете го името на еден бог/божица и нацртајте слика за него/неа, по модел на илустрации од интернет, и запамтете ја улогата на секој од боговите/божиците. Дополнителна карта го претставува Пантеон меѓу членовите на групата и еден од друг влечете по една карта.

Секогаш кога ќе спарат грчки и римски бог/божица ги поставуваат спарените карти на масата.

Играта продолжува сè додека се спарат сите, а победник е оној кој ќе остане со картата Пантеон. На лист залепете ги паровите и за секој пар запишете ја улогата на

боговите/божиците и презентирајте. При презентацијата направете аналогија со имињата на планетите од Сончевиот систем.

Проследете презентација во која се објаснува појавата на Христијанството. Потоа, поделени во групи, истражувајте за раѓањето на Исус Христос, за ширењето на христијанството, за разликите помеѓу христијанството и другите религии во тој период.

Презентирајте ги одговорите и дискутирајте за тоа кои промени се случиле во животот на луѓето под влијание на Христијанството.

## Културата и науката во Стариот Рим

Римската култура, освен што имала сопствени обележја, била изложена на културни влијанија на други народи посебно на културата на Етрурците и Старите Грци. Латинскиот јазик го добил името според племето Латини кои ја населувале областа Лациј. Римјаните се воодушевувале од грчката книжевност и уметност. Со приспособување на грчкото писмо било создадено **латинското писмо** кое се состоело од знак за секој глас. Римјаните имале броеви кои ги нарекуваме **римски броеви**.

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | I | 21 | XXI | 41 | XLI | 61 | LXI | 81 | LXXXI |
| 2 | II | 22 | XXII | 42 | XLII | 62 | LXII | 82 | LXXXII |
| 3 | III | 23 | XXIII | 43 | XLIII | 63 | LXIII | 83 | LXXXIII |
| 4 | IV | 24 | XXIV | 44 | XLIV | 64 | LXIV | 84 | LXXXIV |
| 5 | V | 25 | XXV | 45 | XLV | 65 | LXV | 85 | LXXXV |
| 6 | VI | 26 | XXVI | 46 | XLVI | 66 | LXVI | 86 | LXXXVI |
| 7 | VII | 27 | XXVII | 47 | XLVII | 67 | LXVII | 87 | LXXXVII |
| 8 | VIII | 28 | XXVIII | 48 | XLVIII | 68 | LXVIII | 88 | LXXXVIII |
| 9 | IX | 29 | XXIX | 49 | XLIX | 69 | LXIX | 89 | LXXXIX |
| 10 | X | 30 | XXX | 50 | L | 70 | LXX | 90 | XC |
| 11 | XI | 31 | XXXI | 51 | LI | 71 | LXXI | 91 | XCI |
| 12 | XII | 32 | XXXII | 52 | LII | 72 | LXXII | 92 | XCII |
| 13 | XIII | 33 | XXXIII | 53 | LIII | 73 | LXXIII | 93 | XCIII |
| 14 | XIV | 34 | XXXIV | 54 | LIV | 74 | LXXIV | 94 | XCIV |
| 15 | XV | 35 | XXXV | 55 | LV | 75 | LXXV | 95 | XCV |
| 16 | XVI | 36 | XXXVI | 56 | LVI | 76 | LXXVI | 96 | XCVI |
| 17 | XVII | 37 | XXXVII | 57 | LVII | 77 | LXXVII | 97 | XCVII |
| 18 | XVIII | 38 | XXXVIII | 58 | LVIII | 78 | LXXVIII | 98 | XCVIII |
| 19 | XIX | 39 | XXXIX | 59 | LIX | 79 | LXXIX | 99 | XCIX |
| 20 | XX | 40 | XL | 60 | LX | 80 | LXXX | 100 | C |

**Римски и арапски броеви**

Латинскиот јазик и денес наоѓа голема примена во областа на медицината, природните науки а планети од Сончевиот систем ги носат имињата на римските богови и божици. Во секојдневниот живот користиме зборови од латинско потекло: календар, магистер, доктор, професор, рецепт...

Римјаните создале богата материјална култура посебно во **архитектурата** и **градежништвото**. Во Рим бил познат **форумот** (плоштадот) околу кој биле изградени згради на државните институции **Пантеонот** храмот на боговите, **Колосеумот** каде се

одржувале гладијаторски борби и можел да собере и до 50 000 гледачи. Во чест на воените победи граделе **триумфални порти**.

Римските градови се одликувале со поплочени улици, мостови, бањи, канализации. За снабдување со вода граделе **аквадукти**. Градовите биле поврзани со поплочени улици. Плоштадите и јавните згради биле украсувани со скулптури и бисти на богови и владетели. Во Римската империја било развиено **сликарството,**фреско сликарството како и изработката на **мозаици** кои ги украсувале палатите на богатите римјани и владетели.

Во Римската империја било развиено правото со кое се регулирале односите меѓу поединците како и меѓу поединците и државата. **Римското право** придонело за развој на правните науки тоа се проучува и денес на правните факултети ширум светот. Римјаните имале развиена медицина. **Клаудије Гален** бил еден од најпознатите лекари и истражувачи.

**Занимливости**

Најпознати римски поети биле Овидиј, Хоратиј и Вергилиј. Плаут бил познат комедиограф во Рим било развиено говорништвото (ораторството). Најпознат римски говорник бил Кикерон.

**Прашања за дебата**

1.Размисли како влијаела етрурската и грчката култура на  развојот на римската?

2. Што ја карактеризирала материјалната култура во Римската империја?

**Активност**

Истражувајте за секојдневниот животот на луѓето во Римската империја и притоа наведете барем по три карактеристики за  храна, облека, музика, забава, семејство во римското општество. Сознанијата претставете ги на еден голем постер. Дискутирајте за секојдневниот живото на луѓето во Римската империја и донесете заклучок каков бил животот на луѓето,зависно  од општествената група на која припаѓале.

**Проектна активност**

Културата и науката во Стариот Рим. Направете мултимедијална презентација за наследството на римската култура и наука за современата култура и наука. Дискутирајте и извлечете заклучоци.

**Римското присуство на Балканот**

Балканскиот Полуостров пред освојувањата на Римјаните бил населен со народи кои дел од нив во минатото формирале и свои градови-држави, кралства и царства како на пример старите Грци античките Македонци, Илирите, Тракијците и други. Римјаните биле заинтересирани за природните и рудните богатства, богатиот плен и за можноста задобивање  нови извори на робови на Балканскиот Полуостров.



**Аквадукт**

**Илирско-римски војни**

Кон крајот на III век ст.ера први на удар од римските напади биле изложени Илирите. Илирите воделе три војни со Римјаните во временски период од половина век. И покрај силниот отпор што го пружале Илирите тие сепак биле поразени во **168** година ст.ера кралот Гентиј и неговото семејство биле заробени и одведени во Рим со тоа Илирите биле принудени да ја признаат римската власт.

Илирија била претворена во Римска **провинција** наречена **Илирик** со која управувал **наместник** поставен од Римјаните тој ја имал сета воена и цивилна власт.



**Илирско-римска војни**




**Провинција Илирик**

Територијата на провинцијата Илирик се простирала на југ од **реката Дрим** на север **до полуостровот Истра** на запад од **Јадранското море** на исток до **Панонската низина**. Илирик имал голема стратешка и економска важност за Римјаните таму се наоѓале пристаништа за трговија и пренос на стока, а внатрешноста на земјата располагала со богати рудни наоѓалишта.На територијата на Илирија античка Македонија и Тракија,Римјаните почнале да го градат познатиот и многу важен пат за Римјаните **Виа Игнација** (Via Egnatia) кој водел од **Јадранското море до источниот дел на Егејското море** .

На населението му било наметнато да плаќа големи даноци, да гради патишта и слично. Поради тешкиот живот, Илирите често кревале востанија за да си ги подобрат условите за живот т.е. да се ослободат од Римјаните.

Занимливост

Најголемото востание на илирите било востанието на Батон кое избувнало во првата половина на I век н.ера.Илирите успеале да ослободат значителна територија на Илирик но поради неслогата по четири години востанието било задушено. Востанието на Батон оставило впечаток во Рим поради високиот морал на востаниците. Хроничарите запишале дека Гордите илирски жени со доенчиња се фрлале во оган, а борците се наденувале со сопствените мечеви.



Виа игнација Римски пат



Градба на римски пат

**Македонско-римски војни**

Во периодот на римските освојувања на Балканскиот Полуостров, античкото Македонско кралство имало свое значајно место на Балканот. Тоа претставувало центар на моќ и **мост** за понатамошните освојувања на Римјаните што ги планирале. Во периодот од **215 до 168** година ст.ера биле водени **три војни** познати како Македонско-римски војни. Причините за војните секогаш биле слични или истиосвојување на нови територии и поробување на населението,собирање на најразлични давачки и даноци, користење на природните и рудните богатства.

Најтешката војна за античките Македонци била третата Македонско-римска војна во која античките Македонци предводени од Персеј доживеале пораз кај **Пидна** во **168** година ст.ера, и покрај тоа што бил во сојуз со Илирскиот крал Гентиј. Персеј и неговото семејство ја доживеале истата судбина како и Гентиј, биле заробени и одведени во Рим. На тој начин било ставено крај на античкото Македонско кралство. По војната голем број градови и села биле разурнати, голем дел од населението било одведено во ропство.



**Сцена од Римско-македонските војни**

По победата, римскиот Сенат донел одлука територијата на античка Македонија да биде поделена на четири области со нивни центри. На населението му било забрането меѓусебно да се поврзува освен во ретки случаи. Забрането било меѓусебно да склучуваат и бракови.

Незадоволното население предводено од Андрикс кој лажно се претставувал како син на Персеј во **149** година ст.ера кренало востание кое било задушено и во **148** година ст.ера античка Македонија била претворена во **римска провинција.** Провинцијата Македонија Римјаните ја прошириле до Епир и Тесалија на југ и на север до реката Дунав.




**Провинција Македонија**

**Провинција Тракија**

По претворањето на античка Македонија во римска провинција, голем дел од територијата на Тракија била во составот на провинцијата Македонија. Со текот на годините, намесниците (управителите) на провинцијата воделе битки со тракиските племиња. Меѓу нив највоинствени биле **Бесите**. Тие кренале големо востание против Римјаните во првата половина на I век од н.ера Бесите биле поразени и по овој пораз тие повеке никогаш не успеале да се опорават.

Кратко време потоа големо востание против Рим кренало и тракиското племе Одриси, кое исто така било задушено од римската војска.

Поради честите востанија, Рим организирал походи против тракиските племиња и решил во првата половина од I век од н.ера да ја претвори Тракија во посебна римска провинција издвојувајќи ја од провинцијата Македонија. Територијата на која се простирала провинцијата била од реката Дунав на север на југ до Егејското Море и на исток до Босфорот.

Во Тракија во тој период не постоеле поголеми градови. По формирањето на провинцијата Тракија, Римјаните започнале да градат нови градови и истите да ги колонизираат.

Римјаните граделе и патишта а најпознат бил воениот пат Виа Милитарис кој го поврзувал Сингидунум (Белград) со Византион (Истанбул). Овој пат овозможувал поврзување на Средна Европа со Мала Азија преку Тракија и придонел за развој на трговијата.

Поради својата географска местоположба, територијата на Тракија во наредниот период била под постојани воени напади од Готите и Хуните, а од VI век и од словенските племиња.



**Провинција Тракија**

## Промените на Балканот во време на Римското владеење

По потпаѓањето на Балканот под власт на Римјаните, дошло и до промени на навиките и начинот на живеење на населението.  Населението почнало да го прифаќа римскиот начин на живеење и размислување.Биле прифатени и нивните: култура, јазик, азбука, броеви, религија, обичаи, начин на градење и слично. Тоа го означува почетокот на романизација на Балканот.

Романизацијата најпрво ја прифаќало богатото население кое живеело во градовите, а побавно се одвивала кај посиромашното население и во помалите места за живеење. Романизацијата претставува облик на културно навлегување и асимилација на неримското население на подрачјето на Римската империја во целина.



**Инсула Римска станбена зграда за живеење**



**Римска архитектура**

**Прашања за дискусија**

1. Наведете ги причините за војните на Римјаните против балканските држави и народ.

2. Кои биле последиците од римските освојувања на Балканот?

3. Зошто Римјаните давале големо значење на градењето патишта?

4. Што претставува романизација?

**Активност**

Проследете кратка презентација за илирско-римските,македонско-римските и тракиско-римските војни како дел од освојувањето на балканските територии од страна на Римјаните. Истражувајте за римските провинции Македонија, Илирик и Тракија. На временска лента означете го времето на воспоставување на провинцијата. Направете историски мапи секоја група ја црта територијата на провинцијата за која истражувала, а на посебен лист прикажува по што била провинцијата значајна.

## Антички археолошки наоѓалишта/локалитети на Балканот

**Археологијата** е наука која се занимава со откривање и проучување на материјалните остатоци т.е сите воочливи траги што ги оставил човекот во различни периоди од неговото постоење. По своите содржини и цели таа претставува општествено-историска наука. Луѓето кои се занимаваат со оваа наука се нарекуваат **археолози** Секој од нив може да има одредена специјалност од археологијата. Артефактите претставуваат остатоци и предмети за проучување.

Во недостаток на сопствено писмо најмногу податоци за Илирите античките Македонци и Тракијците добиваме од старогрчките и староримските историчари и хроничари, кои биле современици на тогашните случувања на Балканот.

Исто така значајна улога имаат и **материјалните остатоци**, на пример градови, ѕидини, керамика, мозаици, облека, погребни објекти и друго, од кои црпиме информации.

### Остатоци од илирски археолошки наоѓалишта

1. Илирите се разликувале од другите соседни народи по јазикот, обичаите, културата и верувањата. Тие зад себе оставиле бројни археолошки наоѓалишта како што се градовите **Аполонија** кој се наоѓа во јужниот дел на денешна Албанија како и градот **Бутринт. Дирахион** се наоѓа во околината на Драч, додека пак **Скадар** се наоѓа на северот на Албанија **Наисус** денешен Ниш (Србија), во III век ст.ера бил населен од Дарданците

а подоцна го утврдиле Римјаните. Градовите представувале главни економски и културни центри. Во нив биле откриени монети многу убави изработки на накит, оружје, алатки за работа, скулптури и слично. Од овие археолошки наоди дознаваме за секојдневниот живот на луѓето во градовите, за нивниот начин на живеење и богатство.

Исто така зачувани се голем број остатоци од помали утврдени населби кои имале за цел да се одбранат од непријателот така дознаваме и за животот на посиромашното население.



**Аполонија**



**Бутринт**

**Археолошки локалитети и наоѓалишта во Македонија**

Античките Македонци и македонски кралеви ни оставиле голем број материјални остатоци како што се: монети од бронза, сребро и злато, убаво и фино изработен накит, оружје, штитови, орудија за работа, керамика и сл. Сето ова ни зборува дека било развиено занаетчиството.

Во античка Македонија биле развиена и архитектурата и градежништвото а тоа може да се заклучи по бројните раскошни палати на кралевите и убави куќи на богатото население кои биле украсени со убави мозаици.

Од ова да заклучиме дека. Најзначајни археолошки наоѓалишта во Македонија од предримскиот период се престолнината на македонските кралеви **Пела,** кралската гробница во **Вергина** (Кутлеш) кои денес се наоѓаат во соседна Грција, **Требеништа** (Охридско), **Марвинци** (Валандовско)**, Вардарски Рид** (Гевгелиско)**.**

Од римскиот период, по своето значење се издвојуваат градовите **Хераклеа** кој се наоѓа во околината на Битола за кој има податоци дека основите ги поставил македонскиот крал Филип II но најголемиот развој го достигнал во време на римското владеење.Градот **Стоби** во близина на Градско каде што Црна река се влева во Вардар **Скупи** (Скопје) и други градови.



Стоби



Хераклеја



Мозаик



Монети

## Тракиски градови и археолошки наоѓалишта

Кон крајот на V век и почетокот на IV век ст.ера тракиските села се повеќе се ширеле и урбанизирале некои прераснале и во кралски градови бидејки во нив имало кралски палати. Кога македонскиот крал Филип II ја освоил Тракија тој го подигнал градот **Филипопол**, што значи **„Градот на Филип**". Денес, ова е современиот бугарски град Пловдив.

Кон крајот на IV век ст.ера **Севтополис** се издигнал како тракиски кралски град. Неговите урнатини биле случајно откриени при изградба на брана кај Казанлак (Бугарија). Градот го добил името по одрискиот крал Севт III, современик на Александар Македонски и неговите наследници.



Севт III



Кралска гробница

Тракијците ги погребувале своите аристократи со нивните богатства многу артефакти произведени во античка Тракија биле откриени од археолозите во модерните времиња. Тие многу зборуваат за богатиот културен живот на Тракијците.

**Прашања за дискусија**

1. Што претставува археологијата?

2. Кои луѓе се нарекуват археолози?

3. Зошто материјалните остатоци се многу важни за историската наука?

4. Размисли за важноста на античките археолошки наоѓалишта како заедничко културно наследство на народите на Балканот.

**Активност**

Проследете презентација за влијанието на римската култура врз начинот на живот на народите на Балканот. Истражувајте поделени во групи за археолошките локалитети на Балканот, за Аполонија, Бутринт, Наисус, Скупи, Стоби, Хераклеа, Требениште, за Филипопол и Севтополис. Определете преку кои артефакти и археолошки остатоци (оружје, грнчарија, монети, градби) во секое од наоѓалиштата се гледа античкото влијание. По презентациите дискутирајте за важноста на античките градови на Балканот како воено-административни и културни центри.

# ТЕМА 2: АНТИЧКИ ПЕРИОД ВО ИСТОРИЈАТА НА ЕВРОПА И БАЛКАНОТ

*СОЗДАВАЊЕ И ШИРЕЊЕ НА АНТИЧКА МАКЕДОНИЈА*

Територијата на Античка Македонија се простирала во средишниот дел на Балканскиот Полуостров. На југ се граничела со териториите на Старите Грци, на северозапад се наоѓала територијата на која живееле Илирите, на североисток териториите населени со Тракијците. Територијата била населена од најстарите времиња, а некои од племињата кои ја населувале биле: **Пелагонците, Орестите, Линкестите** и други.

Територијата во приморскиот дел на Егејското Море била позната како Долна, а во планинскиот дел како Горна Македонија.

Создавањето на државата на Античките Македонци е поврзана со владетелот **Пердика I**, кој владеел од крајот на осмиот и почетокот на седмиот век од ст. ера.

Престолнина на државата бил градот **Ајга**, а кралското семејство водело потекло од градот Аргос. Затоа, првата македонска династија (кралско семејство) била позната како **Аргеади. Херакле** бил митски родоначалник на династијата.



**Пердика I**

Во Античка Македонија, кралот бил носител на верската, воената и судската власт. Тој бил врховен заповедник на војската, ја предводел војската во битка, објавувал војни и

склучувал мир. Голема улога имале придружниците на кралот и Народното собрание кое носело важни одлуки, а го сочинувале полнолетни мажи способни да носат оружје.

По смртта на Пердика I, во почетокот на VII век од ст. ера, со државата владееле повеќе владетели, а посебно се истакнал **Александар I**, кој владеел во првата половина на V век од ст. ера. Во тој период се воделе Грчко-персиските војни. Александар I ѝ помогнал на грчката војска во војната со Персија и затоа подоцна од нив бил наречен пријател (филхелен). Александар I е познат и по тоа што ковал свои монети, користејќи ги рудниците со сребро, што го симболизира напредокот на државата.



**Монети од времето на Александар I**

Владетелот **Пердика II**, кој владеел во V век од ст. ера, бил вешт дипломат и политичар. Успеал да се погрижи и за културно издигнување на античката македонска држава. Во неговиот двор присуствувале голем број истакнати личности од тој период.

И владетелот **Архелај I**, кој владеел кон крајот на V век од ст. ера, направил многу за својата држава. Ја реорганизирал војската, формирал коњаница и пешадија. Бил познат и по градителската дејност, изградил патишта, ја пренел престолнината од **Ајга** во новоизградениот град **Пела,** кој се наоѓал поблиску до морето и имал подобри услови за економски развој.



**Ајга**



**Пела**

На кралскиот дворец живееле и работеле познати старогрчки уметници и поети. Архелај I ги организирал **Македонските олимписки игри** во светиот град **Дион,** во чест на богот **Диос**. Ги подобрил односите со Атина на тој начин што испорачувал дрвена граѓа потребна за градење бродови.

**Прашања за дискусија**

1. Зошто територијата на Античка Македонија од најстари времиња била населена со голем број племиња?

2. Што значело ковањето монети за државата на Александар I?

3. Зошто Архелај I ја пренел престолнината од Ајга во Пела?

**Активности**

1. Истражувајте! На карта обележете ја територијата и пронајдете податоци за некои од племињата кои ја населувале територијата на Античка Македонија. Направете презентација и потоа дискутирајте во групите за тоа кога и каде живееле Античките Македонци.

2. Погледнете ги сликите од археолошките остатоци на Ајга и Пела. Што може да кажете за нив?

**Занимливости**

Најстарите податоци за Античка Македонија ги дава поетот Хомер. Најстарото име, според антички автори, било Ематија, а името Македонија води потекло од Макета или од митскиот предок Македон за кого постојат дури три легенди. Според првата, Македон бил син на Зевс и Тија, а според втората, тој бил еден од 50 синови на аркадскиот крал Лиаком. Според третата, тој бил син на египетскиот бог Озирис.

## МАКЕДОНСКАТА ДРЖАВА ВО ВРЕМЕ НА ФИЛИП II

Вистински подем Античка Македонија како држава го доживеала кога на нејзиниот престол дошол **Филип II Македонски (359 – 336 година од ст. ера).** Филип бил заложник во градот Теба и таму се здобил со солидно војничко образование, а по доаѓањето во Македонија ја презел власта на 23-годишна возраст.



**Филип II**

Со цел да ја зацврсти својата власт, но и да преземе освојувачки походи кои ги планирал, Филип II направил реформи во војската со формирањето на македонската фаланга. **Фалангата** се состоела од 16 реда пешадија, вооружени со копја наречени **сариси** долги неколку метри, коњаница опремена со шлемови, мечови и копја, воени направи – катапулти и овни – направи за навлегување во тврдини. Како посебна единица се истакнувала личната гарда на владетелот – **хетајри.**



Освен во војската, Филип II направил реформи и во финансиите и градежништвото. Ковал златни монети кои станале симбол на силата на државата. Големо внимание посветувал на градењето патишта, градови и тврдини, храмови и светилишта. Познато е дека во непосредна близина на денешна Битола го изградил градот **Хераклеја Линкестис**, а во Тракија градот **Филипопол** (денешен Пловдив).

Филип II бил вешт политичар. Со некои свои противници преговарал, а со некои војувал, на пример, со Илирите и Тракијците, а користејќи ја неслогата помеѓу градовите држави во Стара Грција, ги освоил нејзините колонии и ја проширил државата.

Меѓу Старите Грци, Филип II имал приврзаници, но и противници. Најголем противник на Филип II бил познатиот оратор (говорник) **Демостен**, кој ги повикувал градовите држави во Стара Грција да се обединат во борбата против Филип. Во тоа успеал и формирал сојуз на чело со Атина и Теба. Говорите на Демостен против Филип се познати како **филипики**.

До решавачка битка на Филип II со сојузот предводен од Атина дошло кај **Хајронеја во 338** година од ст. ера, во битката во која учествувал и неговиот син Александар. Победник во оваа битка бил Филип II.

По смирувањето на состојбите на Балканот, Филип II започнал да се подготвува за поход против Персија. Во екот на подготовките, во заговор, Филип II бил убиен, а на чело на престолот на македонската држава застанал неговиот син Александар III.

**Прашања за дискусија**

1. Размисли кои биле резултатите од спроведените реформи на Филип II.

2. Размисли зошто Старите Грци се спротивставиле на освојувањата на Филип II.

**Активности**

Истражувајте како настанала Античка Македонија. На временска лента обележете го периодот на владеење на македонските владетели. Истражете на интернет како се развивала македонската држава во времето на Пердика I, Александар I, Пердика II, Архелај I и Филип II.

## МАКЕДОНСКАТА ДРЖАВА ВО ВРЕМЕ НА АЛЕКСАНДАР III МАКЕДОНСКИ

По смртта на Филип II, на чело на македонската држава дошол неговиот син **Александар III Македонски**, кој владеел во периодот од 336 до 323 година од ст. ера. Александар III Македонски бил роден во 356 година од ст. ера во Пела, престолнината на Античка Македонија. Негови родители биле **Филип II** и **Олимпијада**. Детството го поминувал низ игри со децата на соработниците на Филип II. Омилениот коњ на Александар Македонски се викал **Букефал**, кој го добил од неговиот татко и со него поминал многу битки.

Александар имал повеќе учители од кои учел за воените вештини. **Илијада** била негова омилена лектира, а негов најпознат учител бил познатиот филозоф Аристотел, кој го подучувал и му влеал љубов за филозофијата, науките и уметностите.

Од својата 16-годишна возраст, Александар III го следел неговиот татко во воените походи и на таков начин учел за водење на битките, но и да управува со државата. Обидот на некои градови држави во Стара Грција да ја отфрлат македонската власт не успеал.

Александар ги победил и ги принудил да ја признаат неговата власт, а потоа презел поход на север кон реката Дунав против воинствените племиња. Со овие походи Александар ја зацврстил својата власт на Балканот и започнал со подготовки за поход на исток против Персија.

Во 334 година од ст. ера, откако добро се подготвил, се претпоставува со над 40 000 **војници**, Александар се упатил на исток против Персија. На чело на персиската држава стоел **Дареј III**, кој владеел со држава многу поголема од македонската и имал поголем број војници. Првата победа над Персијанците Александар III ја извојувал на реката **Граник во 334 година од ст. ера.**

Во битката кај градот **Исос**, **во 333 година од ст. ера**, персиската војска предводена од персискиот владетел Дареј III доживеала втор пораз. Во битката било заробено семејството на Дареј III, а тој избегал. Кон семејството на Дареј III, Александар се однесувал со почит.

По победите над персиската војска, Александар III преку Фојникија се упатил кон Египет, кој бил под персиска власт. Го ослободил и бил прогласен за син на богот на сонцето, Амон Ра. Во Египет основал град кој го добил името Александрија.

До решавачка битка со Персија дошло во **331 година од ст. ера.** Во битката кај **Гавгамела**, Александар по трет пат ја поразил персиската војска. Дареј III повторно избегал, но набрзо бил убиен од неговите придружници. Александар III подоцна ги фатил убијците и ги казнил. По победата над Дареј III, Александар III се прогласил за владетел на Азија, а градот Вавилон го прогласил за престолнина. Тука не запреле освојувањата на Александар. Со неговата војска продолжил на исток кон **Индија** каде што се судрил со **Пор**, владетелот на Пенџаб, но и со локалните племиња. Со освојувањата на исток,

Александар III создал огромна држава која се простирала на три континенти: **Европа, Африка и Азија.**

Александар бил познат по тоа што ги почитувал народите и државите кои ги покорил иако имале различни обичаи, култура и верувања од неговите. Прифатил некои од нивните обичаи, како, на пример, персискиот начин на облекување и поклонувањето пред владетелот.

Со ваквиот начин на однесување кон покорените народи, тој ги привлекувал на своја страна. Некои од нив го прогласувале за ослободител или го прогласувале за бог.

Александар спроведувал политика на толеранција помеѓу различните народи и различните култури. Противниците кои не го почитувале или се спротивставувале, Александар ги судел и ги казнувал.

Постојаните војни, болестите, климата, ја исцрпиле војската на Александар. Војниците со години не си ги виделе своите семејства. Се побуниле и сакале да се вратат во своите домови. Соочен со незадоволството на војниците, Александар III решил да се врати назад во Вавилон.

Враќањето се одвивало по копнен и по поморски пат. Многу војници настрадале на враќање по тешко проодните и пустински предели. По неколку месеци, војниците предводени од Александар се вратиле во градот Суза.

По враќањето во Суза, во 324 година од ст. ера била приредена свадба во која 10 000 војници на Александар се жениле со 10 000 Персијки. Овој настан уште се нарекувал **Свадба на Европа и Азија**. Александар планирал нови походи, но во **323 година од ст. ера**, во Вавилон, Александар се разболел и починал на 33-годишна возраст.

Александар бил одличен стратег, градител, го направил тоа што не постоело пред него, спој на културите од Европа, Африка и Азија. Го прославил името Македонија, а се смета за најголем освојувач во историјата. Поради сите свои достигнувања, Римјаните му го дале прекарот **Магнус – (Голем)Велики**.



**Александар III Македонски**

**Прашања за дискусија**

1. Зошто велиме дека Александар III создал светска империја?

2. На кои начини Александар III ги придобивал народите и племињата кои војнички ги поразил?

**Занимливости**

Владетелот Гордиј, во Мала Азија, заврзал јазол кој по него бил наречен Гордиев јазол. Гордиј рекол дека тој што ќе го одврзе јазолот ќе биде владетел на светот. Овој јазол никој не успеал да го одврзе. Александар со меч го пресекол јазолот и на тој начин се остварило пророштвото на Гордиј – Александар станал владетел на голем дел од тогашниот познат свет.

**Активност 1**

Проследете презентација на која е прикажана целокупната територија што ја освоил Александар III Македонски за време на неговото владеење. На географска карта, нацртајте ги границите на таа територија и означете ги регионите и поголемите градови кои се наоѓале таму.

Идентификувајте ги современите држави и поголемите градови кои се наоѓаат на таа територија и презентирајте.

**Активност 2**

Подгответе презентација за животот и за владеењето на Александар III Македонски. Дискутирајте и објаснете за моментите кои ви оставиле најголем впечаток.

## КУЛТУРАТА И ВЕРУВАЊАТА КАЈ АНТИЧКИТЕ МАКЕДОНЦИ

За Античките Македонци не е пронајден ниту еден текст или натпис на македонски јазик. Зачувани се само стотина зборови (глоси) и тоа, главно, лични имиња.

Античките Македонци имале свои особености по кои се разликувале од другите народи. Тие зборувале на свој јазик, сроден со јазиците на соседните народи. Се разликувале од другите народи на Балканот според начинот на војување. Верувале во натприродни сили, имале и свој календар. Симбол за нив било **сонцето**, како симбол на животот и истото се наоѓало на нивното оружје и на нивните монети. Исто така, симбол на Античките Македонци бил и лавот.

Македонците имале повеќе култови: **култ на водата, сонот, змијата**, како и погребен култ. Верувале во многу богови: **Диос**, господар на небото; **Дионис**, бог на пролетта, вегетацијата и уживањето; **Ма**, божица на војната; **Зејрена**, божица на убавината и други. Митски предок за Македонците бил **Херакле**. Светиот град кај Македонците бил градот Дион, кој се наоѓал во подножјето на планината Олимп. Таму се одржувале Македонските олимписки игри.

Во историските извори се зборува и за обичаите кај Античките Македонци – поминување на војската меѓу две половини на жртвувано куче.

Симбол на власта кај Античките Македонци била дијадемата, капа кавсија, преку која владетелите носеле бела лента и кожа од лав со која владетелот се поврзувал со митскиот предок Херакле. Владетелите имале кралски прстен печатник и кралски жезол.



**Штит со сонце пронајден на наоѓалиштето во Старо Бонче, Прилепско**

Македонија е богата со материјални остатоци и археолошки наоѓалишта. Тие се истражувале и ќе се истражуваат. Врз основа на овие истражувања се дознава за животот на Античките Македонци.  Познато е дека македонските кралеви ковале свои монети од бронза, сребро и злато. На монетите се претставени ликовите на владетелите, прикази на растителен и животински свет.




**Монети на македонските владетели**

Развиено било и занаетчиството. Се изработувале предмети од сребро и злато. Развиена била и градежната дејност. Се граделе куќи и палати украсени со мозаици и со скулптури. Важни археолошки наоѓалишта кои зборуваат за Античките Македонци биле: престолнината **Пела**, гробницата кај **Вергина** (Кутлеш) во денешна Република Грција каде што се откриени кралски гробници, некрополата кај **Требеништ**а, Охридско и други наоѓалишта.



**Хераклеја Линкестис, Битолско**

**Прашања за дискусија**

1. Каква улога имале божествата во секојдневниот живот на Античките Македонци?

2. Објасни како денес ги објаснуваме природните појави.

**Активности**

Истражувајте на интернет и наведете најмалку по три податоци за начинот на живеење, за верувањата и за културата на Античките Македонци. Изработете постер и презентирајте ги информациите и преку отворена дискусија извлечете заклучок за начинот на живеење, за верувањата и за културата на Античките Македонци.

## МАКЕДОНСКАТА ДРЖАВА ПО ПЕРИОДОТ НА ВЛАДЕЕЊЕТО НА АЛЕКСАНДАР III МАКЕДОНСКИ

Периодот на владеењето на Александар III и создавањето нови држави на територијата на големото царство по неговата смрт, па сè до потпаѓањето на Египет под римска власт се нарекува **хеленистички период**.

По смртта на Александар, во државата започнала борба за власт помеѓу неговите војсководачи – **дијадоси**. Резултатот од тие меѓусебни борби бил поделба на империјата на три држави.

Во Античка Македонија се зацврстил **Антигон Гонат**, еден од војсководачите на **Александар**. Со тоа била формирана нова династија Антигониди, кои ќе владеат со Античка Македонија сè до нејзиното потпаѓање под римска власт во **168 година од ст. ера.**

Со **Египет** завладеал **Птоломе**ј. Династијата која владеела со Египет била наречена **Птоломеиди**. Благодарејќи на силната флота, загосподариле со Источното Средоземје. Главен град на царството бил градот Александрија. Последен владетел на Египет била кралицата **Клеопатра**, која во битката кај **Акциј** била поразена од Рим, по што Египет потпаднал под римска власт, во **30 година од ст. ера.**



**Клеопатра**

Со азиските владенија на Александар завладеал **Селевк.** Тој ја создал државата на **Селевкидите**, која се простирала во Мала Азија и опстојувала до потпаѓањето под римска власт во **I век од ст. ера.**

Хеленистичкиот период се карактеризирал со богата култура која е позната како **хеленистичка**. Меѓу најголемите културни центри кои се издигнале во овој период биле: Александрија, Пергам, Родос и други. Градовите биле со поплочени улици и плоштади, со водовод и канализација. Во градовите се граделе храмови и жртвеници, каков што бил огромниот жртвеник во градот Пергам посветен на богот Зевс.



**Пергам**

Александрија бил град со многу храмови, дворци, театри, стадион и спортски терени. Градот бил богат со ботанички и зоолошки градини. Претставувал место каде што се развиле науките математика и физика, а најпознат математичар и физичар бил Архимед, познат по неговите технички откритија.

Се развила астрономијата и географијата. Познат географ и астроном бил Ератостен. Голем развој имало и на полето на уметноста, посебно во образованието, вајарството и сликарството. Најпознато дело била скулптурата **Лаокон и неговите синови,** направена од мермер, скулптурата **Афродита од Милос** и други. Филозофијата се издвоила како посебна наука, а се појавиле и филозофски школи.



**Архимед**

Во Александрија се наоѓала и највисоката научна институција **Мусејон**. Се наоѓала и библиотека, која била достапна за научниците. За жал, библиотеката подоцна изгорела во пожар, со што засекогаш биле уништени дела со голема историска и научна важност.



**Афродита од Милос**

**Прашања за дискусија**

1. Објасни кои биле причините за распаѓањето на државата на Александар III Македонски.

2. Кои биле последиците за државата на Александар III Македонски од несогласувањата и кавгите помеѓу дијадосите?

3. Кои се карактеристиките на хеленистичката култура?

4. Какво влијание имала хеленистичката култура врз развојот на науката, културата и уметноста во подоцнежниот период?

**Занимливости**

Светилникот во Александрија, на блискиот остров Фарос, претставувал кула висока, според некои податоци, од 120 до 140 метри. Светлината од Светилникот се забележувала на 50 до 60 километри во морето пред бродовите да впловат во пристаништето. Светилникот бил уништен од земјотрес.

На островот Родос, пак, била подигната огромна статуа висока 34 метри наречена „Колос од Родос“, под која пловеле бродови. На островот Ефес се издигнувал храмот на Артемида. На Халикарнас се наоѓала гробницата на Мавзол. Овие огромни градби биле дел од седумте светски чуда. Од сите нив, денес е останата само Кеопсовата пирамида.



**Светилникот во Александрија**

**Активности**

Поделени во три групи истражувајте за државата на Птоломеидите, Селевкидите, за Македонија на Антигонидите. Извлечете најмалку по 3 карактеристики за овие држави и презентирајте.

Дали можете да утврдите, гледајќи ја фотографијата, која била улогата на Светилникот во Александрија ?

## ТРАКИСКИ КРАЛСТВА

Тракијците припаѓаат на индоевропската група народи. Во стариот век тие ја населувале територијата на север до реката **Дунав** и југоисточните делови на **Балканскиот Полуостров** и до протоците **Босфор и Дарданели.**

Најпознати тракиски племиња биле: **Одриси**, **Беси**, **Серди** и други. Тракијците немале свое писмо, па за нив најмногу податоци добиваме од археологијата, како и од Херодот и од други старогрчки и староримски историчари и хроничари, кои известуваат дека тие постоеле уште во времето на Тројанските војни, како сојузници на Тројанците.

Главно занимање на Тракијците било сточарството, особено одгледувањето коњи, кои имале важно место во животот на луѓето. Тракијците се занимавале и со земјоделие, занаетчиство, рударство. Исто така, биле вешти во обработката на благородните метали, во ловот и во трговијата. Тракијците живееле во племиња. На чело на племето стоел владетел. Жената играла важна улога во домот и во секојдневието, а тоа може да се заклучи по тоа што ја почитувале **Големата Мајка – божица**, заштитничка на жената и плодноста.




**Територијата која ја населувале Тракијците**

**Верувањата на Тракијците**

Како и повеќето народи на древните цивилизации така и Тракијците верувале во повеќе богови и култови, на пример, **култот за моќта на природата**. Тие ги почитувале светите шуми, дрвјата, изворите и потоците... Тие верувале во **светото дрво на животот**, кое било поделено на три дела. Неговата **крошна** го симболизирала небото, неговото

**стебло** ја симболизирало земјата, а неговите **корени** го симболизирале подземниот свет. Почитувале и култови на животни, на пример, змијата била симбол на подземните сили.

Од Херодот добиваме информации за Тракијците и за нивните богови, кои ги почитувале покрај култовите. Тоа биле боговите: **Хермес, Арес, Дионис, Асклепиј** и **Артемида**. Тракијците имале многу митови. Еден од највпечатливите митови е митот за**Орфеј** (неговото слегување во подземниот свет).



**Орфеј и Евридика**



**Сцена од обред**

**Одриско Кралство**

Тракиските племиња биле разединети сè до V век од ст. ера кога **Терес I**, водач на едно тракиско племе, успеал да обедини повеќе племиња на една територија и да ја создаде моќната држава на **Одрисите.** Центарот на ова Кралство се наоѓал по течението на реката **Марица**.

Кралот во своите раце ја имал целата власт. Тој во исто време бил и главен војсководач, судија и свештеник. Во неговото владеење му помагал **Советот**, кој го сочинувале неговите најблиски и претставници на богатото население. Најголемиот дел од населението го сочинувале слободните селани, а ропството не било многу застапено.

Со текот на времето, одриската држава се проширила на север до реката Дунав. Најголем подем државата достигнала за време на владеењето на наследниците на кралот Терес I, **Севт III** и **Котис I**. Заедно со Атињаните, Тракијците презеле поход против Античка Македонија, но не успеале во своите намери да ја покорат.

Македонскиот крал **Филип II**, по неколку походи во **341** година од ст. ера, успеал да го покори Одриското Кралство. Тој таму го основал и градот **Филипопол**. По овој пораз, Тракијците не успеале повторно да создадат своја држава.

Покрај Филипопол, други значајни градови во Тракија биле: **Севтополис**, а во подоцнежниот период и **Сердика.** По претворањето на Македонија во римска провинција во 148 година од ст. ера, поголем дел од територијата на Тракија бил вклучен во рамките на провинцијата Македонија.



**Тракиски воини**

**Прашања за дискусија**

1. Зошто природата била застапена во митологијата на Тракијците?
2. Зошто коњот играл важна улога во секојдневниот живот на Тракијците?
3. Како се формирала државата на Одрисите?
4. Зошто кралот Филип II го изградил Филипопол?

**Активности**

Учениците се поделени во три групи. Првата група ученици истражуваат кога и на кои територии живееле Тракијците, втората група истражуваат за Одриското Кралство, а третата група за занимањата на Тракијците. (Користете интернет, енциклопедија и други извори!) На крајот, секоја група презентира до кои податоци дошле и проверуваат дали им се точни новите сознанија и дали истите се поткрепени со историски факти.

**Занимливости**

Орфеј бил познат тракиски поет и свирач на лира. Тој се споменува и во грчката митологија. Според преданијата, богот Аполон нему му подарил лира која имала седум жици, но тој додал уште две во чест на сите музи кои постоеле. Богот Аполон и музата Калиопа го научиле да свири.

Додека Орфеј свирел и пеел, се случувале чудни работи – птиците кружеле над неговата глава, рибите скокале во морските бранови, реките престанувале да течат, дрвјата му правеле сенка за да го заштитат од сонцето и сите животни се собирале околу него. Тој се оженил со Евридика, но таа набрзо починала. Орфеј се обидел да ја оживее. Слегол дури и во подземниот свет, но не успеал во намерата.



**Орфеј**

# Рим, Римската Република и Римската Империја

Западно од Балканскиот Полуостров се наоѓа друг полуостров наречен **Апенински.** Името го добил од планинскиот венец Апенини. Апенинскиот Полуостров е обиколен од **Јадранското Море** на исток, **Тиренското Море** на запад, **Јонското и Средоземното Море** на југ. На север е споен со **европскиот континент**.

Полуостровот има форма на чизма. Климатските услови, плодните котлини и долините на реките **Тибар** и **По**, овозможувале уште од најстаро време да има добри услови за развој на земјоделието, сточарството, а со нивниот развој подоцна се развиле и занаетите и трговијата.

Апенинскиот Полуостров бил населен од повеќе племиња, но како најзначајни се сметаат: **Латините, Етрурците, Оските, Италите** и други.




**Апенинскиот Полуостров и народите кои го населувале**

## Настанокот на Рим

За настанокот на градот **Рим** постои легенда која вели дека тој бил основан во **753** година од ст. ера од браќата близнаци **Ромул и Рем**. Според легендата, тие биле потомци на тројанскиот крал **Енеј**, кој по поразот на Троја долги години лутал и на крај стигнал до бреговите на Апенинскиот Полуостров.

Ромул и Рем, уште додека биле бебиња, во реката Тибар ги фрлил (во кошница) нивниот злобен чичко, плашејќи се за наследството на престолот. Близнаците ги нашла една волчица која ги задоила, а некој овчар ги одгледал. Кога пораснале, браќата решиле да изградат град каде што биле пронајдени од волчицата и од овчарот.

Во текот на изградбата на градот браќата се скарале, при што Ромул го убил својот брат Рем. Ромул бил прв кој владеел со Рим.



Ромул и Рем



Волчицата ги задојува близнаците

Според историските извори, градот Рим настанал на територијата на **Латините**, на левиот брег на **реката Тибар,** на седум ритчиња. Таму се одвивала трговија не само со соседните племиња туку и со картагинските и грчките трговци. Со мешање на луѓето, прво никнала населба од шатори, а подоцна град со тврда градба. Историските извори потврдуваат дека **Етрурците** во VIII век од ст. ера ги покориле Латините и завладеале со градот Рим и истиот го утврдиле.

**Прашања за дискусија**

1. Како се формирала римската држава?

2. Зошто биле важни природните услови за населување на Апенинскиот Полуостров?

3. Колку има вистинитост во легендата за настанокот на градот Рим?

4. Како бил формиран градот Рим?

**Активности**

Проследете презентација за настанокот на Стариот Рим според легендата за Ромул и Рем. Учениците се поделени во две групи. Едната група го аргументира ставот за веројатноста на легендата, а другата е против. Групите треба да осмислат свои аргументи (2 до 3) и да ги приложат. Наставникот/наставничката ја координира дебатата и на крај ги оценува аргументите. Дискутирајте за тоа колкава е веројатноста дека е Рим основан според легендата и од каде се црпат докази за настанокот и за постоењето на Стариот Рим. Извлечете заклучок како настанал градот Рим.

**Рим станува република**

Населението во Рим било поделено на слободно население – **патриции и плебејци** и неслободно население **– робови.**

**Патрициите** претставувале староседелско население кое било богато и целата власт се наоѓала во нивните раце**. Плебејците** биле потомци на доселениците, биле слободни граѓани кои се занимавале со земјоделие, сточарство, занаети и трговија. Тие ѝ плаќале даноци на државата и биле должни да одат во војска. Не учествувале во управувањето со државата. Со закон било забрането да се склучува брак помеѓу патриции и плебејци.

**Робовите** немале никакви права и тие ги извршувале најтешките работи. Во робови биле претворани луѓето од освоените територии од Рим, а подоцна и поради долгови луѓето станувале робови.

Во најстариот период, со Рим владеел **крал** кој бил избиран и кој владеел со неограничена власт. Тој бил врховен војсководач, судија и свештеник. Него го избирало **Народно собрание**, кое го сочинувале сите полнолетни патриции. Кралот морал да се советува со **Сенатот** за позначајните прашања за државата. Неговите членови биле **постари од 60 години**. Тие биле богати и угледни граѓани.

Во **509 година од ст. ера**, во Рим бил симнат и протеран кралот и било воспоставено ново државно уредување – **република**. Наместо со Рим да управува крал, управувале двајца избрани **конзули**, кои управувале една година. Сенатот имал главен збор во државата. Само во случај на војна конзулите имале неограничена власт.

Со основањето на републиката, побогатите плебејци го изразувале своето незадоволство и за себе барале поголеми права, т.е. да се стекнат со истите права како на патрициите. Во нивната борба успеале дури во IV век од ст. ера. Сенатот морал да попушти под притисокот на плебејците и им дозволил да избираат свои претставници во власта наречени **народни трибуни**.



**Римски Сенат**

**Прашања за дискусија**

1. Зошто патрициите биле привилигирано население во Рим?

2. Зошто плебејците ги немале истите права како и патрициите?

3. Каква била улогата на Сенатот во Римската Република?

4. Зошто побогатите плебејци не биле задоволни со својата положба во Римската Република?

**Активности**

Проследете презентација во која се наведени главните носители на власта во Римската Република (конзули, Сенат, Народно собрание). Поделени во групи, истражувајте и подгответе куси презентации за различните носители на власта во Римската Република.

**Рим прераснува во империја**

Уште од основањето на градот Рим, Римјаните биле изложени на постојани напади од своите соседи. Воделе посебна грижа за формирањето на добро обучена војска составена од воени единици наречени **легии**. Легијата имала пет илјади војници. Постоеле повеќе легии. Во нивниот состав имало коњаница, пешадија и морнарица. Тие биле добро вооружени и извежбани. Со легиите командувале конзулите.



**Легија – римска единица**



**Легионер**

До средината на III век, Римјаните загосподариле со целиот Апенински Полуостров. Но, тие не се задоволиле само со овие освојувања. Нивна нова цел за освојување била **Картагина (Пуни)**, град држава кој го основале Фојникијците во **Северна Африка** на бреговите на Средоземното Море.

Војните со Картагина уште се нарекуваат **Пунски војни**. **Од 264 до 146 година од ст. ера** се воделе три војни. Втората пунска војна била најтешка за Римјаните затоа што пунскиот војсководач **Ханибал** стигнал до портите на Рим, но не успеал да го освои. Војната завршила со Третата пунска војна во која победил Рим, а Картагина била запалена, разурната и уништена. Подоцна Римјаните го освоиле и Пиринејскиот Полуостров.

Римјаните воделе војни и на Балканскиот Полуостров. Ги покориле Илирите, Македонците, Старите Грци, Тракијците и други народи кои живееле на Балканот. Но, тие не застанале тука, туку продолжиле со нивните освојувања и во **Мала Азија и Египет**, а во средината на I век од ст. ера ја освоиле и **Галија.** За тоа бил заслужен **Гај Јулие Кајсар** (**Цезар**), еден од најдобрите римски војсководачи. Со овие освојувања, Рим станал господар на Средоземјето.



**Ханибал пред портите на Рим**

Со сите овие освојувања, Рим прераснал во империја, а за прв император се прогласил **Октавијан Август (владеел од 27 година од ст. ера до 14 година од н. ера).** На почетокот на II век од н. ера, Римјаните ја освоиле и **Дакија**. Рим станал најголема светска сила во антиката која владеела на три континенти: **Европа, Африка и Азија**. Освоените земји ги претворила во свои провинции со кои управувале намесници.

**Прашања за дискусија**

1. Зошто легијата имала големо значење за Римската Империја?

2. Зошто Римјаните ја разурнале и ја запалиле Картагина?

3. Размислете зошто Гај Јулиј Кајсар (Цезар) бил најзначаен војсководач во Римската Империја.

**Активности**

Во работен лист, во кој се накусо опишани трите Пунски војни, одговорете на следните прашања дадени во работниот лист: Која била причината за Пунските војни? Кои биле завојувани страни во војните? По што е познат Ханибал? Како завршиле Пунските војни? Прочитајте ги одговорите и дискутирајте.

**Спартаковото востание**

Робовите во Римската Империја биле во најтешка состојба. Поради положбата во која се наоѓале, често кревале востанија. Тие биле слабо хранети и облекувани, а ги извршувале најтешките работи за својот господар. Биле сурово казнувани, жигосувани и врзувани во синџири. Притоа, немале никакви права.

Во Рим постоеле и државни робови, кои биле наречени гладијатори. Во специјални училишта, тие биле тренирани да се борат меѓусебно, а се бореле и со диви животни. Овие борби биле организирани за забава на Римјаните.



**Гладијатори**

Едно од најпознатите востанија на робовите било востанието што го организирал и го предводел **Спартак**, роб гладијатор кој потекнувал од Тракија. Востанието избувнало во втората половина на I век од н. ера. Тој со околу седумдесет робови гладијатори избегал на планината **Везув**, а подоцна им се придружиле голем број селани.

Востанието се проширило на јужниот дел на Апенинскиот Полуостров. Спартак ги повел востаниците на север. Неговата цел била да ја напуштат Италија преку **Алпите** и да се вратат во своите татковини. Ваквата идеја довела до несогласување меѓу востаниците, што го искористила римската војска, која го задушила востанието и сурово ги казнила преживеаните востаници.



**Спартаковото востание**

**Прашања за дискусија**

1. Опишете ја положбата на робовите и на сиромашното население во Римската Империја.

2. Размислете дали гладијаторите биле во подобра или во полоша положба од останатите робови.

3. Што сакал Спартак да постигне со востанието?

**Активности**

Проследете презентација за гладијаторите и за Спартаковото востание. По презентацијата, осмислете и нацртајте стрип (со најмалку 10 сцени), што ги опишува животот и борбата на Спартак. Користете материјали од различни извори. По презентирањето на стриповите, дискутирајте за улогата на Спартак како водач во борбата за слобода на угнетените и како симбол за отпор против неправдата.

**Пропаѓањето на Римската Империја**

Со текот на времето, Римската Империја сѐ повеќе почнала да слабее. За тоа постоеле внатрешни и надворешни причини**. Внатрешни причини** биле: незадоволството на робовите и на сиромашното население кои се бунтувале и кревале востанија; намаленото производство на земјоделски и други производи што ги произведувале робовите и селаните; зачестените војни и востанија што ги кревале поробените народи поради положбата во која се наоѓале.

**Надворешни причини** за слабеење и пропаѓање на Римската Империја биле: нападите на **Хуните, Германите** и други варварски племиња кои ги поминувале границите на Римската Империја во IV и V век од н. ера и вршеле грабежи и уништувања. Римјаните не успевале да се одбранат од овие напади. Во **395 година од н. ера**, државата била поделена на два дела, Западно Римско Царство и Источно Римско Царство.




**Поделба на Римското Царство**

Западното Римско Царство пропаднало во **476 година од н. ера.** Источното Римско Царство опстојувало уште скоро илјада години, сѐ до **1453 година од н. ера** кога го освоиле Османлиите.

**Прашања за дискусија**

1. Како влијаеле внатрешните причини за слабеење на Римската Империја?

2. Зошто надворешните непријатели сакале да ја уништат Римската Империја?

**Активности**

Проследете презентација во која се наведени причините за пропаѓање на Римската Империја. По презентацијата, учениците се делат во две групи. Првата група истражува за внатрешните влијанија кои ја слабееле Римската Империја. Втората група истражува за варварските племиња кои ја напаѓале Империјата. На крајот, учениците ги изложуваат своите сознанија и ја определуваат веродостојноста на податоците.

## РЕЛИГИЈАТА И МИТОЛОГИЈАТА ВО СТАРИОТ РИМ

Римјаните ги обожувале духовите на своите предци, кои ги сметале за заштитници на домот и семејството. Тие верувале во задгробен живот. Како и многу други народи и Римјаните биле многубошци – верувале во многу богови. Нивните богови ги поврзувале со природните појави и со небеските тела. Големо влијание на религијата и на митологијата на Римјаните имале Етрурците и Старите Грци. Така, по примерот на боговите кај Старите Грци и Римјаните имале свои богови, кои ги претставувале со човечки лик.



Јупитер



Јунона

Во чест на своите богови, Римјаните граделе величествени храмови во кои служеле свештеници. На боговите им принесувале жртви, пишувале химни и молитви, кои се изведувале за време на празниците. Римјаните изградиле храм посветен на сите богови, кој се нарекува **Пантеон**.



**Римскиот Пантеон**

Врховен бог кај Римјаните бил богот **Јупитер** – владетелот на небото; **Јунона** била неговата жена, божица на бракот и на семејството; **Венера**, божица на љубовта; Марс, бог на војната; **Нептун**, бог на морето; **Вулкан**, бог на огнот; **Меркур**, бог на трговијата и на патувањето, гласник на боговите; **Дијана**, божица на ловот; **Минерва**, божица на мудроста; **Аполон**, бог на светлината, извор на медицински знаења, уметност; **Церера**, божица на земјата**;** **Бах**, бог на виното и на земјоделските култури; **Плутон**, бог на подземниот свет и други.

**Прашања за дискусија**

1. Зошто Римјаните верувале во богови?

2. Од кои причини Римјаните своите божества ги претставувале по примерот на грчките?

**Занимливости**

Зборот религија доаѓа од латинскиот збор religio што значи обврска. Луѓето требале да ги почитуваат боговите, да се молат и да принесуваат жртви, а боговите биле должни да го извршуваат тоа што од нив се барало.

**Појава на христијанството**

**Христијанството** се појавило во **Палестина**, која се наоѓала под римска власт. Името го добило по името на **Исус Христос,** кој според верувањата на христијаните бил син на богот кој го создал светот и се наоѓал на небото. Исус бил испратен на земјата за да ги избави луѓето од тешката положба во која се наоѓале и во него луѓето гледале месија, односно спасител.



**Исус Христос**

Денот на раѓањето на Исус, христијаните го слават како **Божик.** Од раѓањето на Исус започнала новата ера, според која денес се смета времето. Назарет бил град во Палестина каде што Исус го поминувал своето детство.

Според христијанското учење, луѓето биле еднакви меѓу себе, верниците требало да живеат скромно и чесно. Тие верувале во задгробен живот, верувале дека постои пекол во кој ќе одат оние кои прават лошо и рај во кој ќе одат оние кои прават добро. Исус го ширел своето учење со помош на своите ученици наречени **апостоли**, кои го продолжиле неговото дело и по неговата смрт.

Во Римската Империја, долг период христијаните биле изложени на прогонства и биле убивани. Според **Библијата (света книга на христијаните**), плашејќи се од востанија на населението кое живеело тежок живот, Римјаните го осудиле Исус на смрт со распнување на крст. Исус воскреснал, односно ја победил смртта. Денот на воскреснувањето и победата на животот над смртта кај христијаните се слави како **Велигден.**

Сите овие мерки преземени против христијаните не успеале да го спречат ширењето на христијанството. Тоа сè повеќе се здобивало со приврзаници и се ширело насекаде низ Империјата. Христијаните се организирале во **христијански општини**, а со обединување на христијанските општини постепено се формирала христијанската црква.

Најзаслужен за ширење на христијанството во Античка Македонија, Стара Грција и Илирик бил **апостол Павле** со формирањето христијански општини, кои потоа прераснале во цркви. Такви цркви биле изградени во Хераклеја, Стоби, Дирахион, Коринт и на други места.

Во **313 година од н. ера,** римскиот император **Константин Велики** со документот **Милански едикт** дозволил христијаните слободно да ја исповедаат верата, а христијанската религија станала рамноправна со другите религии. Христијанската религијата е монотеистичка – се верува во еден бог.




**Библија**



**Цар Константин и Елена**

**Занимливости**

Ученици на Исус биле: Петар, Андреј, Јаков, Јован, Филип, Вартоломеј, Тома,  Матеј, Јаков Алфеев, Тадеј, Симон, Јуда Искариот.

Владеењето на Понтиј Пилат во Јудеја се одликувало со насилство, што довело до масовно народно незадоволство. Се смета дека Пилат бил одговорен за распнувањето на Исус Христос.

Христијанското учење е изложено во светата книга **Библија**. **Библијата** се состои од Стар и Нов завет. Во Новиот завет се раскажува за делата и за проповедите на Исус и апостолите. Симболи на христијанството се: крстот, рибата, лебот и виното.

**Активности**

Изработете карти за играње со грчките и со римските богови и божици. На секоја карта запишете го името на еден бог/божица и нацртајте слика за него/неа (по модел на илустрации од интернет) и запамтете ја улогата на секој од боговите/божиците. Дополнителната карта го преставува Пантеонот.Меѓу членовите на групата и еден од друг еден од друг влечете по една карта.

Секогаш кога учениците ќе спарат грчки и римски бог, односно грчка или римска божица, ги поставуваат спарените карти на масата.

Играта продолжува сѐ додека се спарат сите, а победник е оној кој ќе остане со картата Пантеон. На лист залепете ги паровите и за секој пар запишете ја улогата на боговите/божиците и презентирајте. При презентацијата, направете аналогија со имињата на планетите од Сончевиот Систем.

Проследете презентација во која се објаснува појавата на христијанството. Потоа, поделени во групи, истражувајте за раѓањето на Исус Христос, за ширењето на христијанството, за разликите помеѓу христијанството и другите религии во тој период.

Презентирајте ги одговорите и дискутирајте за тоа кои промени се случиле во животот на луѓето под влијание на христијанството.

## КУЛТУРАТА, УМЕТНОСТА И НАУКАТА ВО СТАРИОТ РИМ

Римската култура, освен што имала сопствени обележја, била изложена на културни влијанија на други народи, посебно на културата на Етрурците и на Старите Грци. Латинскиот јазик го добил името според племето Латини, кои ја населувале областа Лациј. Римјаните се воодушевувале од грчката книжевност и уметност. Со приспособување на грчкото писмо било создадено **латинското писмо**, кое се состоело од знак за секој глас. Римјаните имале броеви кои ги нарекуваме **римски броеви.**

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | I | 21 | XXI | 41 | XLI | 61 | LXI | 81 | LXXXI |
| 2 | II | 22 | XXII | 42 | XLII | 62 | LXII | 82 | LXXXII |
| 3 | III | 23 | XXIII | 43 | XLIII | 63 | LXIII | 83 | LXXXIII |
| 4 | IV | 24 | XXIV | 44 | XLIV | 64 | LXIV | 84 | LXXXIV |
| 5 | V | 25 | XXV | 45 | XLV | 65 | LXV | 85 | LXXXV |
| 6 | VI | 26 | XXVI | 46 | XLVI | 66 | LXVI | 86 | LXXXVI |
| 7 | VII | 27 | XXVII | 47 | XLVII | 67 | LXVII | 87 | LXXXVII |
| 8 | VIII | 28 | XXVIII | 48 | XLVIII | 68 | LXVIII | 88 | LXXXVIII |
| 9 | IX | 29 | XXIX | 49 | XLIX | 69 | LXIX | 89 | LXXXIX |
| 10 | X | 30 | XXX | 50 | L | 70 | LXX | 90 | XC |
| 11 | XI | 31 | XXXI | 51 | LI | 71 | LXXI | 91 | XCI |
| 12 | XII | 32 | XXXII | 52 | LII | 72 | LXXII | 92 | XCII |
| 13 | XIII | 33 | XXXIII | 53 | LIII | 73 | LXXIII | 93 | XCIII |
| 14 | XIV | 34 | XXXIV | 54 | LIV | 74 | LXXIV | 94 | XCIV |
| 15 | XV | 35 | XXXV | 55 | LV | 75 | LXXV | 95 | XCV |
| 16 | XVI | 36 | XXXVI | 56 | LVI | 76 | LXXVI | 96 | XCVI |
| 17 | XVII | 37 | XXXVII | 57 | LVII | 77 | LXXVII | 97 | XCVII |
| 18 | XVIII | 38 | XXXVIII | 58 | LVIII | 78 | LXXVIII | 98 | XCVIII |
| 19 | XIX | 39 | XXXIX | 59 | LIX | 79 | LXXIX | 99 | XCIX |
| 20 | XX | 40 | XL | 60 | LX | 80 | LXXX | 100 | C |

**Арапски и римски броеви**

Латинскиот јазик и денес наоѓа голема примена во областа на медицината, природните науки, а планети од Сончевиот Систем ги носат имињата на римските богови и божици. Во секојдневниот живот користиме зборови од латинско потекло: календар, магистер, доктор, професор, рецепт...

Римјаните создале богата материјална култура, посебно во архитектурата и градежништвото. Во Рим бил познат Форумот (плоштадот), околу кој биле изградени згради на државните институции; Пантеонот, храмот на боговите; Колосеумот, каде што се одржувале гладијаторски борби, кој можел да собере и до 50 000 гледачи. Во чест на воените победи, граделе и **триумфални порти**.

Римските градови се одликувале со поплочени улици, мостови, бањи, канализации. За снабдување со вода, биле градени **аквадукти**. Градовите биле поврзани со поплочени улици. Плоштадите и јавните згради биле украсувани со скулптури и бисти на богови и владетели. Во Римската Империја биле развиени **сликарството, фрескосликарството,** како и изработката на **мозаици**, кои ги украсувале палатите на богатите Римјани и владетели.

Во Римската Империја било развиено правото, со кое се регулирале односите меѓу поединците, како и меѓу поединците и државата. **Римското право** придонело за развој на правните науки. Тоа се проучува и денес на правните факултети ширум светот. Римјаните имале развиена медицина. **Клаудије Гален** бил еден од најпознатите лекари и истражувачи.

**Занимливости**

Најпознати римски поети биле: Овидиј, Хоратиј и Вергилиј. Плаут бил познат комедиограф. Во Рим било развиено говорништвото (ораторството). Најпознат римски говорник бил Кикерон.

**Прашања за дебата**

1. Размисли како влијаеле етрурската и грчката култура на развојот на римската.

2. Што ја карактеризирала материјалната култура во Римската Империја?

**Активности**

Истражувајте за секојдневниот живот на луѓето во Римската Империја и притоа наведете барем по три карактеристики за храна, облека, музика, забава, семејство во римското општество. Сознанијата претставете ги на еден голем постер. Дискутирајте за секојдневниот живот на луѓето во Римската Империја и донесете заклучок каков бил животот на луѓето, во зависност од општествената група на која припаѓале.

**Проектна активност**

Културата и науката во Стариот Рим. Направете мултимедијална презентација за наследството на римската култура и наука за современата култура и наука. Дискутирајте и извлечете заклучоци.

## РИМСКОТО ПРИСУСТВО НА БАЛКАНОТ

Балканскиот Полуостров пред освојувањата на Римјаните бил населен со народи кои дел од нив во минатото формирале и свои градови држави, кралства и царства, како на пример: Старите Грци, Античките Македонци, Илирите, Тракијците и други. Римјаните биле заинтересирани за природните и за рудните богатства, богатиот плен и за можноста за добивање нови извори на робови на Балканскиот Полуостров.



**Аквадукт**

**Илирско-римски војни**

Кон крајот на III век од ст. ера, први на удар од римските напади биле изложени Илирите. Илирите воделе три војни со Римјаните во временски период од половина век. И покрај силниот отпор што го пружале Илирите, тие сепак биле поразени во 168 година од ст. ера. Кралот Гентиј и неговото семејство биле заробени и одведени во Рим. Со тоа Илирите биле принудени да ја признаат римската власт.

Илирија била претворена во римска провинција наречена Илирик, со која управувал намесник поставен од Римјаните. Тој ја имал сета воена и цивилна власт.



**Илирско-римски војни**




**Провинција Илирик**

Територијата на провинцијата Илирик се простирала на југ од реката **Дрим**, на север до **полуостровот Истра**, на запад од Јадранското Море, на исток до **Панонската Низина**. Илирик имал голема стратешка и економска важност за Римјаните. Таму се наоѓале пристаништа за трговија и пренос на стока, а внатрешноста на земјата располагала со богати рудни наоѓалишта. На територијата на Илирија, Античка Македонија и Тракија, Римјаните почнале да го градат познатиот и многу важен пат за Римјаните – **Виа Игнација** (Via Egnatia), кој водел од **Јадранското Море до источниот дел на Егејското Море**.

На населението му било наметнато да плаќа големи даноци, да гради патишта и слично. Поради тешкиот живот, Илирите често кревале востанија за да си ги подобрат условите за живот, т.е. да се ослободат од Римјаните.

**Занимливости**

Најголемото востание на Илирите било востанието на Батон, кое избувнало во првата половина на I век од н. ера. Илирите успеале да ослободат значителна територија на Илирик, но поради неслогата, по четири години востанието било задушено. Востанието на Батон оставило впечаток во Рим поради високиот морал на востаниците. Хроничарите запишале дека гордите илирски жени со доенчиња се фрлале во оган, а борците се наденувале со сопствените мечеви.





**Виа Игнација – римски пат** **Градба на римски пат**

**Македонско-римски војни**

Во периодот на римските освојувања на Балканскиот Полуостров, античкото Македонско Кралство имало свое значајно место на Балканот. Тоа претставувало центар на моќ и мост за понатамошните освојувања што ги планирале Римјаните. Во периодот **од 215 до 168 година од ст. ера**, биле водени **три војни**, познати како Македонско-римски војни. Причините за војните секогаш биле слични или исти: освојување нови територии и поробување на населението, собирање најразлични давачки и даноци, користење на природните и рудните богатства.

Најтешката војна за Античките Македонци била третата Македонско-римска војна во која Античките Македонци предводени од Персеј доживеале пораз кај **Пидна, во 168 година од ст. ера**, и покрај тоа што Персеј бил во сојуз со Илирскиот крал Гентиј. Персеј и неговото семејство ја доживеале истата судбина како и Гентиј, биле заробени и одведени во Рим. На тој начин било ставено крај на античкото Македонско Кралство. По војната, голем број градови и села биле разурнати, а голем дел од населението било одведено во ропство.



**Сцена од Римско-македонските војни**

По победата, римскиот Сенат донел одлука територијата на Античка Македонија да биде поделена на четири области со нивни центри. На населението му било забрането меѓусебно да се поврзува, освен во ретки случаи. Забрането било меѓусебно да склучуваат и бракови.

Незадоволното население предводено од **Андрикс**, кој лажно се претставувал како син на Персеј, во **149 година од ст. ера** кренало востание кое било задушено и во **148 година** од **ст. ера** Античка Македонија била претворена во **римска провинција**. Провинцијата Македонија Римјаните ја прошириле до Епир и Тесалија на југ и на север до реката Дунав.




**Провинција Македонија**

**Провинција Тракија**

По претворањето на Античка Македонија во римска провинција, голем дел од територијата на Тракија била во составот на провинцијата Македонија. Со текот на годините, намесниците (управителите) на провинцијата воделе битки со тракиските племиња. Меѓу нив највоинствени биле **Бесите**. Тие кренале големо востание против Римјаните во првата половина на I век од н. ера. Бесите биле поразени и по овој пораз тие повеќе никогаш не успеале да се опорават.

Кратко време потоа големо востание против Рим кренало и тракиското племе Одриси, кое исто така било задушено од римската војска.

Поради честите востанија, Рим организирал походи против тракиските племиња и решил, во првата половина од I век од н. ера, да ја претвори Тракија во посебна римска провинција издвојувајќи ја од провинцијата Македонија. Територијата на која се простирала провинцијата била од реката Дунав на север, на југ до Егејското Море и на исток до Босфорот.

Во Тракија, во тој период не постоеле поголеми градови. По формирањето на провинцијата Тракија, Римјаните започнале да градат нови градови и истите да ги колонизираат.

Римјаните граделе и патишта, а најпознат бил воениот пат **Виа Милитарис**, кој го поврзувал Сингидунум (Белград) со Византион (Истанбул). Овој пат овозможувал поврзување на Средна Европа со Мала Азија преку Тракија и придонел за развој на трговијата.

Поради својата географска местоположба, територијата на Тракија во наредниот период била под постојани воени напади од Готите и од Хуните, а од VI век и од словенските племиња.



**Провинција Тракија**

**Промените на Балканот во време на римското владеење**

По потпаѓањето на Балканот под власт на Римјаните, дошло и до промени на навиките и начинот на живеење на населението. Населението почнало да го прифаќа римскиот начин на живеење и размислување. Биле прифатени и нивните: култура, јазик, азбука, броеви, религија, обичаи, начин на градење и слично. Тоа го означува почетокот на романизација на Балканот.

Романизацијата најпрво ја прифаќало богатото население кое живеело во градовите, а побавно се одвивала кај посиромашното население и во помалите места за

живеење. Романизацијата претставува облик на културно навлегување и асимилација на неримското население на подрачјето на Римската Империја во целина.



**Инсула – римска станбена зграда за живеење**



**Римска архитектура**

**Прашања за дискусија**

1. Наведете ги причините за војните на Римјаните против балканските држави и народи.

2. Кои биле последиците од римските освојувања на Балканот?

3. Зошто Римјаните давале големо значење на градењето патишта?

4. Што претставува романизацијата?

**Активности**

Проследете кратка презентација за Илирско-римските, Македонско-римските и Тракиско-римските војни, како дел од освојувањето на балканските територии од страна на Римјаните. Истражувајте за римските провинции Македонија, Илирик и Тракија. На временска лента, означете го времето на воспоставување на провинцијата. Направете историски мапи. Секоја група ја црта територијата на провинцијата за која истражувала, а на посебен лист прикажува по што била провинцијата значајна.

## АНТИЧКИ АРХЕОЛОШКИ НАОЃАЛИШТА/ЛОКАЛИТЕТИ НА БАЛКАНОТ

**Археологијата** е наука која се занимава со откривање и проучување на материјалните остатоци, т.е. сите воочливи траги што ги оставил човекот во различни периоди од неговото постоење. Според своите содржини и цели, таа претставува општествено-историска наука. Луѓето кои се занимаваат со оваа наука се нарекуваат **археолози**. Секој од нив може да има одредена специјалност од археологијата. Артефактите претставуваат остатоци и предмети за проучување.

Во недостиг на сопствено писмо, најмногу податоци за Илирите, Античките Македонци и Тракијците добиваме од старогрчките и староримските историчари и хроничари, кои биле современици на тогашните случувања на Балканот.

Исто така, значајна улога имаат и материјалните остатоци, на пример: градови, ѕидини, керамика, мозаици, облека, погребни објекти и друго, од кои црпиме информации.

### Остатоци од илирски археолошки наоѓалишта

Илирите се разликувале од другите соседни народи по јазикот, обичаите, културата и верувањата. Тие зад себе оставиле бројни археолошки наоѓалишта, како што се градовите: **Аполонија**, кој се наоѓа во јужниот дел на денешна Албанија, како и градот **Бутринт. Дирахион** се наоѓа во околината на Драч, додека пак **Скадар** се наоѓа на северот на Албанија. **Наисус**, денешен Ниш (Србија), во III век од ст. ера бил населен од Дарданците, а подоцна го утврдиле Римјаните. Градовите претставувале главни економски и културни центри. Во нив биле откриени: монети, многу убави изработки на накит, оружје, алатки за работа, скулптури и слично. Од овие археолошки наоди дознаваме за секојдневниот живот на луѓето во градовите, за нивниот начин на живеење и богатство.

Исто така, зачувани се и голем број остатоци од помали утврдени населби кои имале за цел населението да се одбрани од непријателот. Така дознаваме и за животот на посиромашното население.





**Аполонија** **Бутринт**

**Археолошки локалитети и наоѓалишта во Македонија**

Античките Македонци и македонските кралеви ни оставиле голем број материјални остатоци, како што се: монети од бронза, сребро и злато, убаво и фино изработен накит, оружје, штитови, орудија за работа, керамика и сл. Сето ова ни зборува дека било развиено занаетчиството.

Во Античка Македонија биле развиени и архитектурата и градежништвото, а тоа може да се заклучи по бројните раскошни палати на кралевите и убавите куќи на богатото население, кои биле украсени со убави мозаици.

Од ова може да заклучиме дека најзначајни археолошки наоѓалишта во Македонија од предримскиот период се: престолнината на македонските кралеви – Пела**,** кралската гробница во Вергина (Кутлеш), кои денес се наоѓаат во соседна Грција, Требеништа (Охридско), Марвинци (Валандовско)**,** Вардарски Рид (Гевгелиско)**.**

Од римскиот период, по своето значење се издвојуваат градовите: Хераклеја, кој се наоѓа во околината на Битола (за кој има податоци дека основите ги поставил македонскиот крал Филип II, но најголемиот развој го достигнал во време на римското владеење); Стоби, кој се наоѓа во близина на Градско, каде што Црна Река се влева во Вардар; Скупи (Скопје) и други градови.





**Стоби** **Хераклеја**



**Мозаик**



**Монети**

**Тракиски градови и археолошки наоѓалишта**

Кон крајот на V век и почетокот на IV век од ст. ера, тракиските села сѐ повеќе се ширеле и урбанизирале. Некои прераснале и во кралски градови бидејќи во нив имало кралски палати. Кога македонскиот крал Филип II ја освоил Тракија, тој го подигнал градот Филипопол, што значи **„Градот на Филип**“. Денес, ова е современиот бугарски град Пловдив.

Кон крајот на IV век од ст. ера, **Севтополис** се издигнал како тракиски кралски град. Неговите урнатини биле случајно откриени при изградба на брана кај Казанлак (Бугарија). Градот го добил името по одрискиот крал Севт III, современик на Александар Македонски и неговите наследници.



Севт III



Кралска гробница

Тракијците ги погребувале своите аристократи со нивните богатства. Многу артефакти произведени во Античка Тракија биле откриени од археолозите во модерните времиња. Тие многу зборуваат за богатиот културен живот на Тракијците.

**Прашања за дискусија**

1. Што претставува археологијата?

2. Кои луѓе се нарекуваат археолози?

3. Зошто материјалните остатоци се многу важни за историската наука?

4. Размисли за важноста на античките археолошки наоѓалишта како заедничко културно наследство на народите на Балканот.

**Активности**

Проследете презентација за влијанието на римската култура врз начинот на живот на народите на Балканот. Истражувајте, поделени во групи, за археолошките локалитети на Балканот, за Аполонија, Бутринт, Наисус, Скупи, Стоби, Хераклеја, Требениште, за Филипопол и Севтополис. Определете преку кои артефакти и археолошки остатоци (оружје, грнчарија, монети, градби) во секое од наоѓалиштата се гледа античкото влијание. По презентациите, дискутирајте за важноста на античките градови на Балканот како воено-административни и културни центр

# ТЕМА 3: ОРИЕНТАЦИЈА ВО ГЕОГРАФСКИОТ ПРОСТОР

## ЗЕМЈАТА НА ГЛОБУС И НА ГЕОГРАФСКА КАРТА

**Глобусот** најверодостојно ги претставува формата и изгледот на Земјата, како и положбата на Земјината оска. Тој е намален модел на Земјината топка. Во наставата по Географија се користат два вида глобуси: **индукционен** и **географски глобус**. На индукциониот глобус нема прикажано континенти и океани и на него може да се пишува како на училишна табла. На географскиот глобус се прикажани континентите и океаните, односно најкрупните форми на Земјата.



**индукционен глобус**



**географски глобус**

Бидејќи глобусот е недоволно практичен за да се носи со себе, во практиката се изработуваат географски карти. **Географска карта** е намалена слика на Земјината површина прикажана на рамнина.



**Физичка карта на светот**

Картите меѓу себе се разликуваат:

**1. Според територијата што ја прикажуваат:**

- карти на светот,

- карти на континентите,

- карти на одделни држави, региони и сл.

**2. Според размерот:**

- крупноразмерни (размер до 1 : 200 000), во кои спаѓаат: планови и топографски карти,

- средноразмерни (размер од 1 : 200 000 до 1 : 1 000 000) и

- ситноразмерни (размер над 1 : 1 000 000).

**3. Според содржината:**

- географски,

- топографски,

- тематски.

**4. Според намената:**

- училишни,

- сообраќајни,

- поморски и други.

Картите што се користат во училиштето, според содржината, се географски; според размерот, се ситноразмерни или средноразмерни; а според намената, се училишни карти.

Топографските карти се изработуваат во крупен размер, затоа тие може да се користат за ориентација на земјиштето, одредување надморска височина, проектирање објекти и слично.

Надморската височина на топографските карти се определува со помош на изохипси.

**Изохипси** се затворени криви линии, кои поврзуваат точки со иста надморска височина и никогаш не се сечат.



План



Географска карта



Топографска карта

Земјата како небесно тело има сфероидна форма, со голем број нерамнини на нејзината површина. За нејзино претставување на рамна површина се користат картографски проекции. **Картографските проекции** претставуваат математичка можност за прикажување на површината на елипсоидот – топката на рамнина.

Со оглед на тоа што на Земјата постојат голем број содржини, за нивно прикажување на карта се користат картографски знаци. **Картографските знаци** се специјални графички симболи со кои на картата се означуваат разновидни географски објекти, природни и општествени појави и научно докажани и потврдени процеси.




Збирка на географски карти средени во една книга се вика **географски атлас**.



Географски атлас

**Прашања за диксусија**

1. Што претставува глобусот?

2. Како се делат картите според размерот?

3. Како се делат картите според содржината?

4. Што претставува географската карта?

**Активности**

1. Поделени во групи, истражувајте за географската карта и за глобусот. Разгледајте ги различните видови карти – плановите, топографските, политичките и стопанските и класифицирајте ги според големината на размерот и според содржината. Секоја група подготвува куса презентација и ја претставува пред другите групи.

2. Поделени во парови, на постери со дадени објекти, внесете ги картографските знаци кои одговараат на дадениот објект. Наставникот ја проверува точноста на сработената задача. Секој пар ги презентира постерите пред другите ученици.

## Напоредници и меридијани

Сите точки на Земјата, при нејзината ротација, за 24 часа прават полн круг од 360°. Замислените кругови на точките кои ротираат се паралелни и лежат напоредно едни спроти други. Овие замислени кругови се викаат **напоредници** или **паралели**. Напоредниците имаат различна должина. Најдолг напоредник е **екваторот**, кој минува низ средишниот дел на Земјата и ја дели на две еднакви полутопки: северна и јужна.

Екваторот како почетен напоредник се бележи со 0°. Од екваторот кон Северниот и Јужниот Пол, замислените напоредници се помали. Растојанието од екваторот до половите се мери со степени од 0° до 90°.

**Меридијаните** се замислени полукружни линии кои ги поврзуваат Северниот и Јужниот Пол. Тие се еднакви по должина и минуваат низ секој степен на екваторот. Бидејќи екваторот е круг кој има 360°, значи дека има 360 меридијани. За полесно одредување на кој меридијан се наоѓа некое место, за почетен меридијан може да се земе кој било. Меѓутоа, со меѓународен договор за почетен е земен меридијанот кој минува низ местото Гринич, во близина на Лондон. Овој меридијан се вика **гринички меридијан** и се бележи со 0°.

На глобусот и на географската карта е нацртана мрежа од напоредници и меридијани која во природата не постои. Таа мрежа се нарекува географска или картографска мрежа.




**Прашања за дискусија**

1. Кои линии ги нарекуваме паралели или напоредници?

2. Што се меридијани?

3. Кој е најдолг напоредник?

4. Како се бележи почетниот напоредник?

**Активности**

1. Поделени во групи, истражувајте за напоредници. На индукциониот глобус, нацртајте ги напоредниците и обележете го почетниот и најдолг напоредник, екваторот, со 0°. Цртајќи ги напоредниците, размислете каква должина имаат.

2. Поделени во групи, истражувајте за меридијани. На индукциониот глобус, нацртајте ги меридијаните и обележете го почетниот гринички меридијан со 0°. Цртајќи ги меридијаните, заклучете дека сите меридијани имаат иста должина.

## РАЗМЕР

За да се изработи географска карта, мора да постои определен размер. **Размер** на карта е однос меѓу растојанијата на карта и тие исти растојанија во природата.

Тој покажува колку пати должината во природата е намалена на карта. Размерот се прикажува на два начина: со **бројки** и **графички**.

Размерот кој е обележан со бројки се вика **броен размер**. Првата бројка секогаш е единица и го означува растојанието на карта, а втората бројка покажува колку изнесува тоа растојание во природата. На пример, на карта во размер 1 : 1 000 000, значи дека 1 cm должина на карта претставува 1 000 000 cm во природата, односно 10 000 m или 10 km.

**Графичкиот размер** е хоризонтална линија поделена на повеќе еднакви дела. Бројките над линијата го покажуваат растојанието во природата, што значи дека секој дел од линијата одговара на определена должина во природата.

1 : 1 000 000

**Броен размер**




Графички размер

Графичкиот размер се применува на следниот начин: со отворот на шестарот се мери должината меѓу две места на картата и тоа растојание се пренесува на графичкиот размер десно од нулата. Бројката која се поклопува со пренесената должина од картата покажува колкава е таа должина во природата.

**Прашања за дискусија**

1. Што претставува размерот?

2. Опиши го графичкиот размер!

3. Кои видови размери се разликуваат?

4. Што претставува основна мерка?

**Активности**

Учениците се поделени во мали групи/парови. Со помош на размер определуваат колку изнесува растојанието во природата меѓу Скопје и Струмица спрема истото растојание измерено на карта. Секој пар или група презентира за добиениот резултат.

## ГЕОГРАФСКА ШИРИНА И ГЕОГРАФСКА ДОЛЖИНА

Географската мрежа од напоредници и меридијани во природата не постои. Таа е нацртана на глобусот и на географската карта за да може полесно да се определи положбата на некое место на Земјата. Тоа најлесно ќе се определи ако се најде неговата географска ширина и географска должина.

**Географска ширина** на некое место се определува во однос на екваторот. Таа може да биде северна или јужна. Местата кои се наоѓаат на север од екваторот имаат **северна географска ширина (СГШ)**, а местата кои се наоѓаат на југ од екваторот имаат **јужна географска ширина (ЈГШ)**. Географската ширина се изразува во степени и минути (како што се мерат аглите), а се мери од 0° до 90° на северната и од 0° до 90° на јужната полутопка.

**Географска должина** на некое место се определува во однос на **Гриничкиот меридијан**. Таа може да биде источна или западна. Сите места кои се наоѓаат на исток од Гриничкиот меридијан имаат **источна географска должина (ИГД)**, а местата кои се наоѓаат на запад од Гриничкиот меридијан имаат **западна географска должина (ЗГД)**. Географската должина се изразува во степени и минути, а се мери од 0  до 180 степени на источната и од 0 до 180 степени на западната полутопка.



**Прашања за дискусија**

1. Каква може да биде географската ширина?

2. Што е географска должина?

3. Со што се мери географската ширина?

4. Според што се определува географската ширина?

**Активности**

1. Самостојно, на географската карта на Република Северна Македонија, во размер 1 : 600 000, определете ги географската ширина и географската должина на Република Северна Македонија, односно на кои степени географска ширина се наоѓа таа.

2. Самостојно, на географската карта на Република Северна Македонија, во размер 1 : 600 000, определете ја географската должина на Република Северна Македонија, односно на кои степени географска должина се наоѓа таа.

## ОРИЕНТАЦИЈА ВО ПРОСТОР

Под поимот ориентација се подразбира сознание за местоположбата на која се наоѓаме во одреден момент во просторот. Географската ориентација се состои од одредување и покажување на страните на светот на земјиштето. Страните на светот најточно се одредуваат со **компас**.

Тој се состои од кутија на која со букви се означени меѓународните скратеници на главните и на споредните страни на светот: **N – север, S – југ, E – исток и W – запад**. Во средина се наоѓа магнетна игла, која лесно се движи кога компасот е во хоризонтална положба. Едната половина од иглата е обоена со сина боја и ја покажува северната страна, а другата половина на иглата покажува југ. За точно одредување на страните на светот, во близина на компасот не треба да има метални предмети бидејќи тие ја привлекуваат магнетната игла на компасот.




Компас

Ноќе, при ведро небо, најдобар показател при ориентацијата во просторот е ѕвездата **Северница**. Таа се наоѓа над Северниот Пол и го покажува правецот север. Северницата е најсјајна ѕвезда и се наоѓа во соѕвездието **Мала Мечка** или Мала Кола. Ова соѕвездие можеме да го пронајдеме со помош на соѕвездието Голема Мечка или Голема Кола.

Овие сосведија има седум ѕвезди, кои се со сличен распоред. Кога ќе го најдеме соѕвездието Голема Мечка или Голема Кола, растојанието меѓу неговите две последни ѕвезди, кои се поставени вертикално една над друга, се продолжува во ист правец за пет пати. На тоа место се наоѓа ѕвездата Северница, која е на крајот во низата од пет ѕвезди во соѕвездието Мала Мечка. Од другите ѕвезди, Северницата се разликува по сјајот и светлината.




**Ѕвезда Северница**

Во шума, можеме да се ориентираме според **мовта** и според **годовите** (прстените) на дрвјата. Мовта секогаш расте на северната страна на дрвјата бидејќи оваа страна не ја грее сонцето. Годовите (прстените) на дрвјата, на јужната страна на пресечените дрвја се поширoки едни од други, а на северната се збиени.



Мов на дрвја



Годови

Во просторот можеме да се ориентираме и со помош на религиозни објекти (цркви, џамии и сл.). Кај православните цркви, влезот е на западната страна, додека кај муслиманските религиозни објекти (џамиите), влезот е на северната страна.

Кај христијанските гробишта, обележјето (крстот или споменикот) е на западната страна, додека кај муслиманските гробишта се наоѓа на јужната страна.

**Прашања за дискусија**

1. Опиши го компасот!

2. Наброј ги главните страни на светот!

3. Како се ориентираме во природата?

4. Во кое соѕвездие се наоѓа ѕвездата Северница?

**Активности**

1. Поделени во групи, истражувајте за ориентацијата на земјиштето без географска карта и за ориентацијата на земјиштето со географска карта. Секоја група го презентира своето истражување пред другите ученици. Секој ученик, во училница или во природа демонстрира географска ориентација со помош на компас.

Преку презентација, наставникот ја објаснува ориентацијата во природата со помош на годовите и мовта на дрвјата.

## ЧАСОВНИ ЗОНИ

Основни мерки за сметање на времето се: **ден**, **недела** (седмица), **месец** и **година**. Ден е времето за кое Земјата еднаш ќе се заврти околу својата замислена оска. Денот има 24 часа. Недела е време од седум дена, колку една промена на Месечевата мена. Година е времето за кое Земјата ќе го обиколи Сонцето. Времето може да биде **месно** (локално), **зонско** и **светско**.

Секое место на Земјината површина има **месно** (локално) време. Кога Сонцето ќе ја достигне најголемата височина на небото во местото на набљудување, тоа минува низ меридијанот на точката на набљудувачот. Тогаш, според локално време, е пладне, односно 12 часот. Во сите точки што лежат источно од точката на набљудувачот, пладнето веќе поминало, а во точките кои лежат западно од набљудувачот, пладнето уште не е стигнато. Сите точки по должината на еден меридијан имаат исто месно, односно локално време. Знаеме дека на Земјата може да се повлечат безброј меридијани, но така не е практично сите места (села и градови) да имаат свое месно (локално) време, бидејќи тоа би предизвикало проблеми во сообраќајот, работното време и во сите други активности на луѓето.

Поради сето ова, се користи зонско време. **Зонското време** претставува локално време на средниот меридијан на соодветната временска (часовна) зона. Земјата се завртува околу својата оска (Земјина ротација) за 24 часа, а тоа значи дека секоја точка на Земјината површина за тоа време прави круг од 360°. Ако аголот од 360° го поделиме на 24 часа, ќе произлезе дека секоја точка за еден час изминува по 15° (360 : 24 = 15). Поради тоа, Земјата е поделена на 24 часовни зони, а секоја часовна зона опфаќа по 15 степени. За определување на часовните зони се поаѓа од почетниот гринички меридијан. Зоната $7^{o}30'$ источно и $7^{o}30'$ западно од гриничкиот меридијан е наречена прва или западноевропска часовна зона. До неа, како втора, е зоната од $7^{o}30'$ до $22^{o}30'$ источно географска должина и е наречена средноевропска часовна зона каде што припаѓа и Република Северна Македонија итн. Ако територијата на некоја држава се протега преку две часовни зони, се зема онаа часовна зона што зафаќа поголем дел од државата. Поради тоа, и границите на часовните зони не одат строго по меридијаните, туку по границите на државите.

Во врска со зонското време е и светското време. Под **светско време** се подразбира локалното време на гриничкиот меридијан. Според светското време, 12 часот е тогаш кога Сонцето преминува низ гриничкиот меридијан. На Земјата, денот почнува кога по светско време е 0 часот, 0 минути и 0 секунди. Тогаш, во Гринич е полноќ. Во исто време, на 180-тиот меридијан е пладне, но со датум кој е за еден ден понапред од Гринич. Затоа, таквата линија се нарекува **датумска граница** и се наоѓа на 180° географска должина.




**Прашања за дискусија**

1. Кои се основни временски мерки?

2. Што е месно или локално време?

3. Кои места имаат исто месно или локално време?

4. На колку часовни зони е поделена Земјата?

**Активности**

Поделени во групи, со помош на географска карта, определете го зонското време на градовите: Скопје, Лос Анџелес и Токио, кои се наоѓаат во различна часовна зона. Секоја група подготвува куса презентација. На крај, сите заедно водете дискусија за распоредот на часовните зони. Потоа, самостојно напишете краток текст со наслов: „Моето замислено патување во различни часовни зони“. Текстовите ќе ги читате пред останатите ученици.

# ТЕМА 4: ГЕОГРАФИЈА НА МЕДИТЕРАНСКИТЕ ЗЕМЈИ

## ГЕОГРАФСКА ПОЛОЖБА И РЕГИОНАЛЕН ПРЕГЛЕД НА МЕДИТЕРАНСКИТЕ ЗЕМЈИ

**Медитеранот** е регион кој ги опфаќа државите кои излегуваат или се во непосредна близина на **Средоземното Море** и на неговите **рабни мориња.** Тоа се државите од Јужна Европа, Северна Африка и Југозападна Азија. Средоземјето има поволна географска положба, бидејќи се наоѓа меѓу три континента: Европа, Африка и Азија. Преку Средоземното Море минуваат најкратките водни патишта кои ги поврзуваат овие континенти.

Држави со излез на **Средоземното Море** се: Алжир (Алжир), Тунис (Тунис), Мароко (Рабат), Либија (Триполи), Египет (Каиро), Кипар (Никозија), Либан (Бејрут), Сирија (Дамаск), Турција (Анкара), Израел (Ерусалим), Малта (Ла Валета), Монако (Монако), Франција (Париз), Шпанија (Мадрид), Грција (Атина) и Италија (Рим).



**Карта на Медитеранот**

Држави кои **преку Јадранското Море** излегуваат на Средоземното Море се: Босна и Херцеговина (Сараево), Словенија (Љубљана), Хрватска (Загреб), Црна Гора (Подгорица).

Држава која **преку Јонското Море** излегува на Средоземното Море е Албанија (Тирана).

Држави кои **преку Црното Море** излегуваат на Средоземното Море се: Бугарија (Софија), Грузија (Тбилиси), Романија (Букурешт), Русија (Москва) и Украина (Киев). Рабните мориња се наоѓаат покрај некој континент. Средоземното Море се разгранува во повеќе рабни мориња, и тоа: Лигуриско, Тиренско, Јонско, Јадранско, Егејско, Мраморно, Црно и Азовско Море.

Медитеранот одиграл централна улога во историјата на западната цивилизација. Тој е населен пред многу илјади години. Тука се формирале најстарите држави, како: Стар Египет, градовите држави Атина и Спарта, Античка Македонија, Фојникија, Римската Империја и други и се развиле најстарите култури, на пример, критско-микенската. Остатоци од тоа време се бројните културно-историски споменици, кои ги има речиси во сите медитерански земји.

**Прашања за дискусија**

1. Кои држави ги опфаќа Медитеранот?

2. Наброј ги државите кои преку Јадранското Море излегуваат на Средоземното Море и неговите рабни мориња!

3. На кои рабни мориња се разгранува Средоземното Море?

4. Кои држави се формирале на Медитеранот во минатото?

**Активности**

Поделете се во мали групи/парови. Користејќи интернет и илустриран материјал, истражувајте за тоа кои држави припаѓаат во групата медитерански земји, на кои континенти се наоѓаат, каква е нивната географска положба и кои се нивни главни градови. Секоја група нека подготви куса презентација, која ќе ја претстави пред другите групи. На крај, сите заедно водете дискусија и дојдете до заклучок за поволната географска положба на овие држави.

**Активност за дома**

Во нема карта, внесете ги имињата на рабните мориња на Средоземното Море!

## ПРИРОДНО-ГЕОГРАФСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА МЕДИТЕРАНСКИТЕ ЗЕМЈИ

Најзначајни природно-географски карактеристики на Медитеранот се: **релјефот, климата, хидрографијата, бреговата разгранетост, растителниот и животинскиот свет.** Релјефот во земјите на Медитеранот е разновиден, претставен со низини, планини и пустини.

Најпознати низини се: Панонската Низина, во средниот тек на реката Дунав, на територијата на Унгарија, Романија, Србија и Хрватска; Влашката Низина, во долниот тек на реката Дунав, на територијата на Романија; Ломбардиската Низина, во долината на реката По во Италија, Андалузија и Арагонија во Шпанија.



**Низина**

Најпознати планини во медитеранските земји се: **Пиринеите**, на Пиринејскиот Полуостров, на територијата на Шпанија и Франција; **Апенините**, на Апенинскиот Полуостров, на територијата на Италија; **Алпите**, кои се протегаат од Австрија и Словенија на исток, преку Италија, Швајцарија, Лихтенштајн и Германија, до Франција на запад; **Динаридите**, на Балканскиот Полуостров, на територијата на Хрватска и Босна и Херцеговина; планината Атлас, во Африка, на територијата на Мароко, Алжир и Тунис; Тавор на територијата на Израел.



**Апенини**

Особена карактеристика на релјефот се **пустините**. Посебно се издвојува пустината **Сахара**, најголемата пустина во светот, распространета на териториите на Мавританија, Мароко, Алжир, Тунис, Либија, Египет, Судан, Чад, Нигер и Мали; потоа Либиската Пустина, на територијата на Либија и Сириската Пустина, на територијата на Сирија.



**Пустина Сахара**



**Оаза**

Медитеранот како регион се протега во умерениот појас. Климата на Средоземното Море е условена од географската положба, од морските пространства, од африканскиот и од евроазискиот континент, како и од близината на Атлантикот. Таа е средоземноморска,

со благи и врнежливи зими и топли и суви лета. Снегот паѓа многу ретко и не се задржува подолго од неколку часа.

Во однос на хидрографската мрежа, Средоземното Море ги опфаќа реките кои се влеваат директно во него и во неговите рабни морињa. Средоземното Море се разгранува во повеќе рабни мориња, и тоа: Тиренско, Јонско, Јадранско, Егејско, Мраморно, Лигурско, Црно и Азовско Море.





**Хидрографија**

Најголеми реки кои директно се влеваат во Средоземното Море се: Ебро, Рона и Нил.

Во Црното Море се влеваат реките: Дунав, Дњепар и Дњестар, а во Азовското Море се влева реката Дон.

Средоземното Море има мошне голема брегова разгранетост, со голем број острови, полуострови, заливи и протоци. Од островите, најголеми се: Сицилија и Сардинија, кои припаѓаат на Италија; Корзика, кој припаѓа на Франција; островот Крит, кој припаѓа на Грција и Балеарските Острови, кои припаѓаат на Шпанија.

На брегот на Средоземното Море се наоѓаат трите големи полуострови: Пиринејскиот Полуостров, Балканскиот Полуостров, Апенинскиот Полуостров, како и: Мала Азија, полуостровот Тунис и полуостровот Барка. Од заливите, најпознати се: Лионскиот, Џеновскиот, Солунскиот, Анталискиот и заливот Сидра. Најзначајни протоци се: Гибралтарскиот Проток, со кој Пиринејскиот Полуостров е одделен од Африка; протоците Дарданели и Босфор, преку кои Балканскиот Полуостров е одделен од Азија; Керчанска Врата, која ги поврзува Црното и Азовското Море и Суецкиот Канал, кој ги поврзува Средоземното и Црвеното Море.

Поради средоземноморската клима, има поволни услови за раноградинарско производство и за одгледување јужно овошје: лимони, портокали, мандарини, маслинки,

смокви, калинки, како и за одгледување винова лоза, која во овој регион е засадена на големи површини.



**Јужно овошје**

Од животинските видови, карактеристични за Медитеранот се: волкот, лисицата, мечката, дивата свиња, верверицата, различни видови на влекачи, птици и др.

**Прашања за дискусија**

1. Кои се најпознатите низини во медитеранските земји?

2. Наброј ги најголемите острови во Средоземното Море!

3. Наброј ги најголемите полуострови во Средоземното Море!

4. Кои реки се влеваат во Средоземното Море?

**Активности**

1. Поделени во мали групи/парови, користејќи интернет и илустриран материјал, истражувајте за топлинските појаси во кои се протега медитеранскиот регион, климатските типови, најкарактеристичните релјефни целини во овој регион (низини и планини) и кои се најзначајни претставници на растителниот и животинскиот свет на овој регион. Секоја група подготвува куса презентација, која ќе ја претстави пред другите групи и ќе ги покажува на географска карта најголемите низини и планини во овој регион.

2. Следете ја визуелната презентација преку која ќе се запознаете со одредени карактеристики на Средоземното Море. Потоа, поделени во мали групи/парови,

користејќи интернет и илустриран материјал, истражувајте за рабните мориња на Средоземното море, за поголемите реки кои се влеваат во него и низ кои држави поминуваат. Секоја група подготвува куса презентација, која ќе ја претстави пред другите групи и ќе покажува на географска карта.

3. Поделени во мали групи/парови, користејќи интернет и илустриран материјал, истражувајте за современите медитерански држави што се протегаат на териториите на старите цивилизации. Секоја група подготвува табеларен преглед во кој ќе бидат наведени: името на конкретна стара цивилизација, континентот на кој се протегала, името на денешните современи држави каде што се протегала.

4. Поделени во мали групи/парови, користејќи интернет и илустриран материјал, истражувајте за поголемите острови (на кои држави припаѓаат), полуострови (кои држави се наоѓаат на нив), заливи и протоци (кои морињa ги поврзуваат), кои се наоѓаат во Средоземното море. Секоја група подготвува табеларен преглед, кој ќе го претстави пред другите групи и ќе покажува на географска карта. 5. Поделени во мали групи/парови, изработете постер со текст и фотографии на типични претставници на растителниот и животинскиот свет на медитеранскиот регион. Преку дискусија, опишете ја нивната распространетост и објаснете го нивното значење за регионот.

## СОЦИО-ГЕОГРАФСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА МЕДИТЕРАНСКИТЕ ЗЕМЈИ

Медитеранот е доста населен регион. Вкупниот број на население изнесува повеќе од 500 милиони. Медитеранските земји се одликуваат со голема разновидност во јазикот, верата и другите културни вредности, како што се: храната, архитектурата и музиката.

Најголеми градови во Средоземјето се: Рим, Париз, Мадрид, Атина и др. На бреговите на Средоземното Море се развиле и бројни пристанишни градови, како што се: Барселона, Марсеј, Рим, Неапол, Атина, Истанбул, Измир, Бејрут, Тел Авив, Алжир, Тунис, Триполи, Александрија и др.



**Париз** **Рим**

Јазичниот мозаик во медитеранските земји го сочинуваат: арапскиот, турскиот, хебрејскиот јазик, како и јазиците од словенската и романската група јазици. Во однос на верската исповед, застапени се: христијанската религија, исламот и јудизмот, со центар во Ерусалим.

Кога станува збор за медитеранскиот начин на исхрана, историски гледано луѓето од овој регион на трпезата го имале она што земјата имала најмногу да им го понуди – многу свежа храна (овошје и зеленчук), житарици итн. Едни од најглавните и најчестите јадења на медитеранската кујна се: италијанската пица, турското ѓомлезе, баклавата и др.

  

**Дел од медитеранската кујна**

Овие земји се карактеризираат и со разновидни архитектонски градби со светско значење. Посебно се истакнуваат: Севилската катедрала во Севилја (Шпанија), најголема во светот, Музејот Лувр и Ајфеловата кула во Париз (Франција), Колосеумот во Рим (Италија), пирамидите во Гиза (Египет), Акрополот во Атина (Грција) и други.

Медитеранските земји имаат богата музичка традиција, како дел од културното наследство. Во овие земји може да се најдат различни стилови на музика, како што се: фламенко во Шпанија, традиционалната грчка и турска музика, како и италијанската опера.

**Прашања за дискусија**

1. Колку изнесува бројот на население во медитеранските земји?

2. Кои јазици се карактеристични за овој регион?

3. Кои се најзначајните архитектонски градби?

4. Од кои причини се развиле пристанишни градови на бреговите на Средоземното Море?

**Активности**

1. Поделени во парови, користејќи интернет и илустриран материјал, истражувајте за бројот на население во државите од медитеранскиот регион. Секоја група подготвува табеларен преглед со вкупен број на население во државата, густина на населеност, која религија е застапена и најголем град според бројот на население. Секоја група подготвува куса презентација, која ќе ја претстави пред другите групи. На крај, дискутирајте и извлечете заклучоци за карактеристиките на медитеранскиот регион.

**Проектна активност:** *Разновидностите на медитеранот*. Поделете се во три групи. Секоја група нека истражува за две земји. Првата група нека истражува за Италија и Турција, втората група нека истражува за Грција и Египет, а третата за Израел и Мароко. Групите нека истражуваат на интернет за јазикот, религијата, храната, музиката и архитектурата на „своите“ земји и нека подготват мултимедијална презентација (со слики, карти, видеоматеријал/аудиоматеријал, текст). Секоја група нека ги презентира „своите“

земји пред целата паралелка. На крај, преку заедничка дискусија, споредете ги сите шест земји (откријте ги сличностите и разликите), прикажете ги во резимирана форма на табла и изведете заклучок за разновидноста на медитеранскиот регион.



**Фламенко**



**Сиртаки**

## СТОПАНСКО-ГЕОГРАФСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА МЕДИТЕРАНСКИТЕ ЗЕМЈИ

Стопанството во земјите на Медитеранот се потпира на: земјоделството, индустријата, трговијата и туризмот. Поволните климатски и почвени услови овозможуваат развој на земјоделството. Од земјоделските култури, најмногу се одгледува: пченица, пченка, јачмен, ориз, грозје, јужно овошје (лимони, портокали, маслинки).

Индустријата е важна стопанска гранка во овие земји. Најразвиени индустриски гранки се: текстилната, прехранбената, машинската, металната, хемиската, бродоградбената и др. Најголеми индустриски центри се: Милано, Торино, Александрија, Мадрид, Барселона, Тел Авив, Алжир, Атина, Париз, Нант, Марсеј итн.



**Пристаниште со бродоградилиште**

Трговијата е значајна стопанска дејност која се занимава со купување и продавање стока. Во меѓународната трговија медитеранските земји извезуваат: земјоделски производи, јужно овошје, грозје, вино, машини итн.

Средоземноморскиот крајбрежен појас претставува значаен туристички регион, со поволна клима, топла морска вода, хотели, современи патишта и бројни културно-историски споменици. Најпознати туристички места во овој регион се: Коста Брава, Палма де Мајорка, Ибица, Ница, Кан, Александрија и друго.



**Туристички регион**

**Прашања за дискусија**

1. Кои се најзастапените стопански дејности во медитеранскиот регион?
2. Кои се најразвиени индустриски гранки во медитеранските земји?
3. Наброј ги најголемите индустриски центри во медитеранските земји!
4. Наброј ги најпознатите туристички места на средоземноморскиот брег!

**Активности**

1. Поделени во мали групи/парови, користејќи интернет и илустриран материјал, истражувајте за стопанските дејности кои се најмногу развиени во државите од медитеранскиот регион. Секоја група подготвува куса презентација, која ќе ја претстави пред другите групи. На крај, преку дискусија, извлечете заклучок за тоа која стопанска дејност е најзастапена во овие земји.

2. Следете визуелна презентација преку која ќе се запознаете со најголемите пристаништа и најатрактивните туристички дестинации во медитеранскиот регион. Потоа дискутирајте за нивното значење за економскиот  развој на државата во која се наоѓаат.

3. Поделете се во четири групи и глумете туристичка агенција. Подгответе рекламен материјал (во вид на брошура) за посета на туристички места од медитеранскиот регион. Во рекламниот материјал треба да препорачате туристичка тура за посета на сите медитерански земји од даден континент, при што ќе ја наведете земјата, јазикот што се зборува, валутата што се користи, главниот град, позначајните културни знаменитости, традиционалната храна и климата. Првата група работи на медитеранските земји од Африка, втората група работи на медитеранските земји од Азија, третата група работи на медитеранските земји од Европа, кои излегуваат на Јадранското и Јонското Море, а четвртата група работи на останатите земји од Европа, кои имаат директен излез на Средоземното Море. Брошурите треба да содржат текст и илустрации. На крај, споделете ги брошурите и изберете што најмногу би сакале да посетите кога би биле туристи.

4. Поделете се во мали групи/парови и пополнете неми карти за медитеранскиот регион по насока на наставникот (реки, планини, градови).

# ТЕМА 5: ДЕМОКРАТИЈА И ЗАКОНИ

## ДЕМОКРАТИЈА И ДЕМОКРАТСКО УРЕДУВАЊЕ

### Што е демократија?

Почетоците на **демократијата** и демократското уредување ги наоѓаме во античкиот град држава (полис) **Атина.** Зборот демократија прв го **употребил Херодот во V век** од ст. ера. Зборот демократија произлегува од зборовите **демос** – народ и **кратеин** – владеење, што значи владеење на народот.

**Во атинската демократија**, правото да управуваат со државата им припаѓало на мажите – слободни граѓани. Но, од севкупното население во Атина, само околу **30 до 40 000** луѓе ги уживале сите права. Главно тело кое ги носело одлуките било **Собранието.** Ваквиот начин на управување и носење одлуки имал свои предности, но и слабости. Предноста била во тоа што поголем број луѓе биле вклучени во донесувањето одлуки, а слабоста била во тоа тешко се носеле одлуки врз основа на дискусиите на големиот број луѓе, како и тоа што жените, странците и робовите немале право да учествуваат во носењето одлуки.



**Атинско собрание**

### Претставничка и непосредна демократија

Денес, најголем број држави во светот се декларираат дека се демократски. Модерната демократија подразбира дека народот на државата е составен од слободни и еднакви граѓани, без разлика на нивната етничка, верска, политичка, социјална или друга припадност и се потпира на **владеење на правото**, **поделба на власта, слободни и фер избори** и избрани носители на јавни функции, **слобода на мислење и организирање.**

Во современите демократии, за најважните прашања граѓаните одлучуваат на два начина – преку **претставничка демократија** и преку **непосредна демократија**. Претставничка демократија значи дека граѓаните власта ја остваруваат преку избрани претставници во собранието, во општините и преку избран претседател на државата и други претставници, во согласност со уставите на државите.

Непосредна демократија имаме тогаш кога граѓаните со право на глас директно учествуваат во донесување на одлуките. Одлуките може да се носат на национално или на локално ниво. Кога се носат на национално ниво, важат за цела држава, а кога се носат на локално ниво, важат само за територијата за која е донесена одлуката.



ГЛАСАЧКО ЛИВЧЕ

за претходно изјаснување на граѓаните на референдумот што ќе се одржи на 8 септември 1991 година

Дали сте за суверена и самостојна држава Македонија со право да стапи во иден Сојуз на суверените држави на Југославија?

"ЗА" "ПРОТИВ"

**Референдум, 8 септември 1991**

Еден од начините за изјаснување на граѓаните за некое прашање е организирањето **референдум**. Пример за организирање референдум е прогласувањето на независноста на нашата држава и напуштање на југословенската федерација во 1991 година**.**

Вториот начин на непосредна демократија е **граѓанската иницијатива**, преку која граѓаните може да поднесат предлози за одредени прашања**.**

**Претседателска и парламентарна демократија**

**Претседателска демократија** имаме тогаш кога извршната власт е во рацете на поединец, кој е избран на непосредни избори од граѓаните со право на глас. Поединецот има определен временски мандат. Ваквиот систем е карактеристичен, на пример, за САД, за некои држави на Средна и Јужна Америка итн.



**Томас Џеферсон**

**Парламентарната демократија** го добила името според телото кое го претставува народот – **парламентот.** Овој вид демократија се појавил во Велика Британија. Карактеристиките на овој вид демократија се: изборот на членовите на парламентот, пратениците, го прават граѓаните на избори; во парламентот се расправа и се носат најважните одлуки за државата, владата се избира во парламентот и таа е одговорна пред парламентот; владата или членови на владата (министри) може и да бидат разрешени во парламентот. Во Собранието (Парламентот), се одобруваат меѓународни договори,и врши други работи утврдени со закон.



**Собрание**

**Демократски избори**

**Демократските избори** се карактеристика на современите демократии. Со изборите, кои се организираат на одреден временски период, граѓаните одлучуваат кој ќе биде нивниот претставник (или претставници) во власта. Со изборите се обезбедува легитимитет за извршување на функциите, се бираат претставниците во собранието, советите на општините, се бира претседател на државата или градоначалник на општината и се обезбедува одговорност на избраните политичари. Изборите треба да бидат **тајни, фер и непосредни.**



**Демократски избори**

**Прашања за дискусија**

1. **Објасни што претставува демократијата и каде се појавила.**
2. **Какви видови демократии познаваш?**
3. **Која е разликата помеѓу непосредната и претставничката демократија?**
4. **Објасни што се тоа демократски избори.**

**Активности**

Во отворена дискусија, учениците кажуваат што подразбираат под поимот демократија и зошто демократијата е важна за општеството. Поделени во групи, наведуваат примери за тоа кога во нивното училишта, а кога во државата се применува директна, а кога претставничка демократија. По презентирањето на своите примери, отворете дискусија за разликата во функционирањето на непосредната и претставничката демократија.

Наставникот организира дебата на тема „Претседателска и парламентарна демократија“. Аргументирајте за предностите на претседателската и на парламентарната демократија. На крајот, се резимираат разликите меѓу двата вида демократии.

Учениците следат презентација во која се опишани чекорите во процесот на спроведување демократски избори за избор на претседател. Потоа, поделени во групи, опишуваат како тој процес, чекор по чекор, би требало да се примени при избор на претседател на одделенска заедница.

## ПОДЕЛБА НА ВЛАСТА

**Уставот** е највисокиот законски акт во државата. Тој го определува карактерот на државата. Врз основа на уставот, се носат **законите** во државата. Една од карактеристиките во демократските држави е поделбата на власта на законодавна, извршна и судска власт. Со поделбата на власта се овозможува меѓусебна контрола на власта.




Во собрание (парламент) се носат законите, а таму и се менуваат, се бира владата, но и се разрешува, се носи буџетот на државата, се склучуваат договори со други држави, се усвојуваат различни одлуки, декларации.

Со Собранието раководи претседател, кој има заменици. Собранието го сочинуваат пратеници. Бројот на пратеници во парламентите е различен и е регулиран со уставот и со законите на државите. Мандатот на пратениците е временски ограничен, со право повторно да бидат избрани. На пример, македонското Собрание има 120 пратеници, со мандат од 4 години. Изборите на кои се бираат пратениците се викаат парламентарни избори.



**Зградата на Собранието**

Извршната власт ја сочинуваат **Претседателот на државата и Владата**. Претседателот на државата се бира на претседателски избори. Мандатот на претседателот е временски ограничен и е со различен степен на моќ. Во некои држави, претседателот има поголеми надлежности и овој систем се нарекува претседателски систем. Во нашата држава, претседателот на државата е врховен командант на АРМ. Тој ја претставува државата во странство и дома, ги потпишува законите усвоени во парламентот и извршува други задачи во согласност со Уставот на државата.

Владата ја раководи **премиер**, а составена е од министри кои раководат со соодветни министерства, како на пример: за образование, за култура, за финансии, за внатрешни работи, за надворешни работи итн. Владата ја претставува извршната власт. Таа се бира во парламентот, а таму и се разрешува. Мандатот на владата е временски ограничен. Владата најчесто ги подготвува законите, ги доставува на усвојување до собранието и ги спроведува во пракса. Таа има и други надлежности, во согласност со уставот на државата.




Судската власт ја остварува улогата да пресудува врз основа на судир меѓу граѓаните или спор меѓу граѓаните и државата и нејзините институции. Во својата работа, судовите треба да бидат непристрасни и да носат пресуди во согласност со законите во државата. Секој е невин сè додека не се докаже нечија вина. Судската власт е поделена на основни, апелациони судови и врховен суд.



**При носење одлуки правдата е слепа**

**Корупција** е остварување на нечија цел на нечесен начин, најчесто со поткуп. Корупцијата е штетна појава во општеството. Потребно е постојано да се дејствува за да биде што помалку изразена во секојдневниот живот.



**Корупцијата е општествено штетна појава**

**Прашања за размислување**

1. Зошто во демократските општества власта е поделена?
2. Која е разликата помеѓу законодавната, извршната и судската власт?

**Активности**

Учениците, поделени во парови, добиваат сет од листови. На секој лист е напишана по една од следните големи букви: З (за законодавна), И (за извршна) и С (за судска). Наставникот чита реченици во кои се наведени одделни институции, кои се носители на законодавната, извршната и судската власт и одделни нивни надлежности/функции. По секоја прочитана реченица, паровите го креваат листот со буквата што мислат дека се однесува на реченицата и откако ќе го слушнат точниот одговор, заеднички констатираат колку од нив одговориле точно. На крај, се води дискусија во која учениците даваат примери за функционирање на законодавната, извршната и судската власт.

**Улогата на законите од антиката до денес**

Историјата е богата со искуства за начинот на владеење. Во делата на многу реформатори и филозофи од антиката се истакнува приврзаноста кон владеењето на законите, правичноста и праведноста.

Но, во државните организации секогаш не владееле законите. Познато е дека во државите во античкиот период власта припаѓала на владетелот и на неговите најблиски соработници. Но, исто така е познато дека некои владетели, со цел да воведат ред во државата, прибегнувале кон создавање закони.

Со Реформите на Солон, Клистен и Перикле, во градот држава Атина се предвидени прописи во областите, како што се: политиката, религијата, јавниот и приватниот живот.



**Солон**

Иако Римјаните се угледале на грчките градови при донесувањето на Законот на 12 таблици, тие во областа на правото далеку ги надминале Старите Грци со создавање голем број институции кои го спроведувале правото. Римјаните инсистирале на владеење на правото и во времињата на големи кризи, па и по промената на политичкото уредување.



**Римско право**

На владеење на правото инсистирал и познатиот римски говорник Кикерон, како и императорот Октавијан Август. Познати се зборовите на императорот Јустинијан I, кој рекол: „Императорот мора да биде наоружан како со оружје така и со закони.“




**Јустинијан I**

**Активности**

Учениците, поделени во три групи, истражуваат за реформите во законодавствата на Атина, Рим и Источното Римско Царство (Византија), зошто биле донесени и какви промени настанале во државите. Извлекуваат заклучоци за улогата на законите од антиката до денес и ја нагласуваат потребата од владеење на правото и обезбедување правна држава во современи услови.

## ВЛАДЕЕЊЕ НА ПРАВОТО

Владеењето на правото претставува врвен приоритет на секоја современа држава. Затоа, кога се зборува за правото, велиме дека правото претставува збир од правила и норми на однесување, кои се пропишани од државата. Со нив се регулираат односите меѓу луѓето, луѓето и државата и нејзините институции, како и односите меѓу луѓето и различни организации. За регулирање на меѓусебните односи на државите, постои и меѓународно право. На ваков начин се обезбедува еднаков третман на сите членови на заедницата, но и казни за прекршителите.

Владеењето на правото во современа смисла се заснова врз бројни принципи, како на пример: легитимност на власта, поделба на власта, независно судство, уставни гаранции на човековите слободи и права, правна сигурност на човекот и граѓанинот, еднаквост пред законите, одговорност пред законот, праведен и непристрасен правен систем, достапност до правда и транспарентност. Цел на секоја правна држава е ефикасна заштита на слободите, правата и достоинството на човекот и граѓанинот. Во правната држава, граѓаните поседуваат и ги практикуваат граѓанските права и имаат судска заштита.

**Независноста на судството** подразбира постапка еднаква за сите,со која се овозможува решавање конкретен спор, во согласност со Уставот, законите и прописите кои се донесени. Судство кое не е под влијание на политички партии и различни центри на моќ а судиите решаваат и носат одлуки согласно законите во државата.



**Симбол на законот и правдата**

**Еднаквост пред законот**. Сите луѓе се родени еднакви и слободни во уживање на правата, без разлика на нивната полова, расна, верска, социјална, политичка и друг вид определба.

**Одговорност пред законите** подразбира дека треба да се почитуваат законите.

**Праведен и непристрасен правен систем.** Правото и правдата мора да бидат достапни на секој граѓанин и да важат неселективно и подеднакво за сите.

**Достапност до правда и транспарентност.** Достапноста до правда и транспарентност подразбира можност граѓаните да имаат слободен пристап до судските и другите институции на системот заради остварување на нивните права, постапување по нивните претставки и решавање на споровите, во согласност со општоприфатените меѓународни стандарди за човековите права.

**Активности**

1. Преку **Бура на идеи**, посочете ги правилата што обезбедуваат функционирање на училиштето. Групирајте ги на правила за организација на наставата, за однесување на учениците, за однесување на наставниците итн.

Дискутирајте: Како би функционирало училиштето доколку не постојат правилата? Како би се однесувале учениците, а како наставниците?

2. Поделени во групи, влечете по едно ливче од вкупно 5 на кои се напишани елементи на владеење на правото: 1) еднаквост пред законите, 2) одговорност пред законот, 3) праведен и непристрасен правен систем, 4) достапност до правда и 5) транспарентност. Учениците истражуваат за „својот“ елемент за владеење на правото, дискутираат и го објаснуваат преку примери.

Транспарентност

Отчетност

## ПРИНЦИПИ НА ДОБРО ВЛАДЕЕЊЕ

Политиките за добро владеење имаат за цел да ја зголемат довербата на граѓаните во функционирањето на јавните институции, владата со своите министерства, собранието, општините, судовите, преку подобрување на транспарентноста и отчетноста. Доброто владеење е клучно за владеење на правото.

Но, како до добро владеење, како до транспарентност и отчетност? На кој начин, со кои средства и со каква цел? Во ерата на информатичката технологија, потребно е сите институции на нивните веб-страници да ги објават информациите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Владата, собранието, судовите, општините, претседателот на државата, имаат обврска сите свои активности за кои се надлежни да ги објавуваат на транспарентен начин за да може јавноста да биде запознаена со работата на институциите.

Пример за добро владеење е кога владата го објавува дневниот ред за работа на седниците, објавува записници, соопштенија, дава отчет за својата работа, односно отчет за работата од нејзина надлежност или пак кога собранието има своја веб-страница, со посебен дел посветен на комуникацијата на пратениците и на претседателот со граѓаните, присуствата и начинот на гласање на пратениците, контактите, биографиите на пратениците итн.




**Пристап до информации**

Судовите треба своите одлуки да ги објавуваат според Законот и прописите за работа на судовите. Исто така, и општините треба да обезбедат слободен пристап до информации, да ги објават информациите и одлуките, кои ги носат советите на општините и градоначалниците во интерес на граѓаните.

Отвореноста претставува клучен услов за демократија, зашто им дозволува на граѓаните да добиваат информации и знаења неопходни за еднакво учество во политичкиот живот, ефективно донесување одлуки и барање одговорност од институциите за политиките што ги спроведуваат. Во светот, институциите преземаат одредени активности со цел да ја зајакнат транспарентноста и одговорноста кон граѓаните преку изготвување етички кодекси и други акти, со кои се подобрува начинот на однесување на избраните претставници на власта.

# Етички кодекс за избраните функционери

**Размисли и одговори**

**Кои институции ги прекршиле, а кои не ги прекршиле принципите на добро владеење?**

| | | |
|---|---|---|
| **Влада** | На веб-страницата на владата беше објавен завршниот извештај за потрошените средства од буџетот за капитални инвестиции од областа на образованието. | **Отчетност** |
| **Собрание** | Кога новинарите побараа информација колку пратеници присуствуваа на седницата на собранието, а колку отсуствуваа, вработените во собранието веќе имаа подготвена информација и истата им беше доставена на новинарите. | **Транспарентност** |
| **Општина** | И покрај тоа што граѓаните побараа од градоначалникот наместо игралиште во нивната околина да се подобри водоснабдувањето, од општината им одговорија дека плановите сѐ уште не се подготвени. | **Одговорност** |
| **Училиште** | Родителот на ученикот Теодор побара неговото дете да биде распоредено во 5 а одделение. Согласност за тоа даде и директорот. Следниот ден родителот на Марина исто така побара неговото дете да се запише во 5 а одделение, но овој пат директорот не се согласи. | **Непристрасност** |

**Активности**

Учениците следат презентација на која се објаснети принципите на добро владеење (**отчетност**, **транспарентност**, **непристрасност** и **одговорност**). Поделени во парови, добиваат работен лист во кој се опишани ситуации во кои различни институции ги почитуваат или ги прекршуваат принципите на добро владеење. Задача е да го идентификуваат принципот на кој се однесува секоја од опишаните ситуации и покрај принципот да напишат дали ситуацијата опишува негово почитување или негово прекршување. Потоа, со помош на наставникот, се проверува точноста на одговорите.

Историја и општество
за VI одделение
за деветгодишно основно образование
(материјали за учење)

Издавач: Биро за развој на образованието

Уредник: Абдулфета Фетаи

Автори:
м-р Борче Миревски
Хари Стојаноски
Марина Ѓорѓиева

Стручна поддршка:
Рајмонда Незири, координатор
Илир Мемеди
Ирена Борисовска
м-р Оливер Станојоски

Лектор: Александар Здравевски

Година на издавање и печатење – 2024

Место на издавање – Скопје

Електронско издание

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

373.3.016:94(035)=163.3

МИРЕВСКИ, Борче
Историја и општество за VI одделение [Електронски извор] : за деветгодишно основно образование : (материјали за учење) / Борче Миревски, Хари Стојаноски, Марина Ѓорѓиева. - Скопје : Биро за развој на образованието, 2024

Начин на пристапување (URL):
https://brogovmk-my.sharepoint.com/:b:/g/personal/bro_macedonia_bro_gov_mk/EWkfBQgWgl9Iqh4NatPZNq0B_cseeto-Vn9jPzcTa1L90Q?e=MasIdD.
- Текст во ПДФ формат, 165 стр., илустр. - Наслов преземен од екранот. - Опис на изворот на ден 23.04.2024

ISBN 978-608-206-194-8

1. Стојаноски, Хари [автор] 2. Ѓорѓиева, Марина [автор]

COBISS.MK-ID 63554821